К. П. МИСИРКОВ

# ЗА МАКЕДОНЦКИТЕ РАБОТИ

1946
ДРЖАВНО КНИГОИЗДАТЕЛСТВО НА МАКЕДОНИЈА

№ 30186

К. П. МИСИРКОВ

# ЗА МАКЕДОНЦКИТЕ РАБОТИ

БИБЛИОТЕКА
„БРАЋА МИЛАДИНОВЦИ"
СКОПЈЕ

1946
ДРЖАВНО КНИГОИЗДАТЕЛСТВО НА МАКЕДОНИЈА



*К. П. МИСИРКОВ*
*1875 — 1926*

## ПРЕДГОВОР

### **Кон II-то издание**

### I

Книгата на Крсте П. Мисирков „За Македонцките работа" издадена од самиот автор во крајот на 1903 год., печатена во Софија - печатница на „Либералниот клуб", требаше да минат 43 години за да ја види македонската општественост.

Вистина каков дар за младите македонски генерации и какво чесно воспоменание на македонскиот историк, публицист, филолог и политик, и това точно на 20-то годишнината од неговата смрт и само неколку дни од 43-годишнината од Илинденската епопеја.

Во крајот на 1903 год. од печатницата на „Либералниот клуб" само по срек'а можеа да излезат некои примерци од оваа ценена книга. Врховистката агентура во Софија, и това лично нејзиниот возглавител Борис Сарафов, брзо разбра за пристигањето на македонскиот општественик и патриот К. П. Мисирков. Врховистите разбраа и за намеренијата на К. П. Мисирков по случај издавањето на книгата и демнеа. Нивните пакосни планови по срек'а наполно не се осаштествија. Оригиналот успеа да годограбат и уништат, откако беа век'е одпечатени извесен број примерци. По тој случај Крсте П. Мисирков беше принуден да ја напушти Бугарија и да замине за Русија, за да остане жив.

Во овој краток предговор ние немаме за задача да го разгледаме исцрпно животот и научната културна и политичка работа на К. П. Мисирков. Това к'е го направат нашите историци, филолози, публицисти и политици. Това е нужно и треба да се направи. Може слободно да се каже дека до денес има сосем малку или скоро нема ништо напишано за тој забележителен патриот од македонската историја. Ние уште немаме направена никаква иследователна работа, која што к'е може сестрано да го објасни времето во кое што тој живееше и

работеше, да направи научен анализ на неговите трудови.

II

Идеите на француското „Просветуење“ од 18 век, кои што после францусската буржоазно-демократска револуција од 1789 год., се разлеја како море по цела Европа, не можеше да ги избегнат поробените Балкански народи. На секаде почна стремеж за национално оформуење и ослободуење. Станаа Србите 1804 год., - Грците 1821 год. Почнаа бунтови и селски востанија како израз на крајно нетрпимото положение. Ослободуењето на Срби, Грци и Романци од турското ропство, ги привлече очите на бугарскиот и македонскиот народ што беа уште под турско ропство.

Во крајот на 18 век и почетокот на 19 век со развивањето на градовите, занатчиството и трговијата, со појавуењето на новата општествена група трговскозанатска, се кладе економска основа на нашето национално возродуење, како општ процес во распаг’ањето на средновековниот феодализам во турската империја и заместуењето му со повисока општествено-екномска форма. Развивањето на градовите, трговијата и занатчиството, отворањето на водените патишта и воведуењето на редовна војска, во турската империја, не можеше да не дејствуе на македонското земјоделско стопанство. Со развивањето на трговијата и занатчиството паричната размена достигна големи размери, која што од своја страна дејствуеше силно за изместуењето на затвореното, натурално, самозадоволително стопанство, со стоково-парично. Отворањето на водените патишта го врза турското царство со западните капиталистички држави. Воведуењето на редовна војска по европски образец во турската империја требаше редовно и сигурно издржуење. Заради това се наложи заместуењето на натуралните даноци кои што не беа сигурни со парични. На спахиите им требеа пари та почнаа да ја делат и продаваат спахијската земја.

Уште во крајот на 17 в. и почетокот на 18 в. со развивањето на градското занатско производство и трговија, почна поткопуењето на корените на средновековниот феодализам-спахилакот. Уште од тогај почна да се трансформира средновековниот феудализам - спахијството, во чифлигџиство, кое што во основата си е пак феудализам но со

навлегле век’е мошне силно стоково-парични односи. Така спахилаците се трансформираа полека од натурални стопанства во стоково-парични. Со навлегуењето на стоково-паричните односи почна и обштественото разделение на трговско-занатска група, чорбации и селани.

Со појавата на новата општествена група трговско-занатска, се кладе економската основа на нашето национално возродуење, паралелно со процесот кај другите балкански народи, како општ процес на распаг’ањето на средновековниот феодализам во турската империја и неговото заместуење со повисока општествено-економска форма. Стремежите на таа општествена група, за економско, културно и политичко ослободуење како и кај другите балкански народи има рана појава и това брзо след укинуењето на Охридската архиепископија од 1767 год. Това се појави и во участието на оделни Македонци во ослободителните борби на своите комшии Срби и Грци, а после и Бугари. Но, не беја уште развиени материалните условија за едно национално движение, а колку беја, не можеја да дадат духовна, нито политички појави, заради духовното ропство на македонската општествена група трговско-занатска, од грцизмот. Тие елементи узреја дури во половината на 19 век кога се истури во отворена културна и духовна борба, за духовно и културно ослободуење, а во крајот на 19 век во организирана политичка борба со определени задачи и цели и со оформени идеи за економско, културно и политичко ослободуење.

На базата на материалното развитие и на социјално-економските измененија што станаа во нашата земја се родија и првите македонски духовни и културни возродители како што се Јоаким Крчовски, Кирил Пејчинович, Теодосија Синајски, Јордан Константинов - Џинот, Партенија Зографски-Нишавски, Брак’а Миладинови, Глигор Прличев, Рајко Жинзифов и други.

Во втората половина на 19 век по Кримската војна 1853 до 1856 год., почнаа да станаут брзи социалноекономски промени во турската империја, што дојдоа како резултат на Кримската војна и трговскиот договор направен од една страна мег'у Англија и Франција и од друга страна Турција од 1861 год. Со тој договор се отворија вратите на турската империја за западноевропските капиталистички земји, се отворија пазарите

на турската империја за западно-европските стоки. Од тие промени во турската империја не остана незасегната Македонија. Почна опадок на занатството и трговијата.Ете како прекрасно ни ги ресуе тие социално-економски измененија во Македонија, македонскиот просветител и возродител Рајко Жинзифов во својот приказ „Прошетба“, обнародуен во сп. „Братски труд“, кн. 1862, Москва, с. 38-58:

„Во села в’ градовете блгарското јуноштество погорозено от грцизм; в' устата му грмеше „кали мера“ и „кали спера“. Но сега се појави друга поразија, ако не по-тежка, но и не по-лека. На место тесниот шајак бечви сја јавиха панталони, сјуртук, палто, фраќо; на место саја сја јави френска дреха, кринолино, капелино и други измдруванија на просвештената Европа. Одвај оживе „Добро утро“ и „Дал Бог добро“ и ке го задавит „Бон жур“ и „Коман: ву порте ву“.

Деветнајсетиј век! Какво чудно времја,
Одвај минит едно, стигват друга бремја . . .

— — — — — — — — — — — — — — — —

До образуењето на самостојателните национални држави Србија и Грција борбата на сите поробени народи на Балканскиот Полуостров беше заедничка против општиот нивни непријател отоманска Турција. Таа борба тогај се водеше на верска основа, борба иа рисјаните против хегемонијата на муслиманското племе Турците, борба на крстот против полумесецот. Но после образуењето на самостојателните национални држави Србија и Грција, работите се изменуат. Господарската класа на тие држави во чии што раце се најде државната власт не пазеше повек’е на борбените традиции, не ги повек’е интересираа соседните народи, македонците и бугарите. Тие борбата на македонскиот и бугарскиот народ почнаа да ја гледат од свој државен интерес. Садбата на македонскиот и бугарскиот народ, кои останаа уште под турското господство, остана и понатака заедничка. Македонците и Бугарите во борбата против општиот непријател одат по еден пат заради нивните заеднички интереси. Заради това во тој период и заедничко им е и духовното и културното возродуење. Тогаш македонското прашање не беше одделено, туку заедничко прашање со бугарското. Македонското прашање стана одделно, после Берлинскиот конгрес, односно после

ослободуењето на Бугарија и нејзиното оформуење во самостојателна национална држава. Така често нашите просветители од тој историски период како што е и Рајко Жинзифов, заради превез на бугарското возродуење, му даваат бугарско име и ако нивното дело носи чисто македонски возродителен национален карактер и содржание.

Тие изменети економски и политички условија во кои се најде турската империја после Кримската војна (1853-56) дадоа голем растеж на македонското национално движение. Навлеглиот век'е капитализам беше стеган од феодалните остатоци во отоманската империја. Од друга страна македонското занатско производство и трговија, се задушуеше од стоките на западноевропските капиталистички земји.

При тие условија урнуењето на турското господство за македонскиот народ означуеше одстрануење на феодалните остатоци и одстрануење на конкуренцијата од западно-европските стоки, против кои турската империја беше безсилна да се бори. Това положение ги натера македонските занатчии и селани кон непомирима борба со турската феодална држава.

III

На Берлинскиот конгрес Македонија за прв пат се јави пред европската дипломација како нешто самостојателно и различно од Бугарија. Берлинскиот конгрес исклучуејк'и ја Македонија од границите на Бугарија и другите самостојателни национални балкански држави Србија и Грција, за прв пат го призна пред европската јавност самостојателниот етнички карактер на македонскиот народ, и скоро по това името на: Македонија и македонскиот народ се наложи не само пред Европа, туку пред целиот свет.

След Берлинскиот конгрес 1878 год. и образуењето на Бугарската национална држава, на базата на материалното развитие и социално-економските изменениja во Македонија, националното движение на македонскиот народ одбележуе значителен растеж.

Растежот на македонското национално движение, на прво место е врзан со личноста и делото на забележителниот македонски просветител и револуционер Петар Поп Арсов, родом од с. Богомила - велешко. По втор пат во историјата на македонскиот народ след поп-Богомил, создателот на социално-религиозното прогресивно движение, од средновековната историја на македонскиот народ; селото Богомила му го дават идеологот на националното движение. Тој е долгогодишен народен учител и национален возродител, кој можеше да го открие уште рано националното возродуење на македонскиот народ и да му даде наполно самостојателен карактер.

Петар Поп Арсов за осаштествуење на своите идеали ги поставуе основите на првото македонско национално списание „Лоза“, кое почнало да излегуе уште во 1890 год. во Софија под негова редакција. Во „Лоза“ се пишеа и печатеа статии на македонски јазик, во кои што се разгледуева економски, историски, културни и политички прашања врзани со македонското национално развитие. „Лоза“ се јавуе во тој период како заштитник на економските интереси на македонскиот народ, - се јавуе како носител на идејата за македонско национална култура, - како прв пропагатор на македонската национална автономија и сепаратизам. Не след долго околу „Лоза“ се групира приличен дел од македонската народна интелигенција. Така „.Лоза“ стана центар на едно културно македонско национално движение и основ за утрешното политичко национално движение. Кај „лозарите“ наново се јавија идеите на Брак’а Миладинови и Партенија Зографски-Нишавски, за изработуење на една граматика на македонскиот национален јазик. Кај „лозарите“ се роди, и јасно се оформи идејата за самостојателноста на македонското национално-ослободително движение. Тие први го издигнаа гласот против денационализацијата на македонскиот народ проведуена од завоевателните клики на Бугарија, Србија и Грција. Тие станаа пламени заштитници на правата на

македонскиот народ, неговата националност, економика, култура и јазик. Тие станаа цврсти заштитници на автономијата и националносепаратистичкиот карактер на национално-ослободителното движение на македонскиот народ.

IV

Ете, през тој период на опадок на занатското производство и трговија, - на социјално-економските изменениja во Македонија и општо во отоманската империја, точно во половината на второто полустолетие на XIX век т. е. 1875 год. во с. Постол, Ениџе - Вардарско, се роди Крсте Петков Мисирков Тој беше дете на средно-имотни родители, чии татко бил кмет на селото. Неговото образование, како и на други македонци од това време, почнуе во грчко, основно училиште во неговото родно село, каде свршуе шест одделенија. Своите родители, тој ги губи уште во млади дни и е изложен на маки и страданија и бива принуден да се пробива сам во животот.

К. П. Мисирков имајки голема љубов за ука, по свршуењето на грчкото основно училиште, се дига и оди во Софија, каде го свршуе вториот прогимназуален клас, во софиската прва машка гимназија, како степендијант.

Третиот прогмназијален клас го свршуе во Белград, а четвртиот во Шабац. Имајк'и голема волја да стане учител тој се упишуе на Педагогиското училиште во Белград, каде свшуе три година полн курс во 1895 година и дава матурантен испит. По свршуењето на Педагогиското училиште се упишуе на Полтавската духовна семинарија во која свршуе петти и шести клас во 1897 година. Истата година, по свршуењето на семинаријата се упишуе на Петровградскиот универзитет на историско - филологискиот факултет, кој што го свршуе по славјано - руското одделение со одличен државен испит во 1902 година. По издржуењето на државниот испит 1902 година (април, мај), заради собитијата во својата татковина тој се врак'а да и служи. Од први декември 1902 година стануе редовен гимназијален учител по македонски и грчки јазик и историја во Битолската машка гимназија.

Во Битола тој е познат како голем русофил, автономист и национален сепаратист. Мошне е близок на рускиот дипломат А. А. Ростковски, чии е советник и домашен учител. След убиството на А. А. Ростковски, тој принуден да ја напушти Битола и преку Цариград и Одеса заминуе за Петроград, каде во крајот на месец септември, држи реферати подготвени уште во Битола, пред собраното македонско студентство. По това од Петроград оди во Софија и ја печати својата книга „За македонцките работи" . Но принуден да ја напушти Софија заради книгата „За македонцките работи" на 7 јануари 1903 год. го гледаме како доброволно наемен гимназиален учител по историја и географија на гимназиите во Бердјанск, каде остануе до август 1905 год. Од Бердјанск оди во Одеса, каде почнуе со издавањето на списанието „Вардар" на руски јазик, а од таму во Кишињев како учител на гимназијата, каде остануе до 11 ноември 1918 год., кога е протеран во Русија, а од таму оди во Бугарија. На 1 декември 1918 г. тој постануе уредник на историскиот оддел на Народноетнографскиот музеј во Софија на кое што место остануе до 1 септември 1919 година од каде што е преместен за гимназиален учител по историја и географија во Карловската општинска гимназија, а после за директор на Копривштенската гимназија, на кое што место остануе до својата смрт 26 јули 1926 година. Слабата физичка натура, преку целиот живот болешлив, окончателно подлегна на неумолимиот мозочен тумор, кој што го долго мачеше пропратен со тешки болки.

Ете што вели за него професор Петко Стојанов, во направениот послесмртен протокол: „Го познавам покојниот уште од студенство..... работеше усилено неуморно, пишеше и книги, беше на служба во Петровград, но пред Илинденското востание од родољубиви чувства си дојде вaму... това беше еден човек кој јас го почитавав. Работеше неуморно и беше еден од најталентливите и работни луг'е, јас бев близок со него и го познавам многи добро ..."

Се пак, неговата книга „За македонцките работи“ и ако излезена во мал број доби општественост и влезе во историјата на македонскиот народ. Това негово дело од непријателите на македонскиот народ беше прогласено за антинационално и антибугарско. И ако това не доби широко раширение остана регистрација на тогашната македонска мисла и сашност, за да живее во срцата на помладите македонски генерации, да се развива и оствари во новите условија со нови начини и во нова форма. Од поважните трудови издадени од онова време можат да се забележат: ,,Южно словянския епическия сказания о женидбе короля Волкашина в Связи с вопросом о причинах популярности короля Марка среди южних словян“ издадена на руски 1909 година во Одеса, „О значении Моравското или Ресавского наречия для современои историческои етнографии Балканского Полуострова (Бълг. прег. 1908 г.) на бугарски во Софија, „Бележки по Јужно-славјанската филологија и историја“ печ. во списание Блгарска сбирка 1910 год.

Уште како студент во Петровград тој работи во универзитетското географско дружество, каде што чете историјско - географски, политички, филологиски и други реферати, кои што ги објавуе во списанието на друштвото.

Еден од видните и доследни последователи на национално-сепаратистичното движение, чии што орган беше „Лоза", е Крсте Петков Мисирков. След неговото постапуење на Петроградскиот универзитет 1897 година, тој станує пламенен носител и проводител на идеите на „лозарите“. До неговото постапуење на Петроградскиот универзитет саштествуева само бугарски и српски студентски научно - литературни другарства, во кои што соработуева и македонски студенти. Пошол во Петроград со живи национално - сепаратистични идеи, тој ги разработуе, оформуе и излага во реферати. Во началото на неговиот реферат ,,Имат ли се нужда од македонцки национални научно - литературни дригарства?“ четен пред собраното македонско студентство во Петроград... и печатен во оваа книга, тој ги изложуе своите национално - сепаратистички идеи и прави укор на некои национално не осознати македонски студенти:

„Зашчо немало одделна македонска народност во Македонија, а имало тамо србцка и бугарцка, и по шчо во Петровград имало бугарцко и србцко студенцко другарство, то немало нужда од македонцко“.

Слично на „лозарите“, Македонското национално научно-литературно другарство „Св. Климент“ во Петроград, чиј е тој организатор заедно со Брак’а Чупарови од с. Папрадиште - велешко, почнуе да издава свој орган „Македонски голос“ на руски јазик, кој што има задача да го популаризира; македонското национално дело во Русија. Под заглавието на веeникот била нанишана мислата: „Ние сме македонци, како што не сме срби и грци, така не сме и бугари, а просто македонци. Ако тие ни помогнат да се ослободиме, ние к’е им благодариме, но нека едните и другите знајат да Македонија е само за македонците“. Македонското студентство во Петроград собрано околу „Македонски голос“ живее културен и политички интензивен живот. Пред другарството се четат реферати, се пишат статии и брошури на македонски јазик од обласга на економиката, историјата, културата и политиката на македонскиот народ.

По тој начин делото на „лозарите“ и македонското национално научно-литературно другарство, ни покажуе на колку висока точка било македонското национално сознание во тој историски период. Това ни покажуе колку бил зрел македонскоот народ за разрешуење на повисоки историски задачи во своето национално развитие во тој период, за да мине кон организирана политичка борба за своето полно национално оформуење и ослободуење. И ако општо сепаратистите си останаа за културна национална еволуција, родоначалникот и возглавителот на културното „лозарско“ движение Петар Поп Арсов, стана еден од првите родоначлници на организационо-политичката идеја за революциона борба на македонскиот народ.

Крсте П. Мисирков во својата книга „За македонцките работи“ како и во другите свои творби, проликуе со широк народен демократизам, - со широка душа, - остроумие, - справедливост. Тој смета за обштествен долг да го изложи своето разбирање на народните идеали на Македонците. Тој, уверен, оти тие се

единствено правилни идеали, апелира да станат општо македонски, општо народни за доброто и срек’ата на македонскиот народ. Тој се труди со сите сили да го издигне националното сознание на македонскиот народ, оти смета да „Идеалите се душата на општо народната работа и од здравоста на таа душа зависи и здравоста и плодоитоста на самата општонародна работа. Лошо разбраните народни идеали само уголемуат народни несрек'и без да донесат полза на народот“. За лошо разбрани народни идеали, тој, мисли на великобугарската, великосрпската и великогрчката пропаганда, кои во това време водеа двобој на маке,донската земја за внушуење во главите на македонскиот народ на против македонски народни идеали и го разбиева единството на македонскиот народ. Тие пропаганда тој ги гледа непосредствени врагови на македонскиот народ и бара „Енергична борба “. . .

Крсте П. Мисирков е пронижан со реформаторска мисла, која што ја овладее Европа през XIX век, негуена од преплашената буржоазија од остри, потресни и крајни револуции. Тој е против сотресенија, а за културна и политичка еволуција како што вели „Еволуција или постепено развивање на нашиот народ во морално религиозен праец“. Тој апелира до револуционите комитети за да го сложат оражјето и да и со својата лојалност докажат на Турција нивното сочувствие за нејзиното остануење како европска држава. Тој се бои од револуционата програма, која може да ја уплаши Турција и Европа и препорачуејк’и мирна програма вели: „Само таква мирна програма на Македонците ке сретит подржка и одобрење од великите сили“. Еволуционизмот одговара и на неговата болешлива натура. Од рано детство до крајот на својот живот болешлив, тих, скромен, но остар и логичен ум. Мирољубив, висок моралист и религиозен.

Крсте П. Мисирков правејк’и танок анализ на македонската дејствителност и нејзиното идно развитие, стана пророк на македонскиот литературен јазик и правопис. Доказателство за това е неговата книга написана на велешко - прилепско – битолско - охридско говоримо наречие од това време. По однос на азбуката тој ги

фрла старо - славјанските, ъ, ь, ø, ′, и двојните я, ю, щ. како знакови кои што не одговараат за достигнатиот прогрес на македонскиот јазик во началото на XX век. Го задржава старо-славјанското і, а г, к, н и л ги омекнуе со знак ’ и е за фонетскиот принцип. Што се работи до морфологијата, таа си носи отпечаток на тгашното развитие на велешко – прилепско – битолско - охридскиот говор со елементи и форми од Еницe - Вардарскиот говор.

На крајот на својот ,,Предгоор“ тој си остануе скромен по однос на познавањето на јазикот: „Нерамностите, шчо ке се окажат во јазикот на мојата книга, сет сосем природни и ке можеа да се отстранат само при једно по длабоко знајајн’е на централното македонцко наречје, со шчо не можам да се пофал’ам. Но и при тоа се надејам, оти за македонците таков јазик ке бидит по пријатен и по звучен, од јазико на нашите суседи, со који није сега за сега се дигаме на големо“.

И истина централното македонско наречие стана основа на македонскиот литературен јазик во слободна народна република Македонија: „Како последуач на идеата за полно одел’ајн’е на нашите интереси од интересите на Балканцките народи и за самостојно културно национално развивајн’е, јас и је написаф на централното македонцко наречје, које за мене от сега натаму имат да бидит литературен македонцки јазик“ .

Крсте П Мисирков, борец за национална култура знаејки ја ролјата на македонскиот литературен јазик и правопис, со толку топлина и милост се однесуе кон това важно национално обележје и вели: „Таква милост кон нашијо народен јазик требит да имаме и није, ако сакаме да останиме верни на дуот на нашите предедовци. Милоста кон народнијо јазик јет наш долг и наше прао. Није сме должни да милуаме нашијот јазик, зашчо тој јет наш исто така, као шчо ни јет наша таткоината ни ...“

К. П. Мисирков со своето дело по однос на нашиот литературен јазик и правопис може да се каже да заслужуе онакво место во нашата историја, какво што го има во српската историја, родоначалникот на српската филологијска наука Вук С. Караџич и во бугареката историја Отец Паисиј.

Во „За Македонцките работи“ тој обосноваjки ги своите возгледи по македонската националност и регистрираjки jа деjствителноста прави сокрушителни удари на велико-бугарските врховистички, велико-српски и велико-грчки завоеватели и шовинисти.

Неговата мисла и вик за борба против оние што го одвлекуаjат нашиот народ на крив пат: „...Борбата со пропагандите во Македониjа не jет чекор назад, туку напред за шчо и тука имаме работа со борба за слободиjа, со борба со мрачните сили, шчо не дозволуат на татковината ни само со свои очи да гледат своите интереси, ами и наврзуат дзрзала, шчо омрачуат истината и придаат бугарцка, српцка и грцка боjа. Време jет да отфрлиме од очите наши мрежите, шчо ни и кладоа националните пропаганди во Македониjа“, остана актуелна до 1912 и до 1918 г. кога на два пати беше разделена македонската земjа и македонскиот народ. Таjа остана актуелна и до 1941 год. кога по трет пат беше расчеречен македонскиот народ и окупиран од германо-италиjа но-бугарските фашистички банди на кои им се ставиjа на услуга велико-бугарските, велико-српските, великомакедонските шовенисти. Таjа остануе и денес актуелна и треба да служи како лозунг на македонскиот народ за доунишутење на остатоците на непријателите на нашиот на-род како во границите на нашата зедничка татковина Југославија така и вон нејзините граници. Таjа треба да служи за доизградуењето на братството и единството на македонскиот народ, - братството и единството на македонскиот народ с другите jугословенски народи.

Во книгата „За македонцките работи“, Крсте П. Мисирков е огнен автономист и национален сепаратист. Автономизмот и националниот сепаратизам во тогашните објективни економски и политички условија на Балканскиот Полуостров и Европа, беја правилни. Автономизмот како минимум програма на национално-револуционото движение требаше да служи и служеше како силно оражје во рацете на македонскиот народ да се опри против завојевателната политика на суседните балкански држави и нивната разрушителна и денационализаторска пропаганда во Македонија, кои се стремеа да го рашират своето влијание и границите на својата држава

над македонската земја; - служеше - како силно оражје против остатоците на феудализмот во Отоманската империја - за заштита на неговите национални, економски и културни права. Но при новите, изменетите условија на Балканскиот Полуостров и Европа и мег'ународни, со изменетите социалноекономски и политички условија и растежот на прогресивното движение во Југославија за општа борба на сите социално и национално угнетени југословенски народи и стварањето на општ Народен Фронт против општиот непријател - фашизмот; автономизмот и националниот сепаратизам за времето напредни, станаа назадни и опасни за македонскиот народ, станаа најголеми непријате.ли на македонскиот народ.

Во епохата на капитализмот, односно во неговото прерастуење во стадиј на империјализам, општо разрешението на националното прашање доби нова; светлина и нов принцип, што го поставија великите учители и водачи на човеченството Ленин и Сталин, принцип по кој секој народ има право на самоопределуење. Овој принцип поставен и за кој се бореше Комунистичката партија на Југославија уште през стара Југославија, 1941 година стана крв и месо на социално, економски и национално поробените народи на Југославија за борба против општиот враг - фашизмот. Знамето на народно-ослободителната борба против фашистичките окупатори и нивните домашни слуги, што го дигна Комунистичката партија на Југославија во 1941 година, под раководството на Великиот учител и водач на југословенските народи Јосип Броз - Тито, стана знаме на борба за национална слобода и равноправие на секој народ одделно, вклучуејки го и македонскиот народ.

Македонскиот народ со оражје в рака през четиригодишната народно - ослободителна борба, борејки се за возгласениот принцип на сомоопределение, за национална слобода, братство и рамноправие, заедно со другите братски народи на Југославија, против окупаторот и внатрешните непријатели, успе да ги осаштестви своите вековни идеали. Това македонскиот народ сам не можеше да го стори, ами само во борбената заедница со другите братски народи на Југосла-

вија исто така како што не можеа одделно да го сторат другите народи на Југославија. Слободата на македонскиот народ и одделно слободата ва другите народи на Југославија е дело на општиот Народен фронт на југословенските народи. Така ,,Македонското прашање“ стана не само прашање на македонскиот народ, ами тоава стана прашање на српскиот, хрватскиот, словеначкиот, црногорскиот и општо југословенско прашање. За слободата на македонскиот народ и неговото обединение заинтересирани се и другите братски народи на Југославија.

Крсте П. Мисирков правејки анализ на новите условија и собитија пред својата смрт им говореше на своите блиски и приатели: „Жалам што не го предвидов федерализмот“.

Изложените мисли на Крсте П. Мисирков во книгата „За македонцките работи“ со исклучение беа правилни за времето. Многу од неговите мисли - во новите условија се осаштествија, а некои и денес се актуелни и чекат осаштествуење, како што е обединението на македонскиот народ, доотстрануење на национално-религиозната омраза, и како најважно доуништуењето на великобугарската врховистичка, великосрпска, великомакедонска реакција и шовинизам.

И ако некои од македонската ителигенција, собрана околу „Лоза“ и „Македонски голос“, како што е и К. П. Мисарков, последствие ги изоставуат своите правилни возгледи преплашени од ѕверените врховисти, се пак нивните дело остана.а во историјата од националното развитие на македонскиот народ како искри кои ке се рашират и оформат и осаштестват во новите условија во повисока форма.

Д. Џамбаз

---

# ПРЕДГООР

Секој чоек, како член на некоја обшчина или некоје другарство, имат извесен долг и извесни праа кон и од ниф. Народот не јет нишчо друго, осим једно големо другарство, осноано на крвно родство, на обшч произлез, на обшчи интереси. Паметуајн'ето на тоа родство, тоја произлез и тије интереси, заставуат секој член од некој народ, да се одречит од некоји своји праа и интереси, за да посветит част от своите сили на обшчата арнотија. Тоа јет долгот кон народните интереси, за шчо членот од народноста добијат зашчита на својите лични интереси тамо, каде не сет доста само негоите сили. Долгот кон народот јет тесно врдзан со долгот кон таткоината, зашчо пон'атјето народ јет тесно врдзано со пон'атјето таткоина Долгот кон народот и таткоината зависит от приликите историјцки, који преживуат једен народ и једна страна. Тој се применуат кон приликите. Долгот кон таткоината и народот, до негоото осашчествуајн'е, се велит народен идеал и кон негоото осашчествуајн'е требит да се стремит секој снесен чоек. Народнијот идеал се применуат кон историјцките прилики и тоа, шчо денеска било народен идеал, утре, по негоото осашчествуајн'е, ке остапит место за друг, за кој по напред мало се мислело. Често пак од једен народ историјцките прилики требаат или корено изменуајн'е на народните идеали, коренен обрат на идеалите во друг праец, или угрожаваат нему со полно унишчожаајн'е. Народните идеали, или долгот кон таткоината, се разбираат од разни членои на народот различно. Кој нај верно јет разбрал истинцкијот нај праијот народен идеал, се нидит со порамнуајн'ето на разбирајн'ето на народнијот идеал од разни лица. За да можит да бидит порамнуајн'е и оценуајн'е на раз.лично разбраните народни идеали, требит, тије да бидат искажани устно или на книга. Искажуајн'ето на својето разбирајн'е на народните идеали и критиката на таквија не јет праздна

работа, зашчо идеалите сет душата на обшчата народна работа и од здравоста на таја душа зависит и здравоста и плодоитоста на самата обшченародна работа. Лошо разбраните народни идеали само уголемуат народните нестреки, без да донесат полза на народот.

Така разбирајки долгот кон таткоината, јас се решиф, прво, да изложам мојето разбирајн’е на народните идеали на македонците во једен ред расудуајн’а, прочитени во Петроградцкото Македонцко Словенцко Научно-литературно Другарство „Св. Климент“, а после и да и напечатам во таја книга, каде сет поместени и расудуајн’а, не прочетени во упоменатото другарство. Со тоа мисл’ам да исполнуам, спроти мојите сили, једен дел од мојот долг кон народот мој и кон таткоината ми.

Множина од македонцките читачи ке бидат удивени от појавуајн’ето на таја книга. За удивуајн'е ке им бидит во нeја много. Некоји ке речат: зашчо отцепуајн’е од бугарите, кога није до сега сме се велеле бугари и соединејн’ето, а не расцепуајн’ето праит силата? Друзи ке расудуат, оти со полното отцепуејн’е од једна страна, ке восторжествуваат нашите непријатели, који шчо направуат сите своји сили да ослабат балканцките словени, за да си подготват почва за раздел'ајн'е на балканцките земји помег’у нив, а од друга страна, оти оно ке не натерат нас македонците, да се откажиме од нашијот прв долг, да се бориме за политична слободија, да разрушиме cé, до сега напраено и да зафатиме се одноо, така да се речат, од азбука. Треки ке најдат, оти јас проповедуам некаков надеж на попрауајн’е на турците спроти нас и на европејцки реформи во таткоината ни, кога до сега јасно било докажано, оти ни Турција сакала, сакат и ке сакат реформи во Македонија, ни држаите сет наклонени да је принудат Турција, за да ни дајит некакви, па и нај мали реформи. Држаите, вел’ат множина, само играат дипломатична игра со реформи, за да не склонат нас, да се откажиме од вооражената борба со Турција, от која се нарушаат нивниот мир, а пошчо се одречиме от таја борба, тије ке ослабат да бараат от Турција реформи за Македонија.

Тија сет нај главните возразуајн’а, шчо очекуам од множина од мојите сонародници. Ми се чинит, оти они

не сет праи и ето зашчо: Во ноата книга се зборуат, вистина, и за отцепуајн'е и за соединуајн'е, но за отцепуајн'е от тије, шчо сме веке отцепени и со који никој пат не ке ни позвол'ат да се сојединиме, а за сојединуа,јн'е се тије, со који сме морално задолжени да се сојединиме, и со који сојединејн'ето јет возможно. Ако со нашето отцепуајн'е од балканцките словенцки народи достигниме сојединуајн'ето на сето македонцко словенцко населејн"е во једно цело, није не ке ослабниме, туку ке се усилиме, така да од исполнуајн'ето на идејите, шчо сет развијени во таја книга само ке се оправдат послоицата, да јет силата во соединејн'ето.

Сега се питат: дали од нашето отцепуајн'е од балканцките народи, ке се восползуат нашите непријатели и који сет тије? Сега во Бугарија јет мода да зборуат, да сет нај големи непријатели на балканцките словени: русите и австро-унгарците, који сакаат на почва на македонцкото прашајн'е да се зафатит и продолжит једно борба мег'у србите и бугарите, која ке ослабит силите и на једните и на друзите до таква степен, шчо ке требит да се набркаат во балканцките работи Русија и Австро-Унгарија и првата ке завојуват Бугарија и Стамбул, а втората Србија и Солун. Јас ке си позвол'ам да не се согласам со такво глабоко политично „далековидејн'е". Можит, бугарите и сет праи, кога мисл'ат, оти Русија без Бугарија не можит да сашчествуат, ни политично, ни економцки, но тоа јет бугарцка политика, а јас не сум намерен да политиканствуам бугарцка. Јас сум македонец и интересите на мојата таткоина ми се предстауат така: не Русија и Аветро-Унгарија сет непријателите на Македонија, а Бугарија, Грција и Србија. Само енергична борба со таја; три држаи ке избаит од погубуајне нашата таткоина.

Борбата со трите балканцки држаи не протиоречит на нашите интереси, који се достигаат и со revол'уција и со евол'уција, или постепено развијајн'е на нашијот народ во морално-религиозен праец. Револ'уцијата стана и, ако има најужасни последици за нас, пак даде некоји благодатни резултати, со кои шчо можат да бидат задоолени нашите борци за национална слободија: тоа сет мјурцштетцките реформи, који ке бидат раширени спроти нуждите, шчо ке се покажат со време.

Идејите за полно отцепуајн’е на нашијот народ од друзите балканцки народи, не сет протиоречје на досегашното работејн’е на нашијот народ за слободија, а само продолжејн’е на негоото досегашно работејн’е, на почва евол’уцијна. До сега нашијот народ се интересуал поеке само со полна политична автономија, а во националните наши интереси допушк’ал башибузукци да му се набркуат разни неканени гости, како: бугари, грци и срби. По политичната борба идит значи и националната. Но борбата со пропагандите во Македонија не јет чекор назад, туку напред, зашчо и тука имаме работа со борба за слободија, со борба со мрачните сили, шчо не дозвол’уат на таткоината ни сама со свои очи да гледат своите интереси, ами ѝ наврзуат дзрдзала, шчо омрачуат истината и ѝ придаат бугарцка, србцка и грцка боја. Време јет да отфрлиме од очите наши мрежите, шчо ни ѝ кладоа националните и верцки пропаганди во Македонија.

За нашите односи кон турците јас можам да речам само једно: није сме задолжени да напраиме сé, шчо се барат од нас, за да докажиме на Турција, оти нејното остаајн’е како европејцка држаа стрек’ат во нас полно сочувство. Није сме задолжени да бидиме лојални поданици на Н. Ц. В. Султано. Но при тоа бараме и ке бараме од Негоото праителство цел ред реформи, који ке ни сочуваат најглавните интереси на нашето национално и културно развијајн’е. Јас мисла’м, оти није требит да бидиме лојални кон Турција, но предполагајки, оти турцкото праителство и народ ке разберат нај после, оти интересите на нивната држаа во Европа совпадаат со нашите и зависат нај много од ниф, а не си протиоречат, и затоа турците први ке требит да докажат искреното сакајн’е да сет во мир со нас и со тоа да заслужат нашата поддржка на нивните интереси. Ако пак тије мисл’ат со нас да не се церемонат, и да лажат Европа и нас со реформи, који не ји исполнуат, то не ке се удивит Турција, ако и није обрниме нашите возгледи кон Европа и од неја бараме, да се воведат во таткоината ни со сила тија реформи, шчо се признаваат от силите европејцки за истинцка требност за успејајн’ето на религиозно - националното и културно развијајн’е на македонцките рисјани.

Европа јузни државии: Русија и Австро - Унгарија можит да стретит протиодејство само от Турција и од нас, но нај поеке од нас, зашчо со реформите се бараат, не од нас, а от Турција задолжејн’а и ако није со нашите работи покажиме, оти тија задолжејн’а, шчо се бараат от Турција, не не удовлетворуат, то није само ке поможиме на Турција, нишчо да не воведат од реформите, шчо се бараат од неја. Турција ке велит, оти она се, шчо можит да напраит, ке напраит и напраила, а поеке не може ла да напраит за тоа, шчо комитетите не даат на неселејн’ето да се успокоит, а во једна страна, каде јет се на воено положејн’е, сите добри намерејн’а на праителството се рушат от сопротивуајн’ето на немирното населејн’е; а ако военото положејн'е се продолжит поеке од једна година, реформите ке се состарат по наша вина и ке се закопат. Таква једна служба није сослужифме на Турција по објавуајн’ето на февруарцките реформи. Исто така, ако не сакаме никакви реформи, можиме да ѝ послужиме и за однапред. И после, како и до сега, пак ке фрлиме вината на Големите Сили, који секој пат излегуваат криви за нашите грешки.

Собитијата, шчо се развија до сега ни покажаа јасно, колко није сами можиме да си напакостиме, мислејки, оти постапуаме праилно.

За да се предупредат жртвите од једно секадешно востаајн’е, се изработи февруарцкијот руско-австријцки проект за реформи, вистина не совршен, но со огоорка, оти тој ке бидит постепено раширен. Поминаа месец, 2, 5, 7 и нишчо од него не излезе. Се прашат: зашчо? Ке одгоорат нашите: зашчо Турција и Европа не сакаат серјозно реформи. Но не јет така. Турција, можит, и не сакат реформи, но сакаат тије, шчо го изработија проектот. Се прашаме само: кому приликите ке дозвол’ат да надделит? А во тије прилики нај важен фактор бефме није. Да се склонефме пред вол’ата на Европа, и четите, или да се предадеа, или да се оттргнеа во Бугарија, или барем да се напраија некои прегоори со реформаторцките државии, во који просто можеше да се речит, оти четите или ке се оттргнат или ке се предадат, го нека не мачат турците мирното населејн’е, за тоа, шчо, можит, некаде се имаат пушки, то ке настапеше во Македонија мирно време, кога ке се бараше от Турција

ке обрнит возгледите на нашите барајн’а, зашчо она јет задолжена да напраит тоа со два мег’ународни актои: проекто за реформи во Македонија от Февруар и мјурцштегцкијот проект. Тије два мег’ународни актои ни обек’аваат потсепено рашируајн’е на реформите во Македонија, и со тоа даат ни право да се обрак’аме до двете реформаторцки држаи со меморандуми и по друзи патишча, за да им покажиме на нашите религиозно-национални и економцки нужди, како на тоа, шчо праит Турција, за да се исполнат тија наши нужди.

Знам многу арну, оти мнозина со иронија ке се однесат кон мојите надежи за европејцки реформи: Но на тија иронији ево со шчо јас ке одгоорам: не јет истина кажуајн’ета, да не ке излезит нишчо од усил’а’та на Русија и Австро - Унгарија да се уредат работите во Македонија. Проектите за реформи и усил’ата да се воведат тија не сет, како мисл’ат мнозина, само игра да поминит време и да си останит се́, како шчо си било. Проектите за реформи на Русија и Австро - Унгарија сет мег'ународни актои, не исполнуајн’ето на који от Турција јет насмешка и оскрбуајн’е за реформаторцките држаи и им даат полно прао за репресалији против нарушаачот на мег’унродното прао. Да било така лесно безнакажано престапуајн’ето на мег’ународното прао, до сега држаите, денеска ке приимаа на себе разни задолжејн’а и утре ке с откажуаа од ниф. Но не било така.

Реформите руско - австријцки, једно сет мег’ународен акт, ке даат прао секога на македонците да настојаваат пред Големите Сили да се исполнат во полност. Нека не мисл’ат, оти они можат да бидат закопани, како шчо јет закопан берлинцкијот трактат со негоијот 23 член за Македонија. Берлинцкијот догоор вистина јет закопан, но не од Европа, а од Бугарија, која изврши соединуајн’ето со Источна Румелија со насилствен преврат - без согласије на држаите, шчо потписаа берлинцкијот трактат; а со нарушаајн’ето на једен параграф се нарушаат и сет трактат. Сегашните руско - австријцки реформи силно се разликуваат од берлинцкијот трактат со тоа, шчо сет они само мег’ународен акт заклучен мег’у три држаи. Осим ниф важен фактор се јавуаме само није македонците. Вол’ата на двете соција

да се воведат во полност реформите и да се оттегл’ат војските од Македонија. Но шчо напраи комитетот. Тој реши 4½ месеци да чекат резултатите од воведуајн’ето на реформите и после објави со „чиста совест“ востаајн’ето. Во време на објавуајн’ето на востаајн’ето, комитетот можеше да речит, оти тој не бркал на држаите да воведат реформите. Но тоа не јет токму. Вистина четите избегуаа стражејн’ата, но тоа ушче не значит да не бркаа да се воведат реформите. Тије избегуаа, но турците бараа стражејн’а и успеа поеке од комитето. Комитетот кажуаше да немат чети, нема протиодејство на реформите од негоа страна, а пак турците кажуваа да имат чети, населејн’ето да имат оражје и се готвит за востаајн’е, војската имат постојани столкнуајн’а со четите, четите убиваат мирните жители, шчо не и слушаат и сет верни слуги на Падишаот. Ако земиме ноините од времето на публикуајн’ето на февруарцките реформи до и после објауајн’ето на востаајн’ето во Битолцко на 20 Јули и прегледаме во ниф телеграмите от Стамбул, то ке видиме, оти Портата постојано предстауат на рускијот, австро-унгарцкијот амбасадери списоци от сражејн’а на турцкијот аскер со четите, списоци од најдено при обиските оражје у намселејн’ето, списоци од убијства совршени от четите над мирното населејн’е. И нај после списоци од воведени реформи.

Шчо сакаше да речит Турција со тије списоци, јет многу јасну: „Јас сакам да воведам реформите во Македонија, но наместо реформи сега за сега ке воведам аскер и маки, зашчо странатa се готвит за револ’уција, подготвуана от престапното работејн’е на комитетите, који шчо состауат како држаа во држаа; ке ми дозволите, прво, да усмирам страната и да воведам мир, а после ке се воведат нужните реформи“ Со друзи зборои: комитетот ми даат возможност за једна година да се извинуам за неисполнуајн’ето на реформите, а после не ке и воведам, зашчо они ке остарат. Ја каква услуга ние напраифме на Турција, со нашето недоверуајн’е кон австро - рускијот проект од реформи. Сакаме ли ушче једнаш да не послужиме на Туција, и пак да не напраиме криви друзите за нашите грешки? јас мисл’ам, оти нишчо друго не ни остаат да напраиме, осим да се однесеме со

полно доверје кон реформаторцките усил’а на двете заинтересуани Сили, и со тоа да ѝ ангажираме, час по скоро да се воведат обек’аните реформи.

Со тије неколку зборои јас сакаф да појаснам содржајн’ето на предложената на македонцките читачи книга за најважните за нас прашајн’а. Како последуач на идејата за полно одделајн’е на нашите интереси од интересите на Балканцките народи и за самостојно културно-национално развијајне, јас и је написаф на централното македонцко наречје, које за мене от сега на тамо имат да бидит литературен македонцки јазик. Нерамностите, шчо ке се окажат во јазикот на мојата книга, сет сосим природни и ке можеа да се отстранат само при једно по глабоко знајајн’е на централното македонцко наречје, со шчо не можам да се пофал’ам. Но и при тоа се надејам, оти за македонците таков јазик ке бидит по пријатен и по звучен, од јазико на нашите суседи, со који није сега за сега се дигаме на големо.

———

# ШЧО НАПРАИФМЕ И ШЧО ТРЕБИТ ДА ПРАИМЕ ЗА ОДНАПРЕД? *)

Долгоприготвуаното и многоочекуаното востаајн'е напоследок излезе на јава. Нашите земјаци си покажаа сета јунашчина, и готовност да се пожртвуат за интересите на својата таткоина. Борбата беше и јет отчајана. Сијот европејцки свет обрна своите возгледи на неја. Новините се преполнија со известија от театрото на востаајн'ето. Редом со известијата за борбата мег'у четите и турците, во ноините се печатаат и известја за турцките зверства над мирни жители. Европејците се потресоа и ужасија от тија известја и зафатија да окажуат нужното влијан'е на своите праителства за да се пресечит колејн'ето на мирното населејн'е и да се помогнит на нестрек'ното македонцко жителство. Во Бирмингем Ворстерцкијо владика напраи во црквата молембен за спасејн'ето на македонцките рисјани. Келнтербериjцкијо аргијепископ се обрна кон англијцкијо министер - президент Бал'фур со молба од името на англиканцката црква, да се поможит на македонците. Европејцкото обшчество зафајк'ат да наредуат помоки за македонцките страдал'ци. На патуајнето на Германцкијо император се придаат политично значејн'е, мег'у другото и за македонцките работи. Турција, како шчо се видит, како да се најде на тесно, и предложи на Бугарија да се дојдит мег'у ниф до једно согласуајн'е за македонцкото прашајн'е. Разни праителства, праат офицјални декларациији по нашите работи. От Стамбул телеграфируат во разни европејцки ноини (Standard), оти англијцката и френцка средиземни флоти добили повел'а, да се наог'аат блиско до македонцките води. Пак от тамо телеграфируат, оти војната мег'у Бугарцко и Турцко јет неизбежна. От Софија телеграфируат,

---

*) Прочетено на 21-и Септември таја година во I-та седница на Петроград. Македон. Научно - литературно Другарство ,,Св. Климент".

оти тамошнијо военен министер зел од офицери на разни европејцки и американцки државни предложејн'е да се зачисл'ат оние во бугарцката армија.

Шчо покажуваат сите овије фактои? Дали покажуваат, оти движејн'ето достигна својата цел'а? Дали можит раководците на движејн'ето да се пофал'ат со успеф? Дали принесените жртви за ослободуајн'е не сет напразно?

Можит да бидит, некој, а можит и мнозина; измег'у нас, ке речат, оти ушче јет рано да се судит за резултатот на возстаајн'ето. Главната работа на комитето и четите јет напред. До сега можит не јет исполнена, ни полоината, ни четвртината от сет план, изработен от комитето и главнијо му шчаб.

Да. Секоаш, по секоје нрашајн'е јет имало разни возгледи. Така ке бидит и во даденијо случај.

Јас од моја страна ке си позвол'ам, со чистосрдечно прискрбије да видам во сегашното движејн'е полно фијаско. Сите тија дополнуајн'а, који шчо ке се придаат до понапреднијо руско-австријцки проект од реформи, не само не чинат 100.000 обездомени души, 3-5.000 чоечки жртви и полно обескуражуајн'е на жителството во Македонија,ами не чинеа и 100 чоечки жртви. Тија приложејн'а, ке се добијеа и без капка крв.

По резултатите, који шчо ке се добијат от сегашното востаајн'е, последното ке можит да се наречит једно од најголемите, ако не и најголема нестрек'а за нашијо народ.

Не јет рано да се предвидат резултатите и крајо на нашето востаајн'е. Тија можеа да се предвидат ушче пред зафатоко негов.

Ушче во време на февруарцкото руско официално известуајн'е беше јасно, оти Европа никој пат не ке удовлетворит во полна степен барајн'ата на комитето. За да се исполнат нашите сакајн'а требуаше да се војуват со Турција; само после надделуајн'е ке можеше да се натерат Турцко да исполнит нашите сакајн'а. А се наддел'уат Турцко не од нас и не од Бугарцко, ами или од Голема Сила, или од нас и Бугарцко, Србцко и Црна Гора заедно, при неутралноста на друзите државни. А ни једното, ни другото тогај за тогај не беше мислимо. Комитетот тоа требаше да знаит и мисл'ам го знаеше.

Но негоите раководци мислеа друго: они во биднината, как и во сегашното, видеа само тоа, шчо им јет пријатно да видат. Они велеа: ,,Није не сакаме, ни једна држаа да војуаат за нас: они можат просто на отпраат своите флоти во Солун и да принудат Турцко да ни даит реформи. Није сакаме да напраат и со Македонија, шчо напраија со Крит“. Не једнаш сме спориле, оти имат разлика мег’у Крит и Македонија, оти имат држаи, који сет заинтересуани во Statu quo-то и ке напраат се возможно да немат набркуајн’е во наша полза. Та и да имат набркуајн’е, имат ли се осноа да се мислит, оти тоа набркуајн’е ке бидит во наша имено полза, а не на наша пакост? Се покажуаше, оти сегашнијо момент јет најнеблагопријатен за востаај’н’е. Но нашите раководци замижеа пред вистината и востаајн’ето се зафати; се зафати славно, за да се довршит плачевао и пагубно. Не беф јас сам, шчо гледаф на предвременоста на востаајн’ето. Така гледаа и мнозина друзи. Но никој не си креваше гласот против. Критиката на држајн’ето на комитето беше само во домашните крагои. Но она беше и безполезна па и опасна, не само за тије, који се критикуваат, ами нај после за тије шчо критикуваат: Комитетот беше сесилен; он имаше во своите раци живото и смртта на сите граг’ани и не приемаше никаква критика на своите постапоци. Тије, шчо не сет со него, сет против него и сет негои непријатели, који требит да се истребат. Да критикуат работите на комитето можеше само друг комитет, кој шчо располагат со сила. Организација пак на контр-комитет беше и доцкна и безполезна. Мег’у комитетите тогај ке се зафатеше погубна мег’уусобна борба.

И така борбата се зафати против требуајн’ето на секо благоразумје. Она даде многу резулта’ти, само не тије, шчо се очекуваа. Мег’у сите јавуајн’а, који сопроводуат движејн’ето, нај-големо вниманије заелужаат руското „Праителствено Сообшчуајн’е“ од 11 Септем. т. г. После него представуајн’ата од рускијо и австро-унгарскијо посланици до Портата и во Софија и писмото на англјискијо министр - президент Бал’фур до Кентерберијцкијо архијепископ.

„Праителственото Сообшчуајн’е” зајавуат, оти руското праителство, ке барат за Македонија тија реформи

који сет изработени во месец Февруари од Зиновјев и Каличе и оти тије реформи сет само зафатокот и ке бидат развијени понака сообразно со нуждите на жителството. Тоа место беше и во февруарцкото Праителствено сообшчуајн'е. Не покажуат ли оно, оти по широки реформи от тије, шчо ни беа дадени ке можефме да добиеме и без револ'уција, а само со ловки мали народни движејн'а? Ако јет така, то сегашното востаајн'е ни на једна јота не измени положејн'ето.

Но во Праителственото Сообшчуајн'е имат ушче једно многу важно место: револ'уционите комитети, по изражуан'ето на руското праителство, сакаат да создадат „Бугарска Македонија“ а Русија, за која сет блиски и интересите на друзите рисјанцки народности во Македонија, не можит да пожртвуат нивните интереси на бугарите.

Разбраа ли во Бутарија, шчо означуваат тије зборои? Разбраа ли во Македонија? Разбрафме нај - напкон није?

Русија отворено ни изкажуат, зашчо она не работит и не можит да работит инак. Да ли јет праа Русија во своите утврдуајн'а? Да ли можит она да постапит инак?

Ако се постаифме во положејн'ето на руското праителство, и није не ке можефме да постапиме инак.

До 1878 год. сите, па и руското праителство, велеа, оти Македонците сет бугари. После Берлинцкијо догоор истапија со своите претенцији на Македонија србите. Праи ли сет они, или не, не јет важно за дипломатите. Србите во течејн'е на 25 години, особено последните 20 години успеа, ако не да напраат македонците срби, то барем да создадат во европејцкото обшчествено мнејн'е убедејн'е, оти во Македонија имат и срби. Ако селцкото населејн'е и сега си зборуат, како шчо си зборуало и по – прег'е, и зборуат одред низ цела Македонија само на једен словенцки јазик, - во градоите, редом со бугарцките машки и женцки гимназији и основни сколији, на секаде ке најме и србцки. Једни села имаат србцки, друзи бугарцки сколији. Једни сел'ани со нивните учители и попои признаваат патриархјата и сет под покровителството на србцки или грцки консули, а друзи признаваат бугарцкијо екзарх и

слушаат бугарцкијо трговцки агент. Се тоа сет факти за дипломатијата, која шчо имат да се бројит со дејствителноста, а не со теоријата за народноста на македонците. Политиката немат работа со науката. Па и да имат работа, зар јет докажано, како два и два 4, оти сет македонците бугари? До руско - турцката војна имаше само једна теорија за народноста ни. Сега сет две. Кон ниф се прибауат и трек'а, оти македонците сет нешчо средно мег'у србите и бугарите. Приврженците на таја теорија пак се подраздел'уат: 1, на која шчо кажуваат, оти тоа средно јет једнакво далеко и от србите и од бугарите; 2, оти оно јет по блиско до србите; 3, оти јет по блиско до бугарите; 4, оти част јет по блиска до србите, част - до бугарите. Не јет важно за дипломатите, каде јет истината. Важен јет факто, оти во Македонцкото прашајн'е сет заинтересуани етнографцки, редом со бугарите и грците, ушче и србите. Осем тоа и политично Србија јет не по малу заинтересуана во судбите на Македонија. Последната за Србија имат по големо значејн'е, от колки за Бугарија, оти Бугарија можит да излезит на Егејцкото море и преко Кавала и Деде - Агач.

Ако јет така зар можеме да се чудиме на поведејн'ето на руското праителство во македонското прашајн'е и на неговото зајавуајн'е, оти Русија не ке помагат на комитето да се создадит „Бугарцка Македонија“?

Некој од нас, можит наивно ке забележит: „Комитетот не сакат да напраит Македонија бугарцка; тој сакат праина за сите македонци без разлика на вера и народност“.

Како можит комитетот да докажит, оти он работит во таква смисл'а? Со једни зборои не се докажуат. Поведејн'ето на самијо комитет зборуат против негоите утврдуајн'а.

За да се дигнит револ'уција во полза на сите народности во Македонија, требит комитетот да обидит образуан од представители на, сите македонцки народности. Инак кој му јет дал прао на комитето да работит од името на сите македонци и во полза на сите ниф?

Комитетот можеше да работит и од името и во полза на једна громадна част на македонци, т.е., од нај силната народност. Но требаше да имат цел ред докажуачки, оти работата на комитетот не јет врзана со интересите на саседните држаи и народности, а протиоречит им и јет во полза не само на господствујуките, но и на сите друзи националности.

Нишчо подобно немат. Организацијата јет тесно врзана со Бугарија. Шумот од организационото движејн'е отпрво се дигна во самата Бугарија. Тоа покажа, кој нај много јет заинтересуан во Македонцкото движејн'е, за тоа пренесоа центрот негов во Македонија, и напраија ушче једен цел ред фокуси, за да се покажит, оти брканицата јет од натре и јет самородно јавуајн'е. Но кого излажаа со тоја маневр? Не јет ли јасно, како бел ден, оти брканицата јет тесно врзана со Бугарија, со бугарцкото име и со бугарцките пари?

Ке речите, оти народо јет напраил нај големи пожртвуајн'а во полза на движејн'ето. Тоа јет така, но не требит да се забораат, оти организаторите на движејн'ето во поекето случаи беа чиновници, екзархијцки. Се разбират само от себе, оти они со своето участие во револ'уциони работи идеа во разрез со интересите на екзархијата; но при се тоа, они беа бугарцки чиновници.

И така револ'уционијо комитет беше чисто македонцка организација по произлез и по состаот му, но тоа беше само работа на једна част од ,једна од македонцките нацјоналности, врзана по име и по црковносколијцките работи со бугарцкијо народ и држаа и нивните интереси. Тоја комитет, во сашност македонцки, за надворешчнијот свет и за рисјаните во Македонија не екзархисти, беше комитет б у г а р ц к и.

Комитето, не можа да докажит ни на надворешнијо свет, ни на самите македонци не екзархисти, оти он не јет бугарцки.

Радев со својо „Моувемент Мацедониен“ мислеше да убеди Европа, оти движејн'ето јет чисто македонцко, и немат нишчо обшчо со Бугарија. Истото сакаа да докажат и „Право“ и друзите македонцки и бугарцки ноини. Но достигнаа ли они цел'ата? - Не.

Покојнијо А. А. Ростковцки не једнаш кажуаше: „бугарите мисл’ат, оти само они имаат ум на светов, а сите друзи сет будали. Кого мисл’ат они да излажат со статијите во „Право“ и друзите ноини, оти македонците сакаат Македонија за македонците? Знаеме није многу арну шчо сакаат они“! А какво впечатлејн’е праеа на дипломатцкијо свет ноинарцките уверуајн’а на комитето и бугарите за македонцкото движејн’е? Не требит да се забораат и то, как се изражуваа во европејцките ноини за стражејн’ата на четите со турците: четите се викаа банди и то б у г а р ц к и а не македонцки. За убитите четници не кажуваа: „убити сет толку души македонци, ами толку души б у г а р и“.

Се прашат кого убедија: „Моувемент Мацедоциен“, „Право“, „Автономија“ и др. во тоа, оти ратуваат за слободија македонците, а не, тије, шчо се викаат „бугари“ и сет од Македонија и Бугарија? - Никого.

Можит да бидит, комитето успе во самата Македонија да се чинит обшче македонцки, само не доби признаајн’е од надвор, во Европа? - Одвај ли.

Револ’уцијата требит да бидит работа на сите македонци, или на болшинството од ниф, за да можит да се наречит обшча. Во самијо комитет требит да бидат застапени сите, или неколко народности. Интелегенцијата на тије народности требит да си подадит једна другиму рака и секоа од ниф да земит да популаризират идејата во својо народ. А шчо видиме во дејствителност. Не само интелегегенцијата на сите народности, не и на болшинството од ниф, ами па и интелегенцијата на нај силната македонцка народност-словените, не сета беше застапена во комитето: србоманствујук’ата и гркоманствујук’аата македонцка солвенцка интелегенцијата беше на страна од комитетот па, и враждебна. Значит комитетот во патриархистките села и градои, и части од села и градои, беше не каненн гост. Патриархистите словени можеа и да му сочувствуат, но за тоа, шчо нивната интелегенција беше против комитетот, то немат сомнуајн’е, оти и самите сел’ани тро му сочувствуваа, но тоа сочувство беше побркано со неувереност и со сомнејн’е во обешчајн’ата на комитето. Кон тоа неопределено чувство се присоједини и страф.

Сел'аните се најдоа мег'у два огнои: војската и комитетцките чети.

Кога едно движејн'е, во едни места се распространуало со убедејн'е, а во друзи со сила, можит ли да се наречит обшчо?

Није можеме да го велиме како сакаме, но во дејствителност оно беше само частично. Оно беше и јет работа на екзархистите, који се величаат „бугари", а следователно, тоа јет бугарцки маневр, да се решит македонцкото прашајн'е само во бугарцка полза; то јет да се создаит једна „Бугарцка Македонија".

Можит да не јет ушче јасно, оти, ако се удовлетворат сакајн'ата на комитето, Македонија и на вистина ке се чинит бугарцка? Ке се постарам да покажам по јасно, како реформите можат да побугарат Македонија.

Се питат: кој јазик ке бидит официјален? - Одговараат - јазикот на „болшинството". - На које болшинство? - Тогај ке се видит.

Не се запитуваат по тамо: како ке узнајат, које јет болшинството.

Да си предстаиме није сега, оти ја каде Митровден идит мег'ународен отред и окупират страната. Он мег'у другото, ке требит да решит и прашајн'ето за офицјалннјо јазик, а пак да остаиме офицјалнијо, прашајн'ето за јазико во сколијите.

За некоји тоа прашајн'е јет многу лесно: нека се признајат неколку официални јазици т. е. и турцки, и бугарцки, и србцки, и грцки, и влашки, и албанцки, според населејн'ето на областа. 3боруваат при тоа: како шчо беше во Источна Румелија (Јужна Бугарија), а тамо ке се видит, каде имат грци, каде - срби, бугари, турци, власи и арнаути. Некоји ушче прибавуат: и за Источна Румелија кажуваа, оти имало грци во нејa, но после ослободуајн'ето се покажа колку грци имат тамо. Со друзи зборои дајте вије властта во раците на македонците тоа требит да се разберит, на тије од ниф, шчо се викаат бугари, да од неколку години после вије ке видите, оти и во Македонија од друзите народности ке останит тоа, шчо остана од грците во Источна Румелија, по ослободуајн'ето на последната. Со друзи зборои цела Македонија ке станит бугарцка.

От тука не јет ли јасно, оти Бугарија и комитето сакаат да создадат „Бугарцка Македонија“ во вреда на друзите рисјанцки македонцки народности?

Ама зашчо бугарцка, зашчо не србцка? ке станит бугарцка, зашчо и јет таква; да имаше во неја поеке срби, ке станеше цела србцка и бугарцкијо елемент ке ослабнеше. Се́ тоа јет јасно и спраедливо од бугарцко гледишче. Но нека не се забораат да имат и друго, и при тоа многу друзи гледишча на македонцкото прашајн’е, като: србцкото, грцкото, влашкото, руското, словенцкото, австријцкото и на друзите западно европејцки држаи. Ако јет така, то предполаганијо окупацјонен отред на чије гледишче ке требит да станит?

Немат сомнуеајн’е, да нај лесно он ке решит прашајн’ето за јазико во сколија и местна упраа во тије места, кај шчо живејат патриархисти со грцки јазик, арнаути мусулмани и католици и турци мусул’мани. По мачно ке можит да се решит прашајн’ето во тија места, кај шчо имат: 1, патриархисти арнаути, 2, патриаристи власи, 3, патриархисти словени, 4, словени мусулмани и 5 екзархисти словени.

Сакајки да напраат по големо значејн’ето на словенцкијо јазик во Македонија, словените, ке бараат од окупацјонијо отред, да се признаит за официален во местијн’ата со словени мусул’мани - словенцкијо јазик; а. самите словени мусл’мани, по религиозни сообразуајн’а можат да бараат турцкијо јазик. Окупационите власти кого по скоро да удовлетворат? Ако постапат праилно без сообразуајн’е со религиозните требности, ке напраат насил’е. Истото затруднејн’е и во ушче по - силна форма ке се стретит при решејн’ето прашајн’ето, кој јазик требит да се признаит за во сколијите и обшчественото управуајн’е во патриархијцките рајони. Влашкото праителство ке бара за власите влашки јазик, а патриархијата со видните прихожани, ке бараат грцки. Ако се не удовлетворат барајн’ата на влашкото праителство, ке се постапит непраилно и не праедно; ако пак се удовлетворит барајн’ето на влашкото праителство, против желајн’ето на прихожаните, ке се напраат насил’е.

Патриархијата ке барат грцки јазик и за праославните арнаути - тоските. Самите тоски немаат дозрејано

до национално самосознаајн’е, за тоа патриархијата ке успеит. Но друзите македонцки народности, заједно со друзите арнаути, ке позаидуат на усилејн’ето на грцкијо јазик на есап на друзите и ке организуат партија против грцкијо јазик. Немат сомнуајн’е, да тука не ке бидит така лесно окупационите власти да се ориентираат.

Но нај мачно јет прашајн’ето за официјалнијо и сколијцкијо јазик во словенцките части на Македонија. Тука сет: једни патриархисти, друзи екзархисти по вероисповедуајн’е, ако се не гоорит за католиците и мусул’маните. Патриархистите се признаваат от турците за грци - „ урум – милет“, а от србите и бугарите за срби и за бугари. Екзархистите, сами, и от турцките власти, се бројат за бугари, србите пак ѝ бројат срби. И така, патриархијата ке сакат во поголемата част на Македонија со словенцко населејн’е да установит грцкијо јазик за во сколијите и управлејн'ето. Во својите пожелан'а патриаркијата ке стретит отпор от србите и бугарите. Но последните, оспоруајки праото на грцкијо јазик во словенцките краини, сами не ке можат да се разберат и да определ’ат, каде ке требит да бидит бугарцкијо и каде србцкијо јазик.

Мислит ли комитетот, оти, ако он сакат да игнорират прашајн’ето за јазикот во разни делои на фантазираната, барем сега за сега, автономна Македонија, игнорираат истото прашајн’е и заинтересуаните балканцки народности, особено србите? Мислит ли он, оти србите му веруваат да се работит на „Македонија за македонцие“, ако се игнорират прашајн’ето за јазикот на македонцките словени, и да тоа прашајн'е лесно и праедно ке е решит со добијајн’ето на автономни праа? Ако мислит така многу се лажит.

Ако автономијата на Македонија се јавит како резултат на сегашното востаајн’е, то македонцкото прашајн’е ке се решит не во полза на македонците, а во полза на бугарите, зашчо комитетот, како шчо видофме по горе, работит под бугарцка фирма. Тије од македонците, шчо добија образуајн’е во Бугарија зедоа инициативата за ослободуајн’е и они до сега играа, можит да се речит, не само главната, ами и искл’учител’на рол’а. Ако нивното работејн’е се увенчат со

успеф, они, а со ниф заједно и бугарцките интереси, ке земат врф на,д чуздите интереси во Македонија. Ако востаајн’ето восторжествуат, не јет ли јасно, оти за него ке имат да се благодарит на бугарите и за тоа тамо, каде сега србите конкурираат со својите пари и својата пропаганда, со бугарцките пари и пропаганда, ке изгубат секоје влијајн’е на својите клиенти? Зар не му мисл’ат србите, оти со успеот на востаајн’ето, ако се питат: на кој јазик ке требит да зборуат судијата, да речиме, во Тетоо? - автономното праителство, које ке бидит од „бол’шинството“, ке одгоорит - на бугарцкијо; истото ке одгоорат и местните жители, зашчо во нивните очи, бугарите, а не србите, излезоа герои. Исто така, во полза на бугарите, ке се решит и прашајн’ето за јазикот во градцките и селцки сколији. А пошчо во автономна Македонија ке немат место за пропагандите, то србите ке требит да отстапат местото на бугарите. Но ке се согласат ли на тоа србите? Они, можит, и би се согласиле да јет тетовцкиот гоор многу близок со бугарцкијот литературен јазик. Но они знајат, оти не јет така. Они знајат, оти во тоја гоор вистина се имаат особини обшчи со бугарцкијот јазик, но исто така се имаат и особини обшчи со србцкијот јазик, па и таквија, шчо се немаат, ни во србцкијот, ни во бугарцкијот јазици, а сет својствени само на македонцките наречја. Се питат: ке дозволит ли, и можит ли да дозволит Србија во тетовцкијот гоор да се развијат на место македонцките и србцки - бугарцки особини, а заједно со јазикот да се развијат во тетовцко на место македонцки и србцки - бугарцките интереси? Имат ли она прао да протестуат против бугаризуајн’ето на тетовцко и да барат зашчита на своите интереси тамо против бугарцките посегуајн’а? Имат ли Русија морално прао да зашчишчаат нарамно со бугарцките и србцките интереси?

От тука јасно се видит да јет прашајн’ето за јазико, особено за јазико во областите со словенцко населејн’е једно од нај важните при разрешуајн’ето на македонцкото прашајн’е. Да имаше мег’у словените во Македонија национално и религиозно единство, и да имаше сознаајн’е за ниф во жителството, до сега на полоина ке беше решено Македонцкото прашајн’е.

А до кога, једни македонци се кажуат патриархисти, друзи екзархисти; едни бугари, друзи срби, треки грци и бараат покроителство у различни балканцки држаи, давајки им со тоа прао да сс бркаат во македонцките работи, до тогај не можит да се мислит за обшчо востаајн’е; до тогај ке бидит само частично: со бугарцки, србцки, или грцки, но никако не, со чисто македонцки характер.

Тоа нешчо јет јасно за сите, само не за нас македонците и за раководците на сегашново вастаајн’е. Тије раководци праат сите усилија да покажат мотивите и самото движејн’е, како шчо се сакат ним; ама работа јет, оти не само није, ами и друзите имаат разум и очи да видат и разберат, како јет истината. Комитето се срдит, зашчо консулите не осветуат работите, како шчо сет. Но ако се осветат тије како шчо сет, то не ке се аресат на комитето. Комитето, со друзи збörои, барат, европејцките праителства да гледаат на работите во Македонија со македонцки очи т. е. со очите на комитето; а да беше така работата, немаше зашчо европејцките праителства да имаат свои агенти во Македонија.

Но ако имафме није морално прао да бараме от престаителите на европејцките држаи во Македонија точно и беспристрасно да осветлуат своите праителства и европејцкото обшчествено мнејн’е за работите во Македонија, то наш морален долг беше, да сме и није осветени во европејцките интереси во таткоината ни, особено во интересите на балканцките држаици.

Није требаше да знаеме, оти против нашето востаајн’е ке бидат: и Кара - Влашко, и Србија, и Грција. Кара - Влашко не можит равнодушно да гледат на усилејн’ето на Бугарија со даан’ето на Македонија автономна управија. На автономијата се гледат, како на преодна степен кон сојединуајн’е на Македонија со Бугарија. Кара - Влашко не можит да допушчит на нејните граници создаајн’ето на једна голема Бугарија, која, можит, после ке барат од неја Добруджа! По тија политични сообразуајн’а, и да имат во Македонија чисто бугарцко и само бугарцко населејн’е, она не ке допушчит сојединејн’ето мег’у турцки и бугарцки бугари; она не можит да допушчит во своја пакост нарушејн’ето

на територијалната целост на Турција. А Кара - Влашко јет во сојуз со тројнијот сојуз, кој шчо ке покроителствуат Кара - Влашките интереси на Балканцкиот полуостров.

Интересите на Грција во Македоннја сет ушче по големи. И ако немат многу грци во Македонија, пак Грција јет не по малу заинтересуана во нашите работи од друзите балканцки државици. Секоа држаа се мачит, ако не да праит нои эавладуајн’а, политични економцки а културни, то да сочуат тије, шчо сет напраени  од по напред. Грците со својата цариградцка патриархија имаат наложено грцкијот јазик во сколијите и црквите на много македонцки краишча, кај шчо немат грци. Природно јет, да ке употребит Грција сите дипломатични патишча, за да се задржит во Македонија на тија позицији, кај шчо се наог’ат от средните векои, особено од времето на турцкото завладуајн'е на Македонија, а грцките интереси во Македонија се бранат, не од једна Грција, аи од големите сили, шчо не сакаат да се усилит словенцкијот елемент.

Но нај многo јет заинтересуана во македонцките работи Србија. Она предјавуат етнографцки и историјцки претензији на Македонија. Но осим ниф, имат и политични причини, који никој пат не ке дадат на Србија да допушчит, да се решит македонцкото прашајн’е во полза на једна од балканцките држаи, особено во полза на Бугарија. Автономна Македонија, како пат, по кој шчо ке се дојдит до сојединуајн’ето на Македонија со Бугарија, Србија никој пат не ке допушчит. Уголемуајн’ето на Бугарија от присојединуајн’ето на Македонија не можит да бидит допушчено от Србија не само за то, шчо со тоа ке се нарушит рамновесјето на Балканцкијот полуостров, а нај многу за то, шчо по негоото извршуајн’е Србија ке се најдит мег’у две по силни од неја држаи: Австро-унгарија и Бугарија; она ке бидит од ниф политично и економцки задушена, и ке требит да се подчинит, или на једната, или на другата. Значит, државните интереси на Србија никој пат не ке допушчат да се образуат Бугарцка Македонија. Немат сомнуајн’е, оти и србцките интереси, како и интересите на Кара - Влашко и Грција, си имаат свој покроител’.

Значит, малите балканцки држти, и ако на вид и да не играат рол'а во решејн'ето на македонцкото прашајн'е, које како да јет само во раците на големите државы, во дејствителност имаат нај голем значај.

Големите државы зајавуат, оти они немаат непосредствени интереси по Македонија, а работат само во име на праедноста. Но таја праедност, како шчо рекофме, се разбират инак од грци, срби, власи, бугари, то и големите државы, покроител'ки на малите, се јауваат предстаител'ки на својеобразни праедности. От тука и не можит да се очекуат обшчо работејн'е во македонцкото прашајн'е. Задружна работа јет возможна само во најмали реформи.

Ако јет така, то на кого се надејафме со востаајн'ето? Не на Русија ли? Но Русија неколку пати официјално си изми раците пред крвопролијан'ето. Није, на место да се л'утиме на руските предстаители: И. А. Зиновјев, А. А. Ростковцки и Машков, по арно ке напраифме, да се позамислиме за руската политика на Балканцки полуостров. Русија јет словенцка и праославна држаа. Она ослободи Србија и Бугарија; она поможа на Кара-Влашко, Грција и Црна Гора да се ослободат. Она секога јет покроителствуала православијето и словенството. Ако јет така, то, шчо можит да напраит за нас Русија, кога во македонцките работи сет забркани неколку словенцки и праославни народи? Можит ли они за атар на Бугарија да оскрбит друзите балканцки самостојни праславни државы, чија самостојност јет извојуана со руска крв и руски пари, и да напрајит тије државы, да се одвртат од неја кон друзите западно-европејцки државы, и да се чинат во нивните раци орадија, напраени против Русија? Можит ли Русија со својата политика да оттолкнит от себе балканцките праославни државы? И шчо добијат она за таја загуба? Благодарноста на Бугарија, можит! Но бугарцката благодарност јет само ден до пладне, а после бугарите ке речат, оти тоа го напраи Русија со своји планои да завладит Балканцки полуостров, спасејн'ето на кој ке се наог'ат во Англија, и за тоа бугарите, на место да сет во сојуз со „великата освободителка", ке се фрл'ат во скутоите, или на Англија, или на друзите непријатели на Русија и словенството. Значит, при современата

поставка на македонцкото прашајн’е, није очекуафме за наш атар Русија со своји неомислени постапоци, да се откажит од нејните интереси на далекијот исток, и заједно со тоа да потрпит поразија на блискијот исток. Арно ама не било така, како шчо мислефме није.

И така неуспехо на востаајн’ето јет јасен, како бел ден. То од самијо зафаток јет постаено на лоша основа: не јет обшче македонцко, но јет частично, и имат бугарцка боја. Во него имаат раководна рол’а само македонцките словени, шчо се викаат бугари. Интелегенцијата, не само на друзите македонцки народности, ами и на самите македонцки словени беше непричастна во управалејн’ето на комитето. Комитето, како тајна организација, се бојеше да пушчи кај себе равноправни членои од друзи народности, от словени србомани и гркоманни, или пак и само со србцко и грцко образуајн’е, от страф, негоите тајни да не станат достојајн’е на балканцките држаици. Организацијата беше и јет завијена во тајна, така да долните нејни членои сет слепи орадија за исполнуајн’е само на работи, диктуани од горни сообразуајн’а и интерес. Тија сообразуајн’а сет само достојајн’е на неколцина, туку речи, самозванци, или случајно испливели на поврхнината македонци. Тије луг’е сет вршителите на судбините на Македонија. Нивната дејателност не подлежит на критика. Ако се осмелит некој да критикуат дејателноста на таквија лица, се решаат да погинат од организацијата. И таква организација се кажуат идеална! Разбирам, оти не сите членои можат да знајат сите работи. Но, ако и имат ограничејн’а, то ограничејната требит да бидит разумни. Во организацијата требит да бидит сосредоточени најдобрите интелегентни сили во Македонија. Требит да имат луг’е, који шчо можат по-широко да погледат на прашајн’ето и да измерат безпристрастно и без увлечејн’а резултатите на секој једен рачкор на комитетцките работи.

Имат ли нешчо подобно во организацијата? Који сет во Бугарија главните предстаители на организацијата? - Татарчев и Матов.

Можит да бидит, оти и једнијо и другијо сет л’уг’е Со висок патриотизм и знајајн’е на положејн’ето во Македонија. Но тије сет приврженци на крајни мери, без да гледаат на политичното положејн’е.

После, како се видит, они мисл’ат за единствено праилна гледна точка на прашајн’ето за народнаста на македонцките славени - бугарцката; а можит, си мислјат, оти прашајн'ето за народноста на македонците јет второстепена и ке се разјаснит лесно со ослободуајн’ето на Македонија. Но они требит да гледаат во биднината дејствителноста, а не то, шчо им се аресуат.

И сите друзи раководци, како Радев, Станишев, Карајовов и пр. и пр., сет од истата категорија. Тије си мислеа, доста јет једно зајавуајн’е оти Македонија ке бидит за македонците.

Комитетот можит да се пофалит и со по - умерени раководци, но и тије мислеа, оти спасејн’ето на Македонија јет само во дуовното јединејн’е па и господствуајн’е на бугарите во Македонија.

Можит он да се пофалит и со луг’е, који шчо сакаа диовно да се отдел’ат македонците од бугарите. Но тије луг’е или се ограничија со издаајн'ето на неколку книшки на македонцки јазик, или пак се ограничија со зборуајн’е македонцки дома, или со своите земјаци.

И така бугарцката боја на движејн’ето јет главната причина на неуспеот. Ако јет така, то шчо се барат од македонцката интелегенција, за да се олеснат нестреките за македонците от сегашната нестрек’на авантура?

Првото нешчо, које шчо се барат од нас јет да знаеме нуждите наши и на нашијо народ.

Не еднаш на митинзите во Софија и друзите градишча се имаат приимано резолу’ции со изложејн’е на нуждите на македонците. Но тије резол’уции се имаат приимано во Бугарија, под влијајн’ето на бугарцкото обшчество и од македонцката емиграција во Бугарија. На тије митинзи не беше предстаен сијот македонцкословенцки народ со негоата интелегенција, за тоа резол’уцијите беа и не полни и једнострани.

Македонцкијо народ не толку се нуждаат, барем сега за сега, во официален јазик на болшинството, во генерал-губернатор од народноста со болшинство и во слободна преса, колку: во устрануајн’е или парализуајн’е дејателноста на националните и религјозни пропаганди; во устранејн’ето на варждуајн’ето мег’у приврженците на разните национални и

религјозни пропаганди; во устранејн'ето на тоа недоверје и обособеност, која јет сега мег'у македонцката интелегенција, воспитана во разни држаици балканцки и служит на религјозно-националните пропаганди во Македонија; во официално признаајн'е на македонцката народност и во внесуајн'е во нофузите и друзите офицјални документи на лица от словенцки произлез од Македонија името „македонец"; се нуждаат во земелен надел, како шчо беа сел'аните наделени со земја при отмената на крепостничеството во Русија, Галиција и др. страни. Тука идит и цел ред друзи реформи, во који флизаат и тија, шчо беа изработени од рускијо и австро - унгарцки посланици во Стамбул и беа приемени од Н. И. В. Султано.

Задак'ата на македонцката интелегенција от сега на тамо ке требит да бидит да се одделат нагледно за сите: и за самите македонци и за Турција, и за балканицките држаи, и за великите сили, интересите на македонците од интересите на друзите балканцки држаи и народи, и да се изучат подробно сите прашајн'а врзани со избавуајн'ето на нашијо народ и нашата таткоина от сегашното големо бедствије, и со процветаајн'ето на нашијо народ во дуовен и материален однос.

Таја задак'а јет многу тешка и требуат големи заједнични усилија. За тоа изучуајнето на таја задак'а и исполнуајн'ето нејно бараат участије во нејa от сите македонцки словени, без разлика на верцка или нацјонална боја. За тоа македонцката интелегенција требит да престанит да се односит мег'у себе со недоверуајн'е. От пропагандите, во који служит, ке требит да бараат слободија, да се наог'ат во постојано сносуајн'е со интелегенцијата и обшчеството од друзите пропаганди. Во слободните балканцки држаици, од време на време, македонцката интелегенција без разлика на пропаганди, требит да устројаат своји македонцки собири, на који ке се разгледуваат и решаваат прашајн'а за дуовното и нацјонално процветуајн'е на македонците. Македонцката интелегенција секогаш, кога јет надвор от својите официални работи, требит да зборуат мег'у себе на централното македонцко наречје (Велешко – Прилепцко – Битолцко - Охридцко), које ке требит да се воведит во сите религиозни и национални

пропаганди и турцките сколији, како задолжителен предмет. Тоа наречје имат да бидит литературен јазик на македонците.

Ако религиозните и национални пропаганди не посакаат да воведат нашијо јазик во своите сколији, се разбират, оти само тамо, каде живејат словени, и ако забрануат на своите учители и попои да другаруат со македонцката интелегенција и обшчество од друзите пропаганди, то тогај македонцката интелегенција и народ, без разлика на пропаганди, требит да му изнајдат пат, со кој шчо ке можит да се накажит таја пропаганда. Ако таја пропаганда се восползуат со музавирлуци против нејните непријатели, то интелегенцијата требит, да објаснит на народо недостојнијо образ на работејн'е на таја пропаганда, и да го повикат, сам да си бранит животните своји интереси. Ако народнијо протест во верцките и сколијцки работи, во који требит обшчините да се признајат слободни, се покажит од заинтересуаната пропаганда, како бунт со државна боја и се барат државни мери против бунтовниците, то народо и интелегенцијата требит да се обрнат до консулите, како до третејцки судији.

Ако неколку или сите пропаганди се воспротиват за тија наши барајн'а и настојаваат, во сколијите и црквите да се изучаваат и поминуваат само јазиците на пропагандите, то да се пријмат обшчи и енергични мери против сите и религиозни и национални пропаганди во Македонија.

Слободијата на совеста јет признаена на секаде; она јет и ке бидит признаена и кај нас. Експлуатацијата со таја слободија се преследуат на секаде и требит да бидат преследуана и кај нас. Језуитите сет истерани, туку - речи, от сите европејцки земји, за тоа шчо експлуатираа со народната совест. Црковните ордени во Франција сет ограничени во сколијцките работи, оти со ниф злоупотребуваат. Шчо јет било на секаде во Европа, можит да бидит и кај нас, во Македонија.

Секој ке имат прао да исповедуат и мусул'манство и рисјанство во трите главни форми: праославије, католичество и протестанство. Религиозните потребности и убедејн'а сет за сите неприкосноени. Но религијата никак не требит да бидит средетво за престапни

политични и национални цели, како шчо јет сега во Македонија.

Ако разгледаме сега распространените во Македонија религиозни пропаганди, то тамо ке најме религиозните пропаганди во поекето случаји да служат како орадије за национални и политически цели.

Протестанството и католичеството во Макецонија имаат само религиозни цели, оти предстаителите на тија пропаганди со уважејн’е се односуат до сите и нај дробни национални особнини на сите македонцки националности. Ето зашчо никој немат прао да се ополчит против работата на тија пропаганди.

Праославијето, нај старата, нај распространената и основната религија на сите македонцки народности, за сожал’уајн’е сосим изгубило од видот својата главна цел’а да сејит братство мег’у народите, да облагородуат срцата на верните. На место тије благородни задаки праославијето сејит само раздор и ненавист. Оно јет сега само нај главното средство во раците на разни пропаганди со чисто национални и политични задаки. Праославијето во Македонија сега јет до толку искажено, шчо и не можит да бидит реч, за една праославна црква, - сега тамо имат 3 цркви, но не православни, а: грцка, бугарцка и србцка. Зашчо тоа да бидит така? Зар црквата не требит да бидит: Едина, Соборна, Вселенцка и Апостолцка?

- Да. Црквата требит да бидит имено Едина и Соборна, а не србска, грцка и бугарцка. Црквата кај нас си изгубила својата главна цел’а, за то македонцката интелегенција и народо имаат полно прао да употребат сите свои сили да лишато црквата во Макецонија от чисто национални цели и да и поврнат тија цели, који шчо ѝ запоедал неј нејнијот Божествен Осноач: да проповедуат евангелието на сите јазици т.е. на сите народи на нивните јазици.

Ако религиозните пропаганди се постарајат да побркаат на здружуајн’ето на македонцката интелегенција и македонцкијо народ мег’у себе, то прво нешчо, које ке се потребат, тоа јет, да се образуат во Македонија: Едина, Соборна и Апостолска црква т. е. да се возстаноит Охридцката Архиепископија, која шчо ке бидит „Архиепископија всеја Македонији“.

Религиозните пропаганди можат да имаат нешчо против здружуајн'ето на македонцката интелегеција и народ само по национални соображиајн'а. Ако јет така, то природно јет, оти, со барајн'ето црковна реформа, ке се сојединит и барајн'е сколијцка реформа т. е. Архиепископијата ке земит во свои раци сколијцката работа, и ке се соообразуат во неја со народноста на својата паства: во грцките епархији и парохии ке се учит во сколијата, и ке се служит во црквата на грцки јазик; во влашките - на влашки; во словенцките - на македонцки.

Тогај сите национални и религиозни пропаганди, који шчо цепија народо на разни групи, непријател'цки една кон друга, ке се отстранат и ке настапит мир за народо, за Македонија, за Турција и за Европа.

И вистина, одвај ли имат нешчо по арно од вакво свршуајн'е на македонцката криза: за народот то јет арно, оти ке се ослободит и од интригантите од разни народности, и ке се откажит од разни поддупуајн'а, који шчо го одвлекуваат од негоите мирни работи: црквата ке примирит безосновната вражда мег'у разните народности.

Таков исход на кризава јет нешчо нај арно и за Турција. Турцките дипломати се лажат многу, ако мисл'ат, оти ке сочуваат Турција во Европа поеке ако се придржуат до политиката: divïde et impera. До кога имаат во Македонија поеке влијајн'е от самата Турција до кога не се отстранат причините, чуздите држаи да имаат во Македонија поеке вилјајн'е од самата Турција до тогај Турција само ке расходуат на Македонија, а не ке имат од неја никаква полза, до тогај секоја минута ке требит да се бојит да не изгубит Македонија; а ако се признаит официално, оти во Македонија немат неколку словенцки народности, ами имат само једна оддел'на, ни бугарцка, ни србцка, и ако се одделит Македонија во самостојна архиепископија, наједнаш Турција ке се ослободит од набркуајн'ето во македонцките работи от сите 3 саседни држаи.

Нашите националии интереси, диктуваат на македонцката интелегенција и на македонцкио народ, да се поможит на Турција да излезит од затруднител'ното положејн'е во које ја кладеа религиозните и национални

пропаганди во Македонија и држаите, заинтересуани во ниф. Нам не ни требит присојединуејн’е до Бугарија, ни до Србија, ни до Грција. Целоста на Турција за нас јет по важна, од колку за Русија и западна Европа. Турција јет страната, шчо се наог’ат во нај арно географично положејн’е. Турцкото подданство и сочувајн’ето на целоста на Турција ни даат прао на македонците да се ползуаме низ цела Турција со прао граг’анство. А тоа прао можит да ни даат голема материална полза. Ето зашчо македонцката интелегенција, ако изучит подробно својите интереси то на прао место требит, да постаит и за себе, и за својо народ: со сите своји морални сили да сочуат целоста на Турција. Во замена на тоа, није ке имаме лице и прао, да се надејаме од нашијо великодушен господар, да добијеме полна автономија во црковното и сколијцко дело и полна равноправност пред законо и во местната самоупраа во Македонија. Таква самоупраа никак не јет опасна за целоста на Турција. Напротив она ке уредит односите мег’у македонцките народи во вечни времијн’а.

И така усилијата на македонцката интелегенција и народо требит да се обрнат на националното сојединуајн’е на македонцките словени во једно цело и на сојединуајн’ето на интересите на сите македонцки народи. Националното и религиозно непријател’ствуајн’е требит да станит само једен жалостен спомин. Солидарната работа на македонцките народности требит да се обрнит кон сочувуајн’ето на целоста на Турција. Во замена на тоа, Турција ке раширит праините на сите македонцки народности пред законо и во административното управуајн’е, и ке покроителетвуат на националното развитије на сите македонцки народности.

Таква мирна програма на македонците ке стретит поддржка и одобрејн’е у великите сили, заинтересуани со сочувуајн’ето на целоста на Турцко. Великите Сили ке поможат на Турција да се оддалечат сите непраини за македонцките народности од националите и верцки пропаганди и да се обезпечит нивното самостојно сашчествуајн’е и развијајн’е.

Малечките балканцки државици, који шчо сет заинтересуани и поддржуат пропагандите, на прво време, ке се расрдат на Императорцкото Султанцко праителство

за тоа, шчо пресече „вековните“ привилегји, но ке поминит време и они ке се примират со устранејн’ето на пропагандите, оти тоа устранејн’е, ке бидит во нивна полза: ке престанат да прајк’аат во Македонија секоја година својите милиони франкои, од који за ниф никога не јет имало, и не ке имат никаква полза. Тије милиони не само сет пропадали до сега без полза, но и имаат поддржуано непријателство мег’у Балканцките држаи, кога тије по својата географцка близост и једнакви интереси, требит, една со друга да помагаат заједничното економцко развивајн’е.

По горе, кога зборуаф јас ка неуспео на востаајн’ето, јас рекоф, оти неуспео се должит на частичноста негоа. Јас зборуаф, оти кога се праит востаајн’е од името и во полза на сите македонцки народности, тогај на тоа требит да се имат полномок’наст и участије на сите народности во организацијата.

Сега, кога зборуам јас за истеруајн’ето на пропагандите од Македонија, за примируајн’ето и објединуајн’ето на македонцката интелегенција и народности, можит некој да си помислит, оти тоа објединуајн’е ке ни поможит да се подигнит једно обшчо востаајн’е, које шчо ке имат по голем успев. Ке погрешит, кој ке напраит такво закл’учуајн’е.

Јас ушче по горе рекоф, отиније сме заинтересуани во целоста на Турцко. И вистина, каква полза за нас од присојединуајн’ето со Бугарија или Србија, или Грција? Тије држаи сет по културни од нас, а като таквија само тије ке имаат полза од присојединуајн’ето кон ниф Македонија. После таквоа присојединуајне на цела Македонија до једна од балканцките државици не јет возможно - друзите државици ке побркаат на него. Возможен јет дележот на Македонија мег’у малите државици, или окупирајн’ето на Македонија од Австрија. Но можит ли да бидит по голема нестрек’а за македонците од раздел’уајн’ето или окупацијата?

Малечките државици балканцки без церемонија ке земат во своји раци сите дооди од завоеваните части на Македонија, а македонците ке се обрнат во просјаци откако си загубат првен својите национални особини.

Можит да се предречит, каква ке бидит судбата на Македонија под Австро - Унгарија: Босна и Ерцеговина јасно ни покажуваат, оти не ке поминат и 10 години од Австријцката окупација, како ке зафатат македонците без разлика на вера и народност да си оставуат својите катои и да се исел’уат.

А и присозединуајн’ето до једна од балканцките држаици, шчо не јет никој пат возможно, ни делејн’ето, ни окупацијата, не сет возможни без револ’уција од натре. И имаат ли смисл’а тије револ’уцији, кога ни обезпечит Н. И. В. Султано националното и религиозното сашчествуајн’е и ни гарантират равноправност пред законо и во областната самоупраа со турците? А се имаат осноајн’а да се мислит, оти Императорцкото праителство јет исполнено со добри намерејн’а за својите македонцки народности. Историјата помагат на секој народ, да си видит грешките, који шчо имат праено, и да се чуат да не се повторуат. Сегашното востаајн’е јет многу поучно, како за нас, исто така и за турците. Јас не можам да допушчам, турците да не се поучат од него: јасно јет за секој, па и за турците, оти Турција не можит поеке да сочуат Македонија, ако продолжаат истата политика кон нас, шчо је водеше до сега. Турција не можит да сочуат таја своја провинција без содејството на местното жителство. Једна војска не јет доста, како шчо не јет доста и доволството на меншеството на населејн’ето. Турцкото господство во Македонија ке се сочуат само тогај, ако во нејa имат многочислено населејн’е, које шчо видит својето благосостојајн’е обеспечено само под власта на Турција. Тоа населејн’е ке составуат главнијо оплот на турцките интереси во Македонија. А поддржката на болшинството Турција ке добијит само, ако се погрижит да воведит во Македонија истинцки реформи, способни дејетвител'но да сочуваат националните и религиозните интереси на поданиците, нивните граг'ански праа и сносно економско сашчествуајн’е. Ако тија потребности на поданиците не се сочуваат, и Турција продолжаат да бидит неискрена во прилагајн’ето на реформите, то от тоа ке пострадат нај много пак она: 1, она ке бидит принудена со сила да воведит некоји реформи; 2, ако и после тоа населејн’ето не бидит оградено во национално - религиозен

и економцки однос, то со тоа ке се восползуваат непријателите на Турцко да напраат во Македонија брканица за да ловат риба во матна вода.

И така првото нешчо, које шчо ке требит Македонцката интелегенција да се добиват, тоа јет: устранејн'ето на недоверјето мег'у интелегенцијата со разно национално и религиозно образуајн'е; обједињуајн'ето на тaја интелегенција, как во самата Македонија, така и зад нејните граници; совместното обсудуајн'е обшчите интереси на македонците; устрануајн'ето на национално-религиозната мрзн'а; воспитан'ето на македонцките словени во чисто македонцки национален дух; задолжителното изучуајн'е на македонцкијо јазик и слоесност во средно-учебните заведејн'а во градоите со словенцко населејн'е; обучејн'ето во селцките сколији со словенцко населејн'е на македонцки јазик. Во словенцките села во црквата словенцко богослужејн'е. Ако тија барајн'а стретат отпор од некоја от пропагандите, то да се молит турцкото праителство и Големите Сили, да се отдалечат од Македонија деморализујуките пропаганди, да се востаноит Охридцката Архиепископија, во раците на која да преминит црковно - сколијцкото дело за сите рисјанцки народности во Македонија.

Друго нешчо, које се барат од нас, јет, да се обратиме до нашите брак'а, шчо војуваат во таткоината ни, да сложат оражјето, за да се даит возможност на Русија и друзите сили, да земат сите мери, шчо зависат од ниф, да се удовлетворат сите наши религиозни, национални и економцки интереси.

Јасно ми јет, со какво негодуајн'е ке се однесат множина кон тоа мое предагожејн'е. Можит, ке го наречат и предател'ство. Можит да бидит, да се најдат и л'уг'е, који шчо ке речат, оти требит да се мавнат од тоја свет лица со такви мисли.

Кој како сакат, нека речит, нека мислит и нека пријимат против мене. Долго кон народот и таткоината ми диктуваат да се искажам во таква смисл'а. Јас сум једнаш уверен, оти во постапоко ми немат нишчо предателцко: 1, оти мислите, не само на частни лица, како мене, но и на сите македонци од бојното поле и од Бугарија, и мислите, барајн'ата и предложејн'ата на

целијо бугарцки народ и бугарцкото праителство, не сет во состојајн'е, да изменат погледите на Големите Сили и Русија на нуждите на македонцкијо народ; 2, сите усил'а по натамо одвај ли ке изменат поведејн'ето на државите во нашето прашајн'е. Нај много, шчо можит да бидит, тоа јет - европејцка конференција; но таја конференција не можит да се зафатит по рано от пролетта; и то, тогај ке се зафатит само, ако востаајн'ето тогај бидит по силно от сегашното. Но можит ли да се предвидит одот на востаајн'ето? Пак и да се допушчит, оти востаајн'ето тогај ке бидит, и по силно от сега, и ке принудит Европа, да се повикат европејцка конференција, можит ли некој да предречит, оти решејн'ата на таја конференција ке бидат во наша полза? - Одвај ли.

Европејците до сега си имаат напраено неправилен закл'учок за народноста на македонците, и ето зашчо, последните, који носат на својот грб сите тешкотији и нестреки от сегашното востаајн'е ке имаат нај малу полза од решејн'ето на конференцијата. Требит да бидиме слепи, за да не видиме тоа, шчо јет очигледно. Во конференцијата ке се земат цел ред мери во полза на македонцките народности. Но који сет тије народности? - турци, бугари, срби, грци, власи, арнаути.

Кого требит да бројат на конференцијата: бугарин, србин, грк? Каде јет границата мег'у ниф? Нај после кој ке заседаат на таја конференција? Кој ке даат сведејн'а за македонцките народности и нивните потребности? Зар не јет јасно, како бел ден, оти предстаители од нас немат да имат, оти ке решаваат нашите судби, без да не питат нас, шчо бараме није, а зато, ке питаат нашите непријатели, који имаат своји државаи и своји дипломати, и који ке извлечит сета полза од нашата пролиена крв?!

Не брајк'а! Никаква конференција не не спасават. Многу по арно ке бидит, да се довериме на нај многу заинтересуаните во нашите работи државаи, особено на праославна Русија, која знајит убао нашите нужди, а не да се надејаме во сами себе и во некакви конференцији. Да беше било така лесно и арно созивајн'ето на конференција, и сега ке имафме друг способ трактуајн'е на нашите работи, и наместо Европа да остаит Русија

и Австрија да решаваат нашето прашајн’е, сите европејцки Големи Сили ке сакаа во него да играат једнаква рол’а. А шчо пишит англијцкијо министр-председник на кентербеswitchијцкијо архијепископ за политиката на Големите Сили во нашите работи: „Участјето на сите Сили во разрешејн’ето на македонцкото прашајн’е само можит да задржит, на место да ускорит, неговото разврзуајн’е. Во даденијо случај нај арно јет иницијативата и нај главната рол’а да јет во раците на нај заинтересуаните големи државни, који нај арно знајат нуждите на македонците“. - Да, није требит да знајиме, оти од участјето на сијот „концерт“ можит да се очекуат големо неблагозвучје, по малко данлејн’е на Портата, од колку можит да се очекуат од работите на двете нај многу заинтересуани држаи. Држаите разно гледаат на прашајн’ето, а тоа разногласје бркат на једнодушно давлејн’е на Портата. Можит ли да се мислит, оти на конференцијата ке имат по големо једногласје, от тоа шчо го видиме сега во постапоците на двете заинтересуани држаи?

Сегашната конференција ке бидит сосем во друзи условија од тије, во који работеше конференцијата пред последната руско - турцка војна. Сегашната конференција ке изиграет само во полза на малите држаици, шчо бараат на есап на македонците да си осноат и рашират праата на нивните народности. Ако јет така, а инак не можит ни да бидит, то ексик му и конференцијата!

Једно јет така, то немат смисл’а и по накашното сопротивуајн’е. Зваете ли, шчо мисл'ат тије, шчо сет за по накашното сопротивуајн’е? - Једно имаат надеж за набркуајн’е на Силите; друго, се надејат на конференција; и трек’о кажуваат, ако не бидит ни једното ни другото, то ке напраат Турцко економцки да пропаднит со долгото содржуајн’е на голема војска. Једнаш се видит, оти двете првни надежи не ке бидат во наша полза. А трек’ото ушче по малу. Зашчо ке питате?

Европа имат интерес, да се сочуат Турцко, ето зашчо, ке му даваат средства, за да се сочуат. А који ке и плајк’ат тије пари и процентите од ниф? - Пак није. Но да предположиме, оти турцкото економцко разоруајн’е не ке се отразит на нас. Но не јет ли јасно,

оти, ако Турцко ослабнит економцки, није ке ослабниме во неколку пати поеке? Не знаеме ли није, оти сето време, до кога ке се продолжаат борбата со четите, турцкијо аскер ке грабит, ке насилуат и ке праит секакви друзи пакости на населејн'ето? Народо не ке можит да вршит својата работа, а од друга страна, ке требит да ранит гладната турцка војска и четите?

Борбата имат, не толку национален, колку религиозен карактер. Како та јет опустошител'на, во неколку пати поеке од обичната војна! Тоа опустошејн'е имат смисл'а, ако се имат надеж на успеф. Сијот надеж наш јет на европејцко набркуајн'е. Но јасно јет, оти такво набркуајн'е немат да последуат. Није мислиме, оти Европа ке се сожалит над мирното населејн'е, и заради него ке се набркат во нашите работа. Но имено нашите есапи не даваат на европејците возможност да се претечат на помок' на мирното населејн'е. Европејците кажауваат, оти не можаат да напраат нишчо, оти секоја мера од Европа, комитето ке приимит за поостроуајн'е на негоата агитација.

Значит, до тогај, до кога ке се продолжит движејн'ето, није не можеме да очекуаме дејствително набркуајн'е во нашите работи, и до тогај нашијот народ ке бидит принуден да трпит нај големи бесполезни и бессмислени нестреки.

Во таков случај имат ли смисл'а по накашната борба? - По моето мнејн'е немат. Није немаме излишни народни сили, за да ѝ принесеме на жртва за бугарцките, србцки и грцки интереси, оти сегашната борба јет само во туг'а полза. Нашите народни сили сет нужни и за културна борба.

Да допушчиме и противното, оти сегашната борба нај после ке принудит Европа да се набркат во турцките работи и да принудит Турцко да даит равноправност на македонцките народи. Дали није македонците (словените) во таков случај ке можеме да се поздраиме со успеф? Мисл'ам не. Равноправноста ке бидит за сите народи, па и за турците, грците и пр. и пр. Значит, нашата крв се проливала за праата на тија народности, који шчо, или си седеа мирно во време на борбата, или беа против нас. Малу јет тоа, шчо није проливафме крвта на нашијот народ за туг'ите, па и за интересите на нашите непријатели,

но со нашата крв и разорејн’е, ке се восползуваат нашите непријатели от слободните држаици за да продолжаваат со својите религиозни и национални пропаганди да не дел’ат на протиоположни и непријател'цки лагери: срби, грци и бугари.

После борбата на бојното поле, ке настапит време да се бориме на културна почва, и во тоа време, наместо да имаме возможност, да се ползуаме со плодоите на пролијената крв и да преуспеваме културно, није, и тогај, како и сега, ке требит да помагаме во наша вреда, то србцките, то грцките, то бугарцките интереси.

При таква национална раздвојеност, и при полното економцко разоруајн’е безсмислени ке станат секакви конференции, набркуајн'а и реформи, оти сите ке водат кон једен дележ на Македонија.

По сите тија сообразуајн’а, како и по полната убеденост во тоа, оти, не само бесполезно и невозможно јет по накашното успешно сопротивуајн’е, јас мисл’ам, оти наш долг јет да замолиме македонцката интелегенција, која имат влијајн’е на сегашното движејн’е, да обрнит својот поглед на сериозноста на положејн’ето, да измислит патот и сите стредства, колку се можит по скоро, за да се искажит полно доверје кон постапоците на заинтересуаните Големи Сили во полза на македонците, и откако ке им дајит обек’ајн'е, да прекинит по накашната борба, да ѝ замолит да се помогнит, морално и материјално на пострaданото населејн’е да се поправит; да замолит, да се воведат сите предложени реформи и тија, која шчо ке најдат силите за нужно, како раширејн’е на изработенијо проект; да се отстранат пропагандите и востаноит Охридцката архиепископија со црковно - сколијцка автономија, амнистија на емигрантите и сите четници, признајн’е на словените во Македонија за одделна народност: македонци, и внесуајн'е на тоа име во официалните книги и пр.

Со полното прекратуајн’е на востаајн’ето, ке се установат мег’у нас и турците односи, која одговараат на интересите, и наши, и нивни. Тогај ке се имат возможност да се видит, оти нашите интереси со нивните така сет сплетени, шчо, со загубуајн’ето на једните, губат и друзите, а сета полза извлекуваат од нашето непријател’ствуајн’е треки, ке се речит,

малите балканцки држаи. Тоа се видит особено јасно од возможните последници на востаајн'ето, који за наша и турцка стрек'а не последуваа. Зборот ми јет за делејн'ето на Македонија мег'у малите балканцки државици.

Востаајн'ето се дигна и разори, и нас, и турцката држаа. Вредата, од него, и за нас, и за Турција јет громадна, но па по мала отколку, шчо можеше да бидит. Стрек'а и за нас и за Турција јет, шчо мег'у Бугарија и Србија немаше никакво согласуајне по македонцкото прашајн'е. А такво согласуајн'е немаше, зашчо Бугарија мислеше да присојединит до себе цела Македонија сама без помок' на друзите саседни и големите држаи. Бугарија се излажа во расчето. Во тоа се состоит нашата и стрек'ата на Турцко. Бугарија до сегашното востаајн'е немаше политички опит за решејн'ето на македонцкото прашајн'е, ето зашчо, сите маневри да се решит оно излегоа јалови. Бугарија до сега не знајеше, оти решејн'ето на македонцкото прашајн'е не јет искл'учител'но во Софија, ами колку во Софија, толку и во Белград т. е. во согласуајн'ето мег'у Софија и Белград. Тоа согласуајн'е до сега се бројеше за државна измена, но от сега, от како си испитаа бугарцките дипломати сето безсилије, и при нај големите своји усилија сами да решат македонцкото прашајн'е, ке се најдит цел ред бугарцки дипломати, који ке погледат на тоа согласуајн'е, како на неизбежно зло. Сегашниот политичен опит да беше бил у бугарите по напред, ке се пристапеше, прво до раздел'уајн'ето на сферите на влијајн'ето во Македонија мег'у срби и бугари, а после во време на востаајн'ето, србцките и бугарцките војски ке навлезеа во Македонија. Таков ке бидеше излезот на востаајн'ето при по голем опит мег'у бугарцките дипломати. За наша стрек'а, тоа пат није се избаифме од дележот на таткоината ни и Турцко од загубуајн'ето на једна од прекрасните своји провинцији.

Востаајн'ето не донесе делејн'ето на Македонија: тоа јет положител'нијот резултат од него. Но тоа делејн'е стрек'но јет избегнато само от-случајната неопитност на нашите непријатели. Делејн'ето ни грозит ушче поеке во бидно време от по големата опитност на нашите непријатели: Бугарија можит да закл'учит со Србија догоор за разделејн'е сферите на влијајн'ето

во Македонија. Такво разделејн’е на сфери на влијајн’ето неминуемо ке донесит дележ на Македонија, ето зашчо, једен од нај главните долгои на македонцката интелегенција јет, да се отстранат једнаш за секога од Македонија бугарцката и србцка пропаганди, да се оснуат во Македонија свој дуовен центар за македонците и тоја центар, како и самите македонци, да немаат никакво зимајн’е даајн’е со соседните балканцки држаи и народи. Во таја мера се состојит предотврак’ајн’ето, на дележот на Македонија и сочувуајн’ето на таја провинција за Турцко. От тука јет јасно, оти арно сознајаните интереси на турците и македонците им диктуваат, не да трошат нивните сили во мег’уусобна борба во полза на обшчите нивни непријатели, ами да си подадат једен на друг рака, и да отстранат сите фактои, шчо бркаат на нивните пријател’цки односи и обшчи интереси.

Со прекратејн’ето на востаајн’ето ке зафатит во Македонија мирна културна работа. Она ке требит од нас установајн’е арни односи кон сите народности, шчо насел’аваат Македонија. Нашата интелегенција до сега не можа да установит нај желател’ните односи мег’у нас и друзите македонцки народности. Тоа отчасти не зависеше од неја. Така, односите на нашијот народ кон турците и мусул’маните у опшче поеке јет заисел от последните, отколку од нас: ако мусул’маните гледаа на рисјаните, како на л’уг’е рамни ним, то немат сомнејн’е, оти не само ке бидеа нај арни односите мег’у рисјани и мусул’мани, ами можит, и да немаше востаајн’е. За сожал’уајн’е, мусул’маните и до последно време не можаа да се ослободат от својо стар предрасудок, да гледаат на рисјаните, како на по долна раса од ниф. Ке се надејаме, оти турцкото праителство и турцката интелегенција ке се уверат во сета вреда, шчо причинуат подобен предрасудок, и ке се постараат да го искоренат, и со тоа ке попраат односите мег’у рисјаните и мусул’маните.

Добрите односи мег’у грците и нас македонците (словените) пак поеке заисат от првите, от колку од нас. За да се попраат тије, грците ке требит да се откажат от својата „мегали идеја“ и да признаат праото на сашчествуајн’е и, на македонцката народност редом со

грцката во Македонија. Особено патриархијата, како установа вселенцка, требит да престанит да постапуат, како установа со грцки характер. Она требит свето да чуат праата на сите рисјани, а не да пожртвуат праата на једни во полза на друзите. Особено јет нужно, патриархијата свето да чуат праото на националното сашчествуајн’е на сета своја паства. Тогај ке се избегнит конфликтот мег’у грците и македонците, оти последните не бараат, тије, шчо зборуваат грцки, да имаат во своите цркви старомакедонцки јазик, а во сколијите сегашнијот македонцки јазик, ами тоа се барат само за тије, шчо зборуваат македонцки. Ако пак патриархијата продолжнит преследуајн’ето на македонцкијот јазик мег’у македонците, и место него пропагандират грцкијо јазик, со тоа ке натерат македонците да гледаат на неја, како на орадије на грцката национална пропагадна. Во таков случај, и грците и патриархијата ке ни се објаат за непријатели на нашата народност, и наш свет долг ке ни бидит, да одбиеме сите грцки наади на нашата народност. За таја борба мег’у рисјани није свал’аме от себе одгоорноста на грците и патриархијата, оти није во тоја случај не нападаме, ами се браниме од чузди покушејн’а.

Нај арни можат и требит да ни бидат односите со власите. Нашите интереси никаде не се престрек’аат со влашките. Власите поеке живејат во градоите, и сет трговци, а није поеке сме во селата, и сме селцки стопани. Тије од власите, шчо живејат во селата, се занимаваат со овчарство. Власите и нашијо народ се разликуваат по јазик, носија, характер, така да никој пат власите не можат да претендираат на наши села, исто така, никој пат није не сме кажуале, оти влашките села сет наши. Мег’у нас и власите немат никаква историјцка недоразберија. Власите никој пат не сет имале никаква власт над нас, и никој пат не ни се сториле никаква пакост. Исто така и они немаат нишчо патено од нас. На опаку, ушче от средните векои мег’у нас и власите јет имало секој пат согласје. На таква почва можит да се развијит нај срдечна дружба мег’у нас и власите. Таја дружба требит да пушчит глабоки корени мег’у двата братцки народи, за да им даит возможност, рака за рака да врват по тешкијо пат на културнијот прогрес.

Једно се устаноат праилни односи мег’у нас и друзите македонцки: рисјанцки и мусул’манцки народности, једно се признајит нашата народност от праителството на Н. Ц. В. Султано, се внесит во нофузите името македонец, се напраат првите постапоци за нашето национално и религиозно ослободуајн’е од пропагандите и се воведат политичните преобразуајн’а, предвидени од реформаторцките сили, једно се пријимат мери за економцкото попрауајн’е на нашите селцки стопани, па и до воведуајн’ето на сите тије подобруајн’а во нашето национално-религиозно и економцко жиуајн’е, није-македонцката интелегенција ке требит да напраиме ушче једно, а то ке бидит и нај важното: да приложиме сите своји физически, интелектуални и морални сили на нашето национално возродуајн’е.

Последното востаајн’е ни покажа, оти тоја пат, по кој шчо одефме, сега јет погрешен и опасен. Тој требаше многу жртви, а дааше малу полза. Револ’уцијата не компрометира пред нашето праител’ство и не не исстаи во добра боја пред европејцкијот свет. Но во се́ тоа није сме малу криви. Од једна страна не поддупуваа кон востаајн’е; од друга - није сме млад народ и се увлечефме со једна нездрела предпријимачка. Како младите л’уг’е, који предпочитаат во работејн’ето скокои, на место постепено, но постојано работејн’е во једен исти праец, и младите народи предпочитаваат скокоите пред постојаната упорна работа во једен исти праец. До сегашното наше работејн’е особено востаајн’ето беше неомислена младенческа работа; но они ни се опростуваат, једно, зашчо до сега није бефме млад народ, кој шчо одвај се проникнуат со својето национално самосознајн’е, а друго, зашчо до сега, не живејки како оддел’на национално - религиозна једеница, се наог’афме под влијајн’ето на разни национални и религиозни пропаганди. Но тоа шчо ни се прошчааше до сега, не можит да ни се опростит за однапред.

Сега није не можиме поеке да гледаме на себе и својо народ, како на једен младенчески народ без политичен опит. Није поминафме во својето историјцко развијајн’е веке важни стадији, који можат да состаат епоха во историјата на кој и да бидит народ. А ноата

епоха налагат на нас ноа требност, - културно работејн’е.

До сега работеше народот со интелегенцијата задружно, но работејн’ето беше распределено не еднакво: народот се јавуаше исполнуач на планоите на интелегенцијата, кога последната не праеше нишчо поеке от состауајн’е планои или организуајн’е на револ’уционо движејн’е. Организаторцката работа јет пак работа, но не можит да се речит да јет от тешките. Подготвуајн’ето за револ’уција јет работа, која, можит, требит нервно работејн’е, но тоа работејн’е не јет толку мачно и толку ценено, колку си мисл’ат револ’уционерите - младата наша интелегенција. Подготвуајн’ето на едно востаајн’е се продолжаат 5 - 10 години и после сите забркани во него, или умираат, или пак, ако останат живи, требит да останат без нишчо, и да си изберат некоја други работа, која ке требит да зафатат од ноо, и за која, можит, и не сет сосим приготвени. Организаторцката работа не јет толку мачно и за тоа, шчо, обично, организаторите често, мислејки, оти нивнијот жиот јет по важен од жиотот на сел’аните, подстауат на нај мачните работа простите работници, или народот. За тоа организаторцката работа од една страна јет работа за еден чоек, шчо предпочитат временото напрегуајн’е на силите пред постојанијот упорен и мачен труд, од друга страна, она јет и безнравствена, зашчо, при неа, не чоек се жртвуат во полза на обшчеството, на народот свој, или на чоешчината, а со народот праит опити за својите фантастични планои. Македонцка интелегенцијо! Време јет да се помислит, да јет грешно да се праит опит со туг’и чоешки жиоти за нашите фантастични планои.

Но со тоа јас не сакам да кажам, није да престаниме да идеализираме и да живејеме со народни идеали. Не! Није не можиме да живуаме без идеали: само нашите идеали от сега ке требит да бидат по чисти от понапредните. От сега није ке требит со нашата патриотична работа да искупиме нашите греои пред нашио народ. От сега није ке требит да се жртвуаме за негоите интереси и со тоа да му отплатиме за негоата вера во нас и за негоото послушно и точно исполнуајн’е планоите на организаиијата. Како можит нашата

интелегенција да се одолжит пред нашијо народ за дадените од него жртви? На тоа прашајн’е јас одгоориф кога зборуаф по горе за борбата со пропагандите и за постаајн’е на нашијо народ во добри односи, кон сите македонцки народности.

Но главно, како шчо напомниф пак по горе, ке се поможит на нашијот народ со културно работејн’е, а нај поеке со просветуајн’ето.

Науката и литературата сет нај важниот фактор во развивајн’ето на једен народ, како народ. По степента на развивајн’ето на науката и литературата у једен народ се мерит негоата култура и по ниф се дел’ат народите: на културни и не културни; културните народи владејат, а не културните робуваат. Само со знајајн’е и просветејн’е, само со културна работа ке можит нашата интелегенција да попраит и искупит својите грешки пред нашијот народ.

Ке речат некоји, оти културната работа јет возможна само кога имат политична слободија; без неја она јет не возможна.
- Вистина во таја забелешка имат једен дел истина, но само једен дел. Главното условје за културна работа не јет полната политична слободија, а моралната воспитаност на народот и негоата интелегенција, сознајн’ето на нравствен долг пред народот у секој член от тоја народ. Полната политична слободија не чинит за нишчо, ако једен чоек не сознаат, оти негоијот чоечки долг, негоијот долг пред својата таткоина и својот народ јет: труд, труд и пак труд. Слободијата чинит само за ползуајн’е од резултатите на својот труд, но не толку за самијот труд. А за да можит чоек да се ползуат од резултатите на својот труд, требит прво да се потрудит. Да работит и да се трудит можит чоек и при по стеснени политични условија.

За да си очистиме совеста пред народот наш за дадените од него жртви, требит, значит, да се зафатиме за културна работа. А при тоа да цениме својето работејн’е, не по надворешнијот негов вид, а по негоата ценост, а цената на трудот се мерит со потребните за него сили. Ако гледаме така на трудот, и ако искрено сакаме да се одолжиме пред нашијот народ, то не ке се извинуаме да немат почва за културно раоботејн’е. Почва

за него имат, но немат сакајн’е. При сакајн’ето, ако не ке можиме да печатиме много работа на нашијот јазик; то зато нашата интелегенција ке можит да послужит, како жива народна енциклопедија, во која ке се имаат точни и проверени сведејн’а по сите оддели на науката и литературата.

Но точни и проверени сведејн’а се добијаат при многогодишно упорно работејн’е, и то кога се работит со сознаајн’е, да се исполнуат со работејн’ето долгот кон таткоината и својот народ. А таквоа многогодишно упорно работејн’е јет по полезно, по мачно и по нравствено од револ'уционото. Оно јет и по разумно.

Ползата за народот од научното работејн’е на нашата интелегенција, ке се видит от тоа, шчо нашијот народ сам со своји очи ке можит да погледат на себе и на друзите народи, ке изучит својите и туг’ите достоинства и недостатоци. Једен просветен народ можит да се срамнит со једен умен чоек; за тоа, наш долг јет, да приложиме сите своји сили, со својето работејн’е да просветиме нашијот народ.

Културното работејн’е јет по мачно од револ’уционото, зашчо првото јет умствено, а второто поеке физическо. За ил’устрација земете изучаајн’ето на класическите и нои јазици и кореспонденцијата на комитетот или распределејн’ето на четите. Револ’уционата дејател’ност јет времена и разрушајушча, а не вечна, созидајушча. А културнијот чоек, за да имат прао да се наричат таков, требит да созидат, а не да рушит. За да бидит здајн’ето здрао, требит д му бидит темел’от убав. За тоа чоек не требит, само за олеснуајн’е на својата работа, отрицател’но да се однесуат кон много науки мачни, како старите јазици, но шчо состауваат осноајн’ето на много положител’ни сведејн’а и науки. Цел’ата да се добијат положител’ни сведејн’а от сите оддели на науката, не само за нас лично, а како членои народни, ке требит да застаит секого од нас да посветит сите свои сили, сето својо слободно време за изучуајн’е на сите тија науки, шчо сет нај нужни за нашијот народ и шчо требаат нај многу работа, зашчо за по лесните секој пат ке се најдат доста охотници. Није, ако сакаме да имаме чиста совест пред нашијот народ и пред себе, требит да зимаме на себе, за да му поможиме,

и нај мачните научни работи, а не да се изгооруаме, избирајки нај лесното, да немаме способности или призвајн’е за тија науки, шчо требаат нај многу труд и сакајн’е да се работит.

Културното работејн’е јет по нравствено од револ’уционото, зашчо со првото интелегенцијата се чинит истинцки слуга на својот народ, а со револ’уцијата она се обрнуат во немилосрден експериментатор.

Нај после културното работејн’е јет разумно. Интелегенцијата со него разјаснуат нај важните за себе и за народот прашајн’а. А нај важни сет тија прашајн'а, шчо сет врзани со народното самосознаајн'е.

Во последно време није истапифме со барајн’е политична слободија, без да се запитаме, али сме није дозрели до неја, и али сега тоа ни јет нај нужното? Нашите последни барајн’а до колку сет праилни, или не, не земам да решаам. За мене јет по важно прашајн’ето за нашето национално-религиозно и економцко возродуајн’е; а тоа можит да станит само со изучаајн’ето на својот народ, прво како одделна јединица, после во врска со друзите македонцки и балканцки народи, и нај после како член на словенцката фамилија народности. Такво изучаајн’е ке внесит разумност во нашите односи кон сите упоменати народи.

Ето приближно какво можит да бидит нај главното работејн’е на македонцката интелегенција за да се попраат сите грешки напраени со последното востаајн’е.

И така работејн’ето наше ке требит да бидит на почва на народното просветејн’е: мирно, легално, евол’уционо; оно ке имат за цел’а, интелигенцијата да бидит истинцка служанка на народот, а не на опаку. Но за да бидит таја служба благодатна, нам ке ни требит да создадиме народни служители, народна интелегенција, која ке си посветит сите своји сили на народното благо. Ни требит интелегенција со јасно сознаајн’е на моралнијот долг на чоека пред негоата таткоина и негојот народ. Ни требит интелегенција морално и умствено совршена.

Сегашната наша. интелегенција требит да посветит сето својо работејн’е над моралното и умствено усовршуајн’е

на својот народ и создаајн’е на једна идеална македонцка, интелегенција.

Ако тоја долг сознаит, ако објединуајн’ето на нашата интелегенција со бугарцко, србцко и грцко образуајн’е се достигнит, ако се парализуат работејн’ето на пропагандите и се успеит, тије сосим да се отстранат од Македонија, ако се установат добри односи кон сите македонцки народности и се подобрит политичното и материјално состојан'е на македонците, то, при сите дадени жртви, ке можиме крај другото да бидиме доолни од једно: востаајн’ето ни отвори очите на грешнијот пат, по кој до сега врвифме, по кој ке врвифме и за однапред, и без востаајн’ето сами ке подготвифме почва за дележ; оно ни отвори очите на много наши нужди, који што и не ѝ предполагафме по напред.

Дај, Боже, сегашното востаајн’е да ни послужит како једен урок за нашијот народ; урок за сите нас македонците, без разлика каде сме се образуале, и како сме се до сега викале. Дај, Боже, сега пролиената крв да послужит како завет мег’у живите, који сет должни пред таја крв да се заклнат за једна обшча културна работа, на полза и стрек’а на нашата обшча много патена таткоина - Македонија.

## ИМАТ ЛИ СЕ НУЖДА ОД МАКЕДОНЦКИ НАЦИОНАЛНИ НАУЧНО-ЛИТЕРАТУРНИ ДРУГАРСТВА? *)

Идејата за образуајн'ето на нашето другарство беше - полно oддел'уајн'е на нашите интереси од бугарцките. Со него није сакафме да покажиме на русите, оти у нас во Македонија немат национален антагонизм и јет возможно задружно работејн'е од сите македонцки народности на културна почва. Ушче повеке, није сакафме да докажиме на русите да немат во Македонија неколку словенцки народности, а имат само једна; да македонцките словени можат сами да разрушат таја преграда, шчо јет постаена мег'у ниф од пропагандите и од, нивното образуајн'е во Бугарија, Србија или Грција. Није сакафме да покажиме, оти на прекор на нашето образуајн'е и воспитаајн'е во разни држаи или пропаганди, није предпочитаме сите да напраиме отстапки от своја страна за обшчемакедонцките интереси, за да не бидиме орадије во раците на пропагандите и на нивните цели: за да не се стремиме кон соjединејн'е, ни со Бугарија, ни со Србија, ни со Грција.

Но се најдоа мег'у ланцките членои лица, који наог'аат за излишно сашчествуајн'ето на таквоа другарство, зашчо немало оддел'на македонцка народност во Македонија, а имало тамо србцка и бугарцка, и пошчо во Петроград, имало бугарцко и србцко студентцко другарства, то немало нужда од македонцко.

Пред вид на таја критика за нуждата и целесообразноста на нашето овдешно другарство, није сме должни да си дадиме точен отчет за причините, што предизвикаа образуајн'ето негоо. Тоа можит да се напраит, пошчо се одгоорит на главните возразуајн'а на нашите противници, со који они се мачат да покажат да

*) Прочетено на II-та седница на Петроградцкото Македонцко Научио-литературно Другарство „Св, Климент“ на 28-и Септ. 1903 г.

немат нужда од оддел’но македонцко другарство, и да јет негоото сформируајн’е не својевремено.

Нашите противници вел’ат, оти сега не му било времето да се подигаат национални прашајн’а во Македонија, кога јет зборот за једно сносно сашчествуајн’е на сите народности. Сега не јет времето да се оддел’уаме од Бугарија, кога она напраила толку жртви за нашето ослободуајн’е и ке напраит ушче за однапред. Неуместно и неразумно јет да оддел’аме својите интереси од обшчебугарцките, кога во сојединејн’ето, а не во расцепејн’ето јет силата. Ако се подигнит сега прашајн'ето за националноста на македонците, тоније ке требит да се врниме назад на 30 и поеке години. Зар и возможно ли јет сега националното објединуајн’е на македонците, кога во Македонија имат многу, а не једно националност, и кога немат једна оддел'на македонцка словенцка нација?

Нај напред требит да се речит, да не јет истина тоа шчо вел’ат да сега не му било времето да се подигат прашајн’ето за народноста на македонците? Со игнорирајн’ето на тоо прашајн’е,није не праиме ни једно стапка напред, зашчо, ако го игнорираменије, то ке го игнорираат сите, и мали, и големи држаи, осим Бугарија. Није, значит, просто си затвараме очите пред непријатната за нас дејствител’ност. Ако, значит, разгледаме тоа прашајн’е,није не се врајк’аме назад, а одиме напред, сознаајки негоата важност. Вистина со националното прашајн’е није ке се занимааме 20 - 30 години, но кривината за тоа лежит во нашите предшественици, који не сознаа сега негоа важност, и не го кладоа да здрејит. Да беа, тоа напраиле, немаше зашчо није сега да се занимааме со него. Ако прашајн’ето за народноста на македонците имат првостепено значејн’е за бугарите, србите и грците, и секоја од тије народности го третираат по своему, то зашчо и није тоа прашајн’е да не земиме во своји раци, и да го разгледаме сестрано, и од бугарцко, и од србцко, и грцко гледишче, и критикуајки сите ниф, да не изработиме македонцко гледишче на нашата народност, а се удовлетворуаме спроти местото, каде сме се училе, или со србцкото, или со бугарцкото, или со грцкото гледишче? Да не си изработиме своје, македонцко гледишче на

нашата народност, убедител’но и спраедлио за сите македонци, значит, да није не сме во состојајн’е самостојно, без туг’о влијајн’е да изучиме сами себе. Јас не можам да допушчам последното и го бројам оскрбно за мене, ето зашчо и не се откажуам на прво место да си изработам свој самостојен возглед на прашајн’ето за мојата народност и таја на мојите сонародници. Значит, од моје гледишче нашето другарство во прашајн’ето за нашата народност не напраи никаква нетактнос, и само укажа извесна услуга на дуовните интереси на македонците.

Сега ке требит да, одгооримe на возразуајн’ето, да не јет уместно и јем не својевремено да оддел’уаме нашите интереси од обшчебугарцките, зашчо од једна страна, силата била во соjединејн’ето, и од друга Бугарија напраила толку жртви за нашето ослободуајн’е и ке напраела и за однапред.

Тоа возразуајн’е јет многу сложно, затоа ке требит да се одгоарат на секој дел по оддел’но.

Прво нешчо, шчо можит да се речит, тоа јет да није не сега се оддел’уаме од Бугарија, и со тоа раздробуаме једно создадено цело, но сме одделени и живиме веке оддел’но поеке од 25 години. Друзи не разделија и создадоа од нас и бугарите различен жиот, разни потребности, нерамен положај. Друзи и не ни даваат да се сојединиме. Од македонцко гледишче сојединејн’ето на цела Македонија со Бугарија, или Србија, или Грција не јем желател’но, но не јет и страшно. Значит нема зашчо да се бориме со него. Но такво сојединејн’е не ке допушчам, ни малите балканцки, ни големите европејцки држаи. Значит, није, не сакајки да бркаме нашите интереси со бугарцките, дааме својето согласје и узаконуаме сашчествујушчијо ред. Се питат само, али тоа узаконуајн’е јет во наша полза, зашчо кажуваат, оти Бугарија ни напраила многу арнотији, и ке ни напраела ушче. Да видиме, шчо арно сме виделе није до сега од бугарите?

Бугарите усилија бјуджетот на екзархијата от појавуајн’ето на.србцката пропаганда; со друзи збории усилија нивната пропаганда и нивните интереси во Македонија. Кладоа они неколку владици, и отворија, неколку трговцки агентства, поддржаа со пари востаајн’ето

во Македонија и преранија во Бугарија мнозинство обездомени македонци, избегани во Бугарија. Тије сет арнотијите, шчо и видофме од бугарите.

Како ви се чинит: али сет доста? али сет много? али сет поеке од добрините, шчо ни ѝ напраија србите? - Ако не бидиме бугарцки шовинисти и пристрастно не гледаме на работите, не можиме да не констатираме, оти во Македонија бугарите не напраија за нас македонците, нишчо поеке од тоа, шчо напраија србите. Пак и смело можит да се речит, оти напраија по малу от србите. Горе избројените бугарцки добрини не сет напраени во полза на самите македонци, а на интересите на Бугарија во Македонија. За тоа бугарцките милиони за Македонија немаат по големо значејн’е од србцките за тамо. Бугарите ни кладоа владици во Македонија; имајте на ум, оти тије владици сет во поекето случаји и во нај важните места бугари, а не македонци. Преко владиците бугарите сакаа да истребат се́, шчо не им јет пријатно, а нај многу црковно - обшчинцката самоупраија. Но таква услуга со србцки владици сакаа да ни окажат и србите. Шчо сет тије криви, шчо није предпочетофме да сме орадија на бугарите, на место да сме орадија на србите, - Бугарите отворија во Македонија трговцки агентства! Но за чији интереси? Се разбират, оти не за македонцки, а за бугарцките. Србите предадоа својите интереси во Македонија на своји консулства и генерални консулства. Ако бугарцките трговцки агенства во Македонија сет благодејајн’е за нас, то србцките генерални консулства сет ушче по големо. - Бугарите ни поддржале востаајн’ето. И србите го поддржуваа. Бугарите го подржуваа поеке, зашчо нивните интереси тоа го сакаа, а не за атарот наш. Србите го поддржуваа, за да не останат по назад од бугарите; но да беа србцките интереси така врзани со востаајн’ето, то србите сто, пати ке објавија до сега војна на Турција, без да чекаат од некаде помок’, без да гледаат али ке бидит исходот за ниф благопријатен или не. - Бугарите ранат обездомени македонци, но истото го праат и србите.

Тоа јет сета арнотија, шчо ја добифме од Бугарија. Сега да видиме, со шчо заплатифме није за таја арнотија, или колку ни костуат она?

Ако прегледаме собитијата от последната руско-турцка војна до сега, ке видиме, оти секоја арнотија од Бугарија за македонците не јет нишчо, осим једна конпенсацација за глупостите, шчо ѝ имат напраено Бугарија во нашето прашајн'е. Македонцкото прашајн'е во раците на бугарцките дипломати и народ јет ред глупости, напраени само на македонцки есап и наречени мег'ународни победи на бугарцката самостојна политика. Тије глупости на бугарцкијо народ сет за нас македонците како прародител'цки греф, који ке поминуваат од поколејн'е на поколејн'е.

Ето во шчо се состојит тоја прародител'цки греф:

Бугарите сет ослободени од русите. Во тоа време руското обшчество се увличаше со словенофил'ство. Тоа увлечејн'е им зе около 250.000 души војска и милиарди рубли. Но каков беше резултатот от таја војна? Русите и напред војуваа со Турција, и ослободија со своја крв готоо сите балканцки држаици. Но никоаш до тогај русите не се разочаруваа така, како шчо се разочаруваа во време на последната војна. Оно дојде до таква степен шчо русите сакаа да кладат крст на својето по тамошно увлечејн'е и ослободиајн'е на словените на Балканцки полуостров. Последните секоји од ивлечејн'ето на русите и со тоа и надежите на македонците на Русија беја голтнати од Бугарија. Поведејн'ето на бугарцкиот народ кон руската, војска, и бугарцката интелегентнија кон руските власти и дипломати, беше таква, шчо русите ил'адо пати се кајеа за својето увлечејн'е со „братушките". Тоа раскајајн'е јет влегло глабоко во душите на сите руси, који сега не сакаат да чујат за некакви „братушки", а особено за бугарите. Кој плајк'ат сега за поведејн'ето и грешките на бугарите, ако не није македонците?

Увлечејн'ата на Русија родија једна Бугарија, но со нејното родејн'е Русија умре за нас. Сите надежи у македонците поминаа на недоносчето - Бугарија. Није помислифме тоа недоносче, ја ке одрастит, ке окрепнит и ке ни дајит рака и није со него да заживиме слободен жиот. При имајн'е једна слободна Бугарија није мислифме, чуму ни јет Русија. Нашите надежи се поддржуваа од Бугарија и како да зафатија да се осашчествуваат. Бугарија, како покојнијот србцки крал

Александар, ке објаи сама за совршенолетна и зафати самостојен ред глупости, шчо се наричаа од неја самостојна политика:

Разруши арните односи со Русија, и повика Стамболова, тој да предаит Бугарија во раците на тројнијот сојуз и Англија, и да ја напраит нивно орадије против Русија. Таја ноа ера во историјата на Бугарија, таја самостојна политика се зафати от присојединуајн'ето од на Бугарија со Источна Румелија и од нарушаајн'ето од Бугарија на Берлинцкијот догоор, на кој шчо почиваше и праото на македонците на автономија со рисјанин генерал - губернатор. Нарушајн'ето на Берлинцкијот догоор и Стамболовцкијот режим, крстени „самостојна национална" политика на Бугарија, на тоа политично, капризно, несовршенолетно недоносче јет втор удар за политичната слободија на македонците. Европа и Русија настојаваа да се изработит план за реформи во Македонија и во 1882 година, тоја план беше веке готов и ке се настојааше да се воведит, как „ноијот политичен фактор на балканите" кажуат својето veto, и наместо реформи сакат за Македонија бугарцки владици. Бератите за владици се дадоа и није, заслепените македонци, поверуафме на Бугарија, оти она со нејната „самостојна" политика нишчо друго не праит, осим одржуат политични победи и облагодетел'ствуат нас, макдонците. - Арно ни замажаа очите. - Но не поминаа и 5 - 6 години, како се отрезвија бугарите од својето увлечејн'е во „самостојната" политика. Се убедија со напредуајн'ето на србцката пропаганда во Македонија, оти они не сет јединственијот фактор во Македонцкото прашајн'е, а оти имат, осим ниф, и друзи, и оти успеот при конкуренцијата ке бидит тамо, кај шчо ке бидит поддржката на Русија. Бугарите пак станаа русофили, но тоа го напраија, не со чисто срце, а за да напраат руското праителство орадије на својите интереси во Македонија. При надворешното пријател'ство на Русија, они не можеа да се примират со мисл'ата, зашчо руските консули во Македонија да подржаваат србцката пропаганда тамо. За таја причина некоји од политичните партији клеветеа Русија, како непријател'ка на Бугарија, и на сѐ бугрцко, нај многу за поддржката од страна на Русија

србцката пропаганда. Бугарцките политикани не можеа да видат, оти поведејн’ето на Русија јет плод на нивните глупости, шчо се вел’ат „самостојна“ и „национална“ политика. Кога тоја „самостојна“ и „национална“ политика јет орадије на непријателите на Русија, против интересите на последната на Балканцки полуостров, можат ли да бараат тије бугарцки политикани од руското праител'ство, да бидит оно совршено безучастно во собитијата на Балканцки полуостров, кога тоја полуостров јет бил грижата на Русија цело столетје и поеке? Она требит да си сочуат својите интереси тамо, па и ако тоја сочувуајн’е не ке бидит по вкусот на „сомостојната“ и „национална“ политика. Бугарите во својата надворешна политика станаа русофили и русите си изменија малу политиката кон бугарите. Но бугарцкото русофилство беше со есап, и не беше трајна, значит, и руската политика немаше да се изменит окончателно, једно не се знајеше, до колку јет искрена и трајно бугарцката надворешна политика. Бугарите беа не задоолени од руската политика во последно време, особено заради прашајн’ето за ракополагајн’ето на Фирмил’ана и за македонцкото востаајн’е. Они вел’ат: во тоа време, кога министерството на Данев предаде надворешната политика на Бугарија во раците на Русија, последната на место да ни поможит, напраи да се ракоположит Фирмил’ан во Скопје, и друго, не напраи нишчо за Македонија. Бугарија да беше водела „самостојна“ и „национална“ политика она не ке допушчише првото, и ке решеше македонцкото прашајн’е со по големи реформи.

Тије сет расудуајн’ата на бугарите. Но није, ако станеме на самостојно македонцко гледишче, ке требит да речиме следното: Бугарија со нејното русофилство не напраи никаква услуга, ни на Русија, ни на Македонија. Но од русофилството оно се воспользуа со зајамот, напраен при руско содејство, а друго, и најглавно, не изарчи позајмените милиони на војени нужди, и со тоа остаи полни државните каси. Бугарија и да водеше „самостојна“ и „национална“ политика т. е. да беше орадије на тројнијот сојуз против Русија, пак немаше да напраит нишчо, зашчо сега и немат тије натегнати односи мег’у ниф, који беа при Стамболова. Сега членоите

од тројнијот сојуз имаат оддел'ни соглашејн'а по мег'ународните прашајн'а, работат заједно по ниф и парализуваат сите капризи на малите држаи, који со тије капризи сакаат да изменат политичното разновесје во нивна полза. Сега немат место за Стамболовцка политика. Возродуајн'ето на Стамболовцкијот режим во Бугарија сега не се оправдуат со нишчо и јет једен нов опит на политичното недоносче да покапризничит. Но от тије капризи, не него, а нас македонците, ке не болит глаата, како шчо и не болит веке. Но ноите праители во Бугарија ни вел'ат: тоа јет Русија крива; Русија се боит од једна голема Бугарија и за тоа: таја кладе Фирмил'ана, таја сега не сакат да дајит на Македонија автономија, таја не не остаи нас да се приготвиме, и да војуваме со Турција.

Другари! Таквија тврдејн'а, не сет нишчо друго, осим једна лож, једна клевета, фрлена на ослободител'ката Русија од једен ослободен робцки народ, кој шчо ушче не јет слободен од негоите робцки инстинкти, со који се ползуат, за да оправдат својата глупаа „самостојна“ и „национална“ политика. Тој народ, кој шчо јет првата и последната причина на сите наши нестреки, со својите глупаи постапоци не наведе на једна нерамна борба со турците, и во нај решител'нијот момент не остаји на произвол на судбата. Тој произведе клајн'ето во Македонија, како шчо го произведоа во Ерменија англичаните, и со тоа изгуби својето влијај'не во Македонија. Но тоа влијајн'е му јет нужно, ето зашчо, од једна страна не увераваат, оти до кога имат слободна Бугарија, македонцкото прашајн'е не јет закопано, од друга страна, за да оправдат својето егоистично поведејн'е, сета вина за нестреките кај нас обрнуат на Русија.

Брајк'а! зар не јет нелепост, да се мислит, оти Русија се бојела од голема Бугарија и не сакала нашето ослободуајн'е, и оти по тије причини не сакала нашето ослободуајн'е, и помагала да се ракоположит Фирмил'ан?

Прво да видиме, кој јет крив во сегашното востаајн'е и на кого паг'ат за него нај голема одгоорност?

Не једнаш Русија ни имат речено, оти она не ке пролијет, нито једна капка крв, и не ке ни даит, ни нај мала материјална помок', ако није македонците подигниме

Востаајн’е. Русија по македонцкото прашајне толку пати јет публикуала праител’ствени сообшчуајн’а, толку пати сет праени предстауајн’а на бугарцкото и турцко праител’ства по нашето прашајн’е. Во сите ниф напрао ни се велеше: седејте си мирно, оти, ако напраите брканица, не можам, и не сакам да ви поможам. Со друзи зборои, она си изми раците од сите нестреки од једно востаајн’е во Македонија. Можиме ли није после тоа да обвинуаме Русија во неискреност и поддупуајн’е? Зашчо тогај да се л’утиме на Русија?

Ако не се лажам, комитето и организацијата очекуваа помок’, не од Русија а од Бугарија, зашчо во Македонија по пон’атјата нивни и на екзархијата бугарцка живејат бугари. Руси тамо немат. Значит Бугарија требеше да поможит, или нај категорично да речит: не чекајте од мене нишчо. Но Бугарија не напраи ни једното, ни другото: не напраи првото, зашчо бугарите сет есапчији, и сет готои да земат Македонија, ако им је подарит некој; а инак, ако сакат, нека бидит эапустена. Никој друг од Балканцките народи немаше така спокојно да гледат на запустуајн’ето на једен крај, кај шчо се имаат негои сонародници. Да беше инициативата во востаајн’ето грцка или србцка, и да знајеа тије народи, оти востаајн’ето ке бидит така сил’но, не гледајки на никакви неблагопријатни прилики, ке објавија војна, па макар та војна да се свршеше со полна поразија нивна. Но бугарите не сет от таја категорија: они ке објаат војна само тогај, ако имат некоја држаа, која да им обеспечит плодоите на војната. А пошчо такво обеспечејн’е никој пат не јет сигурно, без да се ангажират једна од големите држаи, или неколку од ниф, со оражије во рака да поткрепат тоа обеспечејн’е, то од Бугарија не можеше да се очекуат набркуајн’е во македонцките работи. Но ако беше така, то бугарите можеа да кажат јасно на македонците, на ниф да се не надејат, и можит, не ке се добиеа тије резултати. „Далековидната“ политика на кн’азот и на негоите „самостојни“ и „национални“ помок’ници требеше да предвидит сé, и да предупредит нестреките. Но они тоа не го напраија. Оставија да станит востаајн’ето, мислејки, ако не „самостојната“ политика, то крвта на македонците, ке застаит „великата ослободител’ка“ да си остаит

својите работи, и да дојдит да војуват за нас, за да је повикаат после во Берлин, и да загубит Манджурија и влијајн'ето во Персија. Тоа беше престапно поведејн'е кон македонцките работи, и главен престапник во ниф се јавуат официална Бугарија и бугарцкиот народ, кој шчо не можа да застаит својето праител'ство, да се застапит за својите македонцки клиенти. И за тоа престапно поведејн'е се праит сега крива Русија, и то официална Русија, која немала нишчо обшчо со нејнијот народ. Ослободените „братушки“ сега не сакаат да се признаат во својите грешки, ето зашчо зајаувaат, да сет они сите русофили, да милуваат рускијот народ, но не милуваат руското праителство, које не изражуало народните чувства кон македонците, и отрицател'но се однесуало кон секоја искажана од народот симпатија кон ниф. За докажуајн'е на последното покажуваат на „тајни“ циркул'ари од праител'ството, да се не печатат поеке статији за македонцките работи.

Кај нас, во Македонија, и во Бугарија можат да придаат на таква праител'ствена распоредба неправил'ен значај, ето зашчо ке требит да се кажат овде неколку зборои и за неја. Нај прво требит да се кажат, оти во македонцкото прашајн'е немат никаква разлика мег'у погледите на него на руското обшчество и народ од једна страна, и праител'ството од друга, а имат само разлика во степента на интересот со него: обшчеството и народот многу по малу се интересуваат от праител'ството, шчо се видит от помок'ите за македонците. Ако се срамнат тије со помок'ите на бурите (Трансваал'ците), то ке се добијет голема разлика, а тоа јет затоа, зашчо со борбата на бурите се инересуваа много поеке, од нашата борба. А тоја слаб интерес јет резултат на разочаруајн'ето на русите од „братушките“. Значит и за тоа требит да речиме на бугарите: сполвј ви! Руското праител'ство секој пат даат полна слободија на руската стамба да стамбосуат статији по сите прашајн'а до тогај, до кога некоје прашајн'е се разгледуат и не јет пријемено никакво решејн'е по него. Откако прашајн'ето бидит исцрпено, и по него јет пријемено некакво решејн'е, се прајк'аат циркул'ари, да јет прашајн'ето исцрпено. Но, тоа се праит, не за да се лишат ноините од слободија да пишат, а за тоа, шчо на Балканцкиот

полуостров придаваат големо значејн’е на сите статији, шчо се односат до балканцките работи, и мисл’ат, оти праителството под влијајн’ето на пресата, ке изменит својата политика. Праител’ството просто сакат да не избаит нас од праздни надежи.

Ако јет се́ тоа така, то со шчо можит да се објаснит политиката на Русија во прашајн’ето за Фирмил’ана, ке запитаат некоји. - Јасно јет, оти она јет србофилцка. - Да видиме да ли јет, толку јасно.

Причините на ракополагајн’ето на Фирмил’ана ушче једнаш јасно ке ни покажат, каква нестрек'а за нас македонците јет носејн’ето на името бугарин. Од ниф ке се видит, оти политичното недоносче - Бугарија не јет во состојајн’е да зашчишчаат, не само нашите, но и негоите интереси.

Бугарија немат дипломати, а ушче по малу - во странство. И тије шчо сет от последните, не сет да чуваат и подигаат значејн’ето на Бугарија, а да умал’уваат и осмејуваат, и себе, и својата држаа. За потврдуајн’а на тоа, доста јет да се потсетит на тројица: г. г. Бешков, секретар и gerant на Трговското Агентство во Битол’а, Цоков, дипломатически агент во Лондон и Станчев, таков во Петроград.

За г. Бешков, попрашајте кого сакате во Битол’а, било то от персонало на тамошните консулства, било од бугарцките учители, било од влашките, било од граг’аните, или нај после од циганчијн’ата, со који се имат разгоарано г. Бешков, постојано врвејки по градот без работа, - сите ке ви кажат, кој јет г. Бешков. За тоа србите имаат во Битол’а прекрасен предстаител’, који се пол’зуат со полно уважејн’е у консулите. Тоа јет г. Ристич.

Сета своја дипломатија си искажа г. Цоков во разгоорот негов со кореспондентот на Рејтер.

Но нај интересен јет г. Станчев, једно, како частно лице, друго, како дипломат и трек’о, како дипломат на нај важното за Бугарија от сите дипломатцки места. Прво нешчо, шчо бијет на очи, тоа јет, шчо г. Станчев си остаат на истото место от сето време, како знајам за него (имат околo 9 години). Тоја факт на вид јет многу утешен, зашчо он како да покажуат постојанство во политиката на Бугарија. Србцките посланици вистина

седат во Петроград по неколку години со ред, но по 4-5 години се менат. Но тоја утешен факт, јет утешен само на вид. Ушче првата година на моето студентство мене ме запитаа, каков чоек јет г. Станчев? Јас за него не знајеф нишчо, затоа рекоф, оти мало го познаам. Тогај ми дадоа једна немцка книга, со наслов Die Wahrheit über Bulgarien. Јас замолиф, да ми је дадат, да је прочитам дома. Ми је дадоа, и така јас се запознаф прв пат со г. Станчев и со бугарцките работи, особено со положејн'ето и авторитетот на бугарцкијот предстаител' во Петроград. После јас чуф ушче некоји слуои за г. г. Станчеи, од нивнијот жиот во Петроград, подобни на пасажите за ниф но упоменатата книга. Од разгоор со журналисти јас чуф, оти г. Станчев праил опит да повлијајет на ниф, но неуспешно. Вообшче сите тије, со који имаф случај да се видам или зборуам, г. Станчев или не го знае, или лошо се одзоуваа за него. Но во последната година г. Станчев, кажуваат се пушчил толку долу, така ниско пушчил бугарцкијот престиж во Петроград, как не ке можеше да напраит и нај големијот непријател' на бугарцките интереси.

А знајат ли бугарите, оти во тоа време, кога они имаат во Петроград једен Станчев, србите имаат тамо једен Пашич, или једен Грујич, или једен Новакович? Тије дипломати последовател'но сет, или во Петроград, или во Стамбул; и на једното, и на другото место они остануат по неколку години со ред. Во Петроград они имаат обширни познанства и се ползуваат со многу арен дочек од горните слоеи на руското обшчество и имаат големо влијајн'е на него. Они се знајат со дипломати, професори, редактори и издатели на ноини. Они зборуваат убедител'но и со глабоко знајајн'е на работите. Добаите кон тоа, да јет србцката надворешна политика установена, као и то, да имаат они и цел ред друзи, осим упоменатите дипломати, и ке разберите, оти ракополагајн'ето на Фирмил'ана јет победа на србцката дипломатија и поразија на бугарцката; победа, добијена со своји т. е. србцки сили, а не нешчо наврзано од русите; поразијата пак на бугарите јет резултат на немајн'е бугарцки дипломати, који да разбираат бугарцките

интереси и да ги зашчитуат со авторитет и знајајн’е. -

Ама г. Зиновјев помагал и сочувствуал на србите. Тоа можит да бидит истина, но тој го праит тоа, не зашчо мрзит бугарите, а зашчо србцките посланици во Стамбул сет логични, знајат арно нивните интереси, и можат да ѝ зашчитуат. Исто така, можит, руските консули зашчитуваат србцките интереси во Македонија, не за атар, а једно, зашчо и србите, како и бугарите сет словени, а друго, зашчо србите по арно имаат разбрано и знајат да бранат нивните интереси.

Значит бугарцката надворешна политика не издржуат никаква критика. Она јет главнијот извор на сите наши нестреки. За тоа не можит и да се зборуат за некакви арнотији од Бугарија за Македонија. Арнотија ли јет материјалната помок’ на Бугарија за востаајн’ето, кога таја поддржка само не застаи да си расфрлиме народните сили, со кои није бефме силни, а сега сме нишчо? Арнотија ли јет ранејн’ето на избеганите во Бугарија македонци, кога Бугарија јет првата и последната причина да им се разорат куките: Арнотија ли јет тоа, шчо пријимат она на своја служба македонци, кога последните со службата, или зарди нејa, забрауваат својата таткоина, и нејните интереси жртвуваат на бугарцките? Зар не сет македонците, шчо сет на служба или кандидати за служба тије, који изопачуваа мег’у населејн’ето во Македонија значејн’ето на руските праител’ствени постапаци, и ѝ толкуваа пред него стамбуловцки, и го тискаа да востанит, против советите на Русија за благоразумје? Македонци! време јет да се убедиме, оти лошијот демон за Македонија, не јет никој друг, осим Бугарија, ето зашчо час по скоро требит да одделиме интересите наши од бугарцките. Тоа го барат од нас благоразумјето.

От се́ горереченото се видит, оти бугарцките арнотији за нас македонците ни нај малку не се разликуваат од србцките, но за то ни костуваат сто пати поеке:

1, за бугарцкото име, шчо ни го подари екзархијата, није зедофме на себе сите добрини, шчо сет врзани со него, и со који се украси тоа име во најноата историја на Балканцкијот полуостров.

2, за бугарцките сколиjи и бугарцкото „покроител’ство“ на нашите интереси, ниjе немаме никакво сочувство от страна на русите, не за тоа, шчо тиjе мрзат бугарите, а по тиjе сообразуаjн’а, шчо они толку многу направиле за бугарите, колку за никоj од словенцките и праославни народи; излегуат, оти они и за нас македонците направиле многу, и немало зашчо ушче нешчо да очекуаме од ниф. Рускотo покроител’ство стаат не нужно, кога ниjе имаме „самостоjно“ и „национално“ бугарцко покроител’ство.

3, за бугарцките владици, шчо ни ѝ подари Стамболов, ниjе заплатифме со немаjн’е автономни праа, предвидени по Берлинцкиjот трактат. Таjа арнотиjа добиjат ушче по големо значеjн’е со тоо, шчо она беше причината да се образуваат комитети, организациjи, чети, востааjн’а, да имат убиjства, грабежи, колеjн’а и пр. и во се́ тоа Бугариjа ни поможа, и со пари, и со трпеjн’е на комитетите на своjа земjа.

4, верата во бугарцкото чувство кон нас си jа платифме со востааjн’ето, од коjе Бугариjа вистина не не задржа, и не ни поможа, но . . . . . . го испрати Начеича, да прегоарат . . . . . . Исто така Бугариjа со своjата искусна дипломациjа не поддржа . . . . . !

5, За ранеjн’ето на избеганите македонци во Бугариjа и како наj голема награда за името бугарин, шчо го насадиjа каj нас, ни покажаа барем да знаjиме, коj jет причината за сите наши нестреки, а тоа била . . . . . . Русиjа. И така, значит, Бугариjа ни напраи до сега веке сите арнотиjа, остааше само и у нас да развиjит клас „самостоjни националисти“, коjи ке разберат наj после, каде jет коренот на секоjе зло во нашето национално развиjаjн’е, т. е. Бугариjа реши, и каj нас да насеjет русофобство, та и ниjе да изгубиме секоjа вера во праославна Русиjа. Мисиjата на Бугариjа jет прекрасна, само за жалост ниjе тука во Петроград сме далеко од Бугариjа, та русофобското семе не можит да ни западнит глабоко во душата и да даjит арни плодои.

От сите преоброjени фактои се видит големата вреда за нас македонците от тоа, шчо ниjе, или барем мнозина од нас, отожествуафме до сега нашите интереси

со обшчебугарцките. Није се велефме бугари. Со тоа, од једна страна сакафме тоа име да ни послужит како центр, около кого ке можиме сите да се згрупираме, без да бараме за таја цел'а негој друг, а можит и сосим нов, од друга, није мислефме, оти вистина во соединејн'ето со бугарите јет нашата сила.

И вистина од нашето велејн'е да сме бугари, није имафме прао да очекуаме за нас добрини, а не злини: није можефме да очекуаме од бугарите поддржуајн'е на сите наши дуовни нужди. Бугарија јет слободна држаа. Она располагат со пари, просветејн'е, државни мажи и дипломати. Она требит да сознаат нејните и наши национални интереси и мошно да ѝ бранит. Но видофме да сме горко излажани во нашите надежи и да на место арнотији, није видофме само лошотији.

Тије лошотији преминуваат секоје очекуајн'е. Се прашат, кој јет во се́ тоа крив? - На тоа прашајн'е јас не можам да одгоорам. Не јет моја работа да барам, али некој зол демон на Бугарија имат напраено сите лошотији бугарцки нам македонците. За мене јет јасно само тоа, да голем дел во сите наши нестреки се должит на бугарцкијо народ. Не јет кн'азот крив во тоа, да речиме, шчо немаат бугарите арни дипломати. Ако на пр. г. Станчев јет предстаител' на кн'азот, а не на Бугарија, то не сет таквија Цоков, Бешков и др. Не јет извинејн'е за бугарцкијот народ и тоа, шчо недостојните дипломати принадлежат кон таја или друга партија, и кн'азот се ползуат со повикуајн'ето на власт, по лични сообразуајн'а, то једна, то друга партија. Главната нестрек'а за Бугарија и нејните интереси јет, не во тоа, шчо имат многу партији, и не сите знајале арно народните интереси, а во тоа, шчо бугарите малку сет проникнати со народните интереси, особено со надворешните. У бугарите немат национални идеали, који да бидат обшчо достојајн'е и светијн'а за сите бугари. Тије идеали се изработуваат од историјата на народот, но се изработуваат во једен долог историјцки период. Долго време членоите од једен народ требит да се увличаат од једни исти народни идеали, обшчи и свети за сите членои на народот. Тије идеали требит да бидат изработени од нај видните предстаители на народот и усвојени от сите негои членои. Идеалите народни

требеше да бидат једна програма, кон осашчествуајн’ето на која ке требеше да бидат напраени сите сили на народот. Народните идеали не одједнаш сите можат да бидит осашчествени, но нивното осашчествуаји’е требит да бидит само резултат на обшчата и самоотвржена народна работа. Трудностите во достижејн’ето на народните идеали служат само како сколија, во која окрепнуат народнијот дух и се готвит за ушче по голема борба. Во замена на тоа, ако једен народ добијет политична слободија или се исполнит нешчо друго важно за народнијот жиот, без негоо, или со мало негоо содејство тогај, кога у него ушче немат изработено народни идеали, или, ако сет изработени, не сет усвојени от сите членои на народот, - то, во таков случај, народот не ценит народните идеали, и како чоек без определена цел’а и програма за работејн’е се фрл’ат, то во једна, то во друга страна, праејки тоа, не зашчо тој јет убеден, оти така требит да бидит, а зашчо видит да имат околу него л’уг’е, шчо постапуат така или инак.

Шчо видиме није во нај ноата бугарцка историја? Бугарија добијат политична слободија, нај важното нешчо во народнијот жиот, ушче тогај, кога у ниф немаше народни идеали, кога и сами не знајеа, шчо сакаат. Слободијата је добија бугарите со нај мали жртви и усилија; Неја им је подарија русите. Ослободејн’ето напраи једна голема пропаст мег’у по прег’ешната бугарцка историја и жиот, и ноата. Во првата бугарите видеа само једен мрак, за тоа они се одврнуваа од неја. И така бугарите во ноиот слободен жиот се јавија како народ без традицији, народна идеали, сознајн’е на народните и државни интереси и историјцко наследије. Значит, Бугарија се јави како државa во вид на историјцко недоносче. Со усил’ата на Русија тоа недоносче окрепна малу, но при првото осек’ајн’е на својите сили зајавуат претенцији на самостојна политика - извор на нестреки за македонците.

Но не само во таја самостојна политика се заклучаваат нашите нестреки, а следствено и причината за оддел’ајн’е на нашите интереси од бугарцките, па и причината на одделајн’ето на македонците овде во македонцко другарство.

Тоа оддел'ајн'е си имат и друзи причини, а имено, употребуајн'ето на нашите умствени сили на изучаајн'ето на себе, како членои на једна таткоина и једен народ. За да се достигнит таја цел'а, требит да се состаит оддел'но другарство од лица, за који изучаајн'ето на Македонија во етнографцки, географцки и историјцки однос имат првостепен значај; а таквија лица сме није македонците.

За да се дотигнит таја цел'а, није требит да се одделиме од друзите балканцки народи и самостојно и критично да погледаме на сами себе и нашите интереси, како и на балканцките народи и нивните интересн. Постапуајки така, није ке се ослободиме од грешките, шчо ѝ праат друзите балканцки народи.

За да бидит по јасна ползата от таквоа оддел'уајн'е наше од друзите народи, доста јет једен критичен поглед на работејн'ето на тукашните студентцки другарства: бугарцкото и србцкото.

Бугарцките студенти имаат големи претенцији да сет предстаители на нај ноите течејн'а на чоечката мисл'а. За ниф немат никаков значај национализмот, кој шчо се бројит за нешчо, шчо имат оджиveјано својот век. Они сет интернационалисти. Они сет нај напред л'уг'е, па после, ако им останит за тоа време, сет бугари. За, ниф чоечеството имат по голем значај од Бугарија, и за тоа поеке ѝ интересуваат ниф Швејцарија, Сојединените С. - Американцки Држаи и нивната историја, отколку Бугарија со нејните национални интереси. Бугарцката младеж овде употребуат сите своји сили и средства, да се покажит напредничаа т. е. социалистична: долги и безмислени речи, долги коси, и убао исчешл'ана брада, црвена или сијн'а руска кошул' и пр. Со национални прашајн'а не се занимаваат и со голема досада слушаат реферати на тема по етнографијата, па и по каква и да бидит друга наука, осим политичната економија. Но за то секој считат свој долг да критикуат се, шчо ке му се попаднит. Со научни прашајн'а не л'убат да се занимаваат, но за то сет убаи организатори: можат да устројаваат лотарији, да пропагандираат некоја работа, да устројат некоја вечеринка со благотворна цел'а, без да му гледаат многу многу, оти со неја ке оскандал'ат и себе и бидното поколејн'е од бугарцки

студенти во Петроград. У обшче они сет готои да се занимаваат со работи, шчо бараат малу труд, но зато даваат голема попул’арност и самомнејн’е. Македонија ја признаваат за бугарцка во етнографцки однос, но мисл’ат, да јет излишно да си арчат силите за да научат нешчо за таја страна, за тоа, нишчо не знајат за неја, ни од историјата, ни од географијата и етнографијата нејна, осим да имат тамо чети и востаајн’е, на које требит да се помогнит само со лотарији, и не со сами себе. Тоа платоническо и само платоническо и евтино сочувство кон македонците, тоа неразбирајн’е на националните интереси, тоа отсутство на национал’ни идеали и таја жажда од попул’арност со привrзаност кон социализмот, јет отражејн’е на дуовното состојајн’е на бугарцкијот народ и негоото обшчество. Оттука многу јасно се видит, до колку бугарите не сет во стајн’е да бранат, не само нашите, но и собствените интереси.

Србцките студенти праат совршено друг и протиоположен упечаток од бугарцките. Србите не сет интернационалисти, а сите буквално, без разлика, дали јет некој от Србија, Босна, Ерцегоина, или Црна-Гора, сите сет националисти. Они знајат, да сет они прво срби, а после л’уг’е. Секој знајат и се интересуат со србството разместено во разни земји. Они знајат нивната историја и историјата на саседните народи и земји. Они се интересуваат сите главно со културно-историјцките науки и ѝ изучаваат. Изучаваат ѝ како средство за достигајн’е србцки национални цели. Со цел’а да зашчитат србцките интереси пред русите, они преводат или состауваат на руски книги со историјцко содржајн’е. Таков утилитарен, тенденциозен и спекул’ативен однос кон науката не јет за одобруајн’е и јет причина и резултат на национален шовинизм, но последнијот јет резултат на тија историјцки прилики, во који попадна србството, особено после Берлинцкијот догоор. Србите можиме да ѝ обвинуаме во шовинизм; но они не сет по големи шовинисти од бугарите. Србите сет националисти, со арно сознајани народни идеали и интереси, који шчо, со труд, наука, перо и дипломатија, сите, како једен чоек , одат по једен обшч за сите пат, и за тоа одржуваат победи над бугарите на секој рачкор. Србите сет шовинисти; они сет отчајани во борбата со својите непријатели

за зашчита на нивните национални интереси. Но, ако порамниме србцкијот шовинизм со бугарцкијот национален индиферентизм и ѝ разгледаме од македонцко па и од обшче чоечко гледиште, то ке требит да признајиме, да србцкијот шовинизм, како резултат на основно изучените народни интереси, стојит многo по високо и многo по горе од бугарцкијот национален индиферентизм, кој јет резултат на отсатствије на секоје разбирајне на бугарцките државни интереси. Во тоа време, кога србите од крал’от и министрите до последнијот србцки амалин сет националисти и наог’аат за нужно сите да се сплотат во једно, за да достигнат со обшчи сили народните идеали, бугарите се цепат на социалисти и секакви друзи - исти, који нај малу сакаат да, оправдаат послоицата, да сојединејн'ето праит силата. - Туку се́ тоа јет резултат на политичната зрелост на народот: србите во течејн’ето на цел век изработуваат националните идеали и изучуваат националните интереси, а пак бугарите го праат тоа само во 1\4 век.

Како и да јет, но одделејн’ето наше од бугарите ке ни дајит возможност критично да се односуаме кон бугарцките работи, а не слепо да ѝ копираме, и да насадуаме во Македонија, на место национализм, социализм, како шчо го праела тоа натрешната македонцка револ’уцијна организација. Значит оддел’уајн’ето на нашите интереси од бугарцките, покрај другото, ке не избијат от положејн’ето, како мајмуни да копираме бугарцките неомислени постапоци, и на вера да пријимаме бугарцките уверејн’а, да јет Бугарија нашата арнотворка, а Русија нашијот нај голем непријател’ ; оно ке развијет во нас критичен однос кон нашите и туг’и постапоци.

А од тоа одвај ли можит да имат по големо оправдајн’е на сашчествуајн’ето и програмата на нашето другарство. Ако јет така, то не ни остаат нишчо друго, осим да му се помолиме на Господ, да умножит македонцки другарства, подобни на Петроградцкото -- „Св. Климент“ на секаде, кој шчо живејат македонци.

## НАЦИОНАЛНИЈОТ СЕПАРАТИЗМ: ЗЕМЈИШЧЕТО НА КОЈЕ СЕ ИМАТ РАЗВИЈЕНО И КЕ СЕ РАЗВИЈАТ ЗА ОДНАПРЕД *)

На првото заседаајн'е на Бугарцкото Студентцко другарство во Петроград от таја година јас рекоф неколку зборои за резултатите на сегашното востаајн'е во Македонија. Тије резултати јас и резјумираф во два пунктои: 1. Македонија после востаајн'ето јет загубена за бугарцката народност, и 2. македонците ке си сознајат грешките, шчо беа причина на нестреките од востаајн'ето, ке се откажат од досегашното направуајн'е на националното нивно самосознајн'е и ке отворат систематична борба на сите национални и верцки пропаганди во Македонија, во тоа натре, и на бугарцката, за да можат, со оддел'уајн'ето на својите интереси од интересите на пропагандите, да достигнат национално објединуајн'е помег'у себе.

Јас рекоф тогај, оти таква јет дејствител'носта, која не ке се аресит на мнозина, но јас не можам да зборуам, шчо ке се аресит на некого, а тоа, шчо јет свршена работа, со која рано или поздно, ке требит да се бројат јужните словени, па за тоа јет нужно да се знајит ноото течејн'е стред македонците, за да се определ'ат јасно односите на јужние словени кон него, и да се избегнит безполезната и вредител'на борба измег'у ниф.

Мнозина ке речат, оти мојите утврдуајн'а за некакво ноо течејн'е во развијајн'ето на националното самосознаајн'е стред македонците јет само мистификација на неколцина македонци, но да таја мистификација

* ) Прочитано на III-та седница на Петроградцкото Македонцко Научно литературно Другарство „Св. Климент" на 19 Октом, 1903г.

немат под себе земјишче, и за тоа, како што се имат скоро појавено на белијот свет, исто така скоро ке исчезнит од него.

За да се увериме во тоа, дали мојиве закл'учуајн'а за резултатите на востаајн'ево сет праил'ни, или пак возразуајн'ата на мојите противници, ке требит да се разгледаат тија собитија од нај ноата историја на Македонија, во који нај силно се појави националното самосознаајн'е, а имено, ке требит да се разгледат: возродуајн'ето на македонците; собитијата, шчо послужија како причина да се пробудит народнијот дух на македонците; какви размери и каков праец зе тоа пробудуајн'е? во какви односи станаа македонците со нивното национално пробудуајн'е кон балканцките народности, и дали положејн'ето, које земат сега натрешната револуциона организација во прашајн'ето за народноста на македонците словени јет такво, от које не можит да се идит по тамо, или пак требит од него да се направит ушче једен рачкор, и македонците да се јават приврженици на националнијот сепаратизм со пријимајн'ето за обшч македонцки литературен јазик, централното македонцко наречје? И нај после, ако организацијата и македонцката емиграција во Бугарија, особено тој дел од неја, шчо имат, или државна служба со убаи плајки, или се занимаат со журналистика, и со тоа имат убаи доoди и големо влијајн'е на бугарцките работи, така да се јауват со кандидатура па министерцки постои во Бугарија, или си имат друзи згодни предпријатија, - дали, вел'ам, и без помок'та на таја наша колонија, јет возможно некако особено појавуајн'е на нашето возродуајн'е, а имено во таков смисол, како шчо го упоменаф т.е. во полно оддел'уајн'е на нашите интереси от тије на балканцките народи и во развијајн'е мег'у македонцката интелегенција и народ македонцко народно самосознаајн'е?

Згорен поглед на собитијата, шчо изврвеа пред востаајн'ето ни докажуат, оти нај силнијот толчек кон национално собудуајн'е на македонците ни послужи зафатокот на србцката пропаганда во Македонија. До тоа време нашето национално самосознајн'е беше само разбудено на полоина. Специјално со прашајн'ето за нашата народност никој не се занимааше. Се велефме

вистина „бугари“ и „рисјани“ во национална смисл’а, но зашчо тоа јет, и али јет на вистина така, није не се запитуафме многу многу.

Врските наши со бугарите станаа многу тесни со обшчето положејн’е во Турцко: није бефме брајк’а по судбата си, и бефме во једнакви односи кон праител’ството и фанариотцкото дуовенство. Обшчноста во судбите наши ни закрепи обшчето име бугари ушче до ослободуајн’ето на Бугарија, које си остана по традиција во Македонија и по ослободуајн’ето на првата. На таја осноа бугарите кладоа својите претенции на Македонија, и македонците очекуваа ослободуајн’е од Бугарија.

Но конкуренцијата со Бугарија од страна на Србија во македонското прашајн’е од политична и национална страна извика на политичната сцена и самите македонци. Македонците зафатија усилено да се интересуваат со прашајн’ето за нивната народност и нивната судбина.

Одот на таа национално пробудуајн’е, као и резултатите, кон који приведе оно, се предстауваат приближно во тој вид:

Србите и бугарите зафатија да оспоруваат једен у друг праата на Македонија: и једните и друзите вел’ат, оти цела Македонија била нивна. Једните си викаат како свидетели за спраедлиоста на нивните претенции једни, друзите друзи авторитети.

Постред тој безкрајен спор мег’у двата братцки саседни народи, македонцкото словенцко населејн’е зарди којо они се караат малце по малце здреет во национално самосознаајн’е, и сакат да се ослободит од опекунството на саседните народи, за да можит само да бидит вршител’ на судбите си.

Македонците бараат национално обједину ајн’е помег’у ним, но при тоа сакаат тоа обједину ајн’е да станит, не на ноа почва, не да се зафатит од ноо, зашчо такоа обједину ајн’е ке требит многу време, а обједину ајн’ето беше важно, како стредство за достигуајн’е политична слободија. За тоа обједину ајн’ето беше зафатено на почва, на тоа, шчо се велеа македонците бугари.

Мисл’ата за национално објединејн’е на македонците, и ако под маската бугарцка, се зафати во 1890 г. Во крајо на 1889 год. се префрлија во Бугарија 30 - 40 души ученици и студенти македонци од Белград во Софија. Тије ученици сет душата на сите собитија во Македонија од тогај до сега. Они беа запознајани со Србија и Бугарија, со нивните култури и цели во Македонија. Они и сознаа опасноста за дележ на Македонија мег’у тије две држаи, ако да бидит македонците сами да не се вооражат, за да си извојуваат сами, со свои собствени сили и средства слободија, и со тоа да предупредат дележот на Македонија.

По нивна инициатива првен се образуа во зафатоко на деветдесетите години једно национално сепаратистично движејн’е со цел’а да се оддел’ат интересите на македонците од бугарцките со возведуајн’е на једно од македонцките наречија на степен на литературен јазик за сите македонци. Орган на тоа сепаратитстко движејн’е на македонците во Бугарија беше журналот „Лоза“. Но тоа дуовно движејн’е на македонците не се ареса на бугарцкото стамболовцко праител’ство, које забрани да се издаат „Лоза“ и зафати да гонит македонците сепаратисти. От тоа време ушче побегна Дамјан Груев, кој шчо беше во бројо на македонците ученици, шчо поминаа од Белград во Софија и во бројот на сепаратистите.

Немајки во Бугарија почва за национален сепаратизм македонците, шчо пребегаа од Белград во Софија, се зафатија со образуајн’е на револ’уциони организацији во Бугарија и Македонија. Видните македонци револ’уционери сепаратисти, како Делчев, беа само ученици на првото поколејн’е македонци, ученици србцки и бугарцки. Исто така и Сарафов и друзите по доцкнашни револ’уционери се јавија само нивни продолжители и последуатели, но не инициатори на револ’уционата организација.

От самијот зафаток на револ’уционата организација македонците во Бугарија или со бугарцко образуајн’е, работеа под маската бугари, једно за тоа, шчо така се викаше голем дел од населејн’ето, а друго, шчо по тој пат можеше да се добијет поддржката на бугарцкото

праителство, на бугарцкијо народ и бугарцката екзархија.

Играта, одиграна од ниф, имаше положни и одрични резултати. Мег’у првите требит да се однесат: 1, македонците, со објединејн’ето си за преследуајн’е интересите на својата таткоина, станаа важен фактор, који шчо на вид влезе во сојуз со бугарцкијот народ и сите негои официјални предстаители за достижејн’е на вид обпгчебугарцки интереси во Македонија, а во сашност, со тоа напраи бугарцкијот народ и негоите официјални предстаители и учреждениіа орадија за свои собствени чисто македонцки цели и интереси; 2, македонците од сојузници со бугарите во решејн’ето на македонцкото прашајн’е станаа господари на тој сојуз, во који шчо бугарите зафатија услужливо, а по некој пат и со гореч во душата нивна, да исполнуваат барајн’ата на македонците.

Контака и македонците зафатија да зајауваат, оти они сакаат „Македонија за македонците“ оти тије сакаат автономија за Македонија, а не сојединуајн’е со Бугарија. Бугарите, „скрепја серце“, можеа да чујат таква новост, која не можеше да бидит ним пријатна. Но македонците ѝ успокојуваа бугарите: чекајте вие, нека ни даат нам автономија, па ке видите, оти после неколку години таја Македонија ке бидит бугарцка, зашчо поекето од македонцката интелегенција доби обруазуајн’ето си во Бугарија. Надворешнијо свет пак го уверуваа, оти историјата со Источна Румелија не можит да се повторит и со Македонија, зашчо во Македонија имат многу народности, а не две-три, оти сите тие народности, како и сите саседни балканцки држаици и големите држаици, ке можат да побркаат на сојединуајн’ето на Македонија со Бугарија. Нај после зајауваа: каков интерес имаат македонците да се присојединуат до Бугарија, кога от тоа присојединуајн’е ке имат полза поеке Бугарија, отколку Македонија?

Македонците не се установија на таја двојна игра со различни зајаувајн’а на бугарите и на Европа. Тије пренесоа центрот на револ’уционата организација заједно со сите национално - политични прашајн’а во Македонија, за да бидат слободни во своите постапоци од бугарцкото праител’ство.

Во комитетите во Бугарија зафатија да пропагандираат полно оддел’уајн’е интересите на Македонија од интересите на Бугарија.

Се зафати енергичната работа на Сарафов, заједно со комитетите, председател’ствувани од него. Сарафов, како председник на Врховнијот комитет во Софија, работеше, сосем не сообразувајки се со бугарцкото праител’ство. На Сарафов не му сочувствуаше бугарцкото праител’тсво и кн’азот, со друзи зборои: комитетот, на кој шчо, председател’ствуаше Сарафов се придржуаше во македонцкото прашајн’е једна таква програма, тогај за тогај само политична, изработена ушче от понапред, на која тије, шчо сет призвани да бранат бугарцките интереси, не сочувствуваа, а тије шчо состауваа толпата, со друзи зборови, бугарцкијот народ, сочувствуваа. Од тука јет јасно, оти бугарите је голтнаа пил’ул’ата и касно јет да си испраат грешката.

Праител’ството напраи усилија да поврнит изгубеното, но уви! било касно. Врховнијот комитет во Софија се кладе под председничеството на ген. Цончев, бугарин, л’убимец на кн’азот. Но македонците во Бугарија убедија бугарцкото населејн’е во праотијата на нивната програма за полно оддел’уајн’е на интересите на Македонија од интересите на Бугарија, покажаа политиката на праител’ството, на кн’азот и на „генералцкијот комитет“ или комитеот на Цончев-Михајловцки, како егоична и добија во Бугарија по голема власт над „генералцкијот комитет“ и над праител’ствената политика во македонцкото прашајн’е. Таја сила главно се поддржуаше со полната солидарност на „Станишевцкијот врховен комитет“ со „Натрешната организација“.

И така комитетите, а заедно со ниф, и уопшче македонците се ослободуваат од влијајн’ето на бугарцкото праител’ство, создаваат своја независна програма за работа, таја програма пропагандираат во Бугарија и со неја добијаат влијајн’е на бугарцкијот народ, а преко него и на праител’ството.

Откако се укорени така македонцкото „дело“ во Бугарија, македонците зафатија да одат и во Србија и тамо да излагаат својата програма на праител’ството и на србцкијот народ. Сарафов, Радев, Јанков, увераваа,

оти они се борат со девиз. „Македонија за македонците“ , за сите македонци без разлика, и оти никој пат Македонија не ке се сојединит со Бугарија. Не јет ли јасно и от тије постапоци на македонцките водачи, оти македонците зедоа сами да решаваат судбите на Македонија, и оти они во својата дејност сет готои да се столкуваат и да согласат интересите на својата таткоина, не само со Бугарија, но и со друзите балкански држаици, откако се дадат од страна на Македонија некоји задолжејн’а на тије држаици за окажаната нej помок’?

Од дотука реченото јет јасно, оти борбата мег’у Бугарија и Србија за влијајн’е во Македонија во резултат даде развијајн’е на сознајн’ето, да судбите на Македонија, требит да сет во раците на македонците. Македонците се организуваат со сознаајн'е својите праа на својата таткоина и својот долг пред неја. Со организуајн’ето си, македонците станаа главнијот фактор во решејн’ето на македонцкото прашајн’е, как во својите очи, така и во очите на Европа. Од востаајн’ето со нас се церемонат; до него на нас гледаа како на једна неопределена маса.

Тије сет сите резултати од досегашното ни самосознаајн’е. Организацијата со постепеното оддел’ајн’е на македонцките интереси од бугарцките, со земајн’ето на македонцкото прашајн’е во своји раци и нај после и нај многу со сегашново востаајн’е во резултат достигна тоа, шчо не предполагаше: на место слободија да бараат, сега во Македонија мнозина сет убедени, да ни требит полно пресечуајн’е на врските со сите балканцки народности и култивирајн’е на сé, шчо јет во Македонија оригинално и своје: јазико, обичајите. историјата, писменоста, народната словесност и пр.

Тоа нешчо не се предвидуаше, зашчо се мислеше, оти името „бугарин“ ке ни донесит сé, шчо очекуафме од народното движејн’е. Но во расчетите се излагафме. Заједно со арнотијите за интересите на Македонија, изброjени по горе, името бугарин донесе и одречни резултати за револ’уционото „дело“ : Името бугарин и нееднаквите уверејн’а пред Бугарија и пред Европа за судбата на Македонија по нејното ослободуајн’е состаија полно недоверие кон нашето „дело“ от страна на европејците, мислејки го за итрост, не македонцка, ами бугарцка

и за маневр на бугарцкото праител'ство да се решит македонцкото прашајн'е по скоро. Сиромашкото бугарцко праител'ство се најде во небрано лојзе во македонцкото прашајн'е: македонците го изиграа и го употребуваа како средство во своите цели, а европејците го обвинуваа во итрости, от који шчо тоа сиромашкото беше далеку. И така името бугарин присвојено от комитетите и организацијата за македонцките словени, и соединуајн'ето на нашите интереси со интересите на Бугарија во агитацијата на комитетите у бугарите, беа причина, сета македонцка работа да се припишит од Европа на Бугарија и бугарите, и като бугарцко надворешно јавуајн'е да се не поддржуат.

Малу тоа: името бугарин, које застауаше да се односуат европејците со недоверје кон работата на организацијата, видејки во нeја сакајн'е на Бугарија, со револ'уција да нарушит равновесјето на Балканцкијот полуостров, и непостојанството на бугарцката надворешна политика, напраена, сета против Русија, сета со нeја, послужија за причина да се согласат Русија и Австро - Унгарија, заједно со взаимно согласје да решаваат балканцките прашајн'а. Тоа согласуајн'е од 1897 год. беше напраена против Бугарија, како мнима подстрекател'ка на македонците, но негоите резултати беа вредител'ни, не за Бугарија сама, зашчо во бугарцките натрешни работи никој немат прао да се набркуат, а за нас македонците. Тоа јет отрицател'ната страна на првијот период на националното ни самосознајн'е; таа јет причината на неуспеот на востаајн'ето ни. Неуспеот значит главно се должит на името бугарин, усвоено и пропагандирано од револ'уционерите.

Востаајн'ето напраи епоха во жиотот и националното самосознајн'е на македонците словени. Оно ке натерат нашијот народ и негоата интелегенција да погледат назад на својите упушчејн'а од који произлезе неуспео на востаајн'ето. Оно ке натерат македонцката интелегенција со различно образуајн'е да се сплотит во једно, за да обједиnит народот ни, но веке, не на тaја осноа, шчо си покажа сета своја несостојател'ност, а на друга, на чисто македонцка. Востаајн'ето ни покажа, оти није македонците не можиме да очекуаме помок' од никој од балканцките држаици, оти решејн'ето на

нашето прашајн’е јет сето во раците на Големите Сили, и за тоа нам и не ни требит да соједнинуаме и збркуаме нашите интереси со чији и да бидит словенцки на Балканцкијот полуостров. Нам ни требит натрешно објединуајн’е мег’у себе: не ни требат во Македонија ни срби, ни бугари, ни грци, оти не сме ни једното, ни другото, ни трек’ото; не ни требат патриархисти, екзархисти, оти није сме само праославни рисјани. Делејн’ето јет искуствено создадено од балканцките држаици намерени да дел’ат Македонија со стечен’е на обстојател’ствата. Но македонците, на сегашната степен на нивното национално развитје, не сет материјал во раците на малечките балканцки држаици, ами сет силен етнографцко-политичен фактор, от кој шчо поеке зависит судбите на Македонија, отколку од малечките балканцки држаици. Тије Македонци, шчо покажаа таква способност во својето национално-политично организуајн’е, шчо покажаа таквоа примерно жртвуајн’е со својите интереси во полза на интересите на својата таткоина, не со по малечок успев, ке можат да организират секакви препјаствија на националните и религиозни пропаганди, шчо цепат денеска народот наш на делои враждебни једен кон друг.

Организацијата и македонците до сега на далеко растојајн’е отдалечија интересите на Македонија од бугарцките. Од тоа положејн’е до полното отцепуајн’е од Бугарија и до објавуајн’ето Македонија за оддел’на од Бугарија и Србија етнографцка област имат једен рачкор. Тој рачкор јет необходимо следствије на неуспео на сегашното востаајн’е. Тој јет на полоина напраен. Полното отцепејн’е на Македонија од балканцките држаици во етнографцки однос ке испливит на јава со успокоејн’ето на Македонија.

Набркуајн’ето на бугарите и србите во Македонија беше предизвикано од некоји обстојател’ства: македонците идеа рака за рака со бугарите во црковното прашајн’е от тамо раширејн’ето власта на екзархијага во Македонија. Србија се набрка во Македонија откако изгуби надеж да си присоединит Босна и Ерцегоина.

Но сега и за нас македонците настапија нои обстојател’ство, који ке не потресат, и ке ни кажат кои патишча, по који шчо ке требит да одиме однапред. Претенцијите

на Србија и Бугарија од једна страна, ни покажаа, оти само конкуренцијата на тије две држаи не застауат да робуаме ушче на неопределен срок; од друга. - тије претенцији ни подтврдија и без тоа известната истина, оти во цела Македонија имат само једна а не неколку словенцки народности. Значит делејн'ето јет искуствено и од борбата со него нај напред ке требит да се зафатит нашата ноа работа во по натамошното развитије на националното ни самосознајн'е.

И така имин'ата: србин, бугарин и грк си изслужија својата служба во Македонија и за ниф там немат поеке место. Време јет да ѝ заменит једна обшчо за сите македонцки словени име - името „македонец". Таја смена јет само логично следствије на досегашната работа на македонцките комитети, организацији и интелегенција и се барат од обстојател'ствата. Таја смена частично веке јет настапила и не јет далеко тоја време, кога таја ке торжествуат.

При сé горереченото за ноото течејн'е во развијајн'ето на националното самосознаајн'е у нас, ми се чинит, оти пак мнозина од вас, ке видат во мојите мнејн'а и зборои само једна мистификација. Можит, мнозина ке се запитаат: 1, ако до сега комитетите имаат играно двојна рол'а: на бугарите им имаат вел'ано, оти македонците сет бугари и једен ден Македонија, како и да бидит, ке се сојединит со Бугарија, а на европејците им вел'ат, оти они бараат автономна Македонија само за македонците, оти се немат никаква мисл'а за соединуајн'е, со Бугарија, то откаде јас знам, оти комитетите ја лажат Бугарија, а не Европа? Можит да бидит сосим противното на тоа, шчо рекоф јас по горе за комитетите т. е. тије сет готои да дадат на Европа секакви гарантији, Македонија да не се сојединит со Бугарија, но они никој пат не ке склонат да се упразднит во Македонија бугарцкијот јазик и бугарцкото име во полза на централното македонцко наречје и името „македонец", со друзи зборои, то, шча кажуаф јас, да имало само једен чекор од таа положејн'е шчо се држаат македонците и македонцките комитети во македонцкото прашајн'е кон Бугарија, до полното отцепуајн'е на Македонија и македонците од бугарцките национални интереси, не јет прао, зашчо, не једен чекор,

ами цела пропаст оддел'уат једното од другото, и комитетите ке покажат нај силно сопротивуајн'е на ноото течен'е; 2, ако се допушчит, оти комитетите никој пат немат да се согласат на упразднуан'ето на бугарцкото име и јазик од Македонија, а заједно со него ке бидит против ноото течејн'е и сета македонцка интелегенција со бугарцко образуајн'е, то откаде ке поцрпуат ноото течејн'е, сила за себе? Који ке бидат теоретиците на ноото течејн'е, каде тије теоретици ке развиваат својата дејност, каде и каква ке бидит нивната аудиторија, откаде ке се зимаат средствата за пропагандирајн'ето на идејата, како ке проникнит тaја во народот и како ке се поддржуат во него? Откаде ке се најдат стредства за нои учебници, кој ке ѝ приготвуат, на чији стредства ке се содржуат сколијите со македонцки јазик? - Очигледно, једно комитетите и македонцката интелегенција во Бугарија. зафатат да се противат на ноото течејн'е, или, ако не му се противат, просто не го поддржуваат, јасно јет, оти од него немат да останит нишчо: фантазијите на неколцина македонци ке бидат осмејани и поеке нишчо.

Така ли јет во сашчност? Да разгледаме до колку можат да бидат основани таквија предполагајн'а и сообраазуајн'а?

Прво ке прегледаме прашајн'ето: во каков однос комитетите и македонцката интелегенција ке станат кон једно ноо национално течејн'е стреди македонците, које барат не само политично, ами и национално и религиозно ослободуајн'е на Македонија т.е. кон једно течејн'е, шчо прокламират „Македонија за македонците" против сите претенденти на Македонија, во истијо број и против Бугарија и бугарите? Да си предстаиме, оти тоа ноо течејн'е јет незначител'но. И во тој случај требит да се решит прашајн'ето за односот кон него. Ако ноото течејн'е од гледишче на комитетите јет нешчо опасно и нежел'но, то тоа требит да се искорнит ушче во самијот зафаток; ако тоа само по себе немат почва, то требит да се предостаит само од себе да исчезнит; а ако јет полезно за Македонија, то ке требит да се поддржит од ниф.

Прашајн'ето, дали ноото течејн'е имат биднина или не, ке се разгледит по долу, откаде ке се видит, оти

оно, ако се предостаат на само себе и се игнорират, ке се развиват само, а не ке опаг'ат. За, тоа, имајки пред вид, оти ноото течејн'е само от себе ке растит, требит да се разгледат прашајн'ето, али комитетите ке се борат со него, или пак ке го поддржуваат?

Прво се питат: дали комитетите, разсудуајки логично, можат да објаат војна на ноото течејн'е? Можит да се допушчит, оти таква војна можит да се очекуат, зашчо во комитетите имат членои, не само македонци, ами и бугари, и последните некој пат не ке се согласат со ноото течејн'е, оти со него ке се закопаат бугарцките интереси во Македонија; исто така имат и мег'у македонците, членои на комитетите, лица, који ке расудуат така: сега на старост није не можиме да учиме нов јазик: бугарцки знајиме и бугарцки ке зборуаме, - није сме бугари.

Малу тоа. Мнозина, па и нај големијот дел од македонцката емиграција во Бугарија ке се противит на ноото течејн'е по чисто егоистични сообразуајн'а. Поеке од 5.000 души македонци имат на државна служба само во Софија. Не по малу имат кандидати на служба. Измег'у таја македонцка интелегентна емиграција имат мнозина, или шчо имале, или имаат високи должности, пак и који сет претеденти и кандидати на ниф, во тој број и на министерцки портфејл'. Се знајит, оти сите тије господиновци имаат нај горе от се́ својите лични интереси. За ниф интересите на Македонија сет једно средство да добијат служба и да се одржат на неја. И интересите на Бугарија, не Господ знајит, шчо означаваат. Но за да се исполнат нивните егоистични планои за убаа служба, они сет готои да се покажат поеке бугари от самите бугари, да играат от себе рол'а на бугарцки шовинисти, со неја да експлоатираат и бугарцкиот кн'аз и интересите на Македонија, и на бугарцкијот народ, и европејцкото обшчествено мнејн'е, со једен збор, да лажат, и на десно, и на лево, под вид да исполнуваат некаков патриотцки долг, а во сашчност да добијат служба, власт и попул'арност. Једно македонцката интелегентна емиграција се состојит главно от таквија лица, шчо си имаат соединено својите интереси со Бугарија и се облизуваат около бугарцкиот кн'аз, кој шчо по кефот си клаат и сфал'ат министрите,

и кој шчо можит да клаит за министри, не само луг’е, који шчо имаат малу попул’арност сред бугарцкијот народ, но и таквија, шчо немаат сосим партија и сет „независими“ т. е. „и тука го клаваат и тамо го клаваат“, - једно имаме луг’е, шчо мисл’ат, оти главното достоинство на чоека јет, не честно да служит на својот народ, ами да итруат т. е. да лажит, и десно, и лево, - то природно јет, оти ноото течејн’е во развијајн’ето на националното самосознаајн'е на македонците не ке стретит поддржка во нашата емиграција во Бугарија.

Немат шчо да се зборит за учените македонци во Бугарија: тије једногласно ке речат, оти ноото течејн’е јет просто апсурд, оти никој пат немало македонцка народност и сега ја немат; оти македонците сет бугари и пр. Секој пат и на секаде јет бивало така и така ке бидит сега и кај нас. Учените, аристократијата, интелегенцијата и вообшче обшчествените класои, кај шчо се имаат лични интереси, стари традицији и предубедејн’а се борат со ноите течејн’а, кај шчо се наог’ат истината и праината. Тија течејн’а се укоренуваат прво во долните класои и уопшче во л’уг’ето без предубедејн’а, готои да се борат со тија предубедејн’а во зашчита на ноите идеи, од осашчествуајн’ето на који ке зависит, не само нивната, но и стрек’ата на нивнијот народ. За илустрација на одот и на резултатите на борбата мег’у стари и нои течејн’а, доста јет да си припаметиме борбата на рисјанството со јазичеството, реформирајн’ето на Русија от Петр Велики, возродуајн’ето на чехите, литовците, праописната реформа на Вук Караджич и пр.

Туку да остаиме излезот на борбата мег’у старото и ноо македонцка национално течејн’е, да се задржиме на прашајн’ето за односот на комитетите кон ноото течејн’е. Јас по горе рекоф, оти по големијот дел от členоите на комитетите ке бидат за борба со ноото течејн’е. Но како ви се чинит, али таја борба ке бидит победоносна за ниф? - Не. - Она само ним ке им ископат гробот. Она ке компрометират и бугарцката политика во Македонија. И ето зашчо.

До сега комитетите кажуваа на надворешнијот свет, оти они работат само за „Македонија за македонците“ и сет готои да дадат секакви гаранцији да не

станит присојединуајн’е на Македонија со Бугарија. Бугарија искажуат истата политика во македонцкото прашајн’е. Комитетите вел’ат, оти се готвеше и стана обшчо македонцко востаајн’е от сите македонцки народности заједно, а не само од „бугарите“. А кога им кажуате: једно востаајн’ето јет обшчо от сите македонцки народности, то зашчо комитетот заседаат само во Бугарија, а не и во Србија, Влашко и на друго место, тије одговараат така: от тоа, шчо комитетите заседаваат во Бугарија, грешно јет да се праит закл’учок, македонцките комитети да сет бугарцки; за македонцките комитети Бугарија не јет нишчо поеке од једна државa, шчо окажуат гостеприемство на македонците и им даат слободија да работат слободно до колку таја работа не наносит вреда на државата; т. е. Бугарија во македонцкото востаајн’е играт само рол’ата на Каравлашко во бугарцкото востаајн’е. Бугарија кажуаше истото. Европејците, се разбират, не веруваа на тоа. Ами сега, колку лажовни ке излезат тија уверејн'а и на македонцките комитети и на Бугарија, ако и једните и друзите, от пасивен однос кон једно ноо течејн'е, шчо барат „Македонија за македонците“ а не за бугарите, или од иронизируајн’е со него, стапит во борба со него? Таја борба ке свалит маската и од једните и од другата и ке востаноит симпатијите на европејцкото обшчество и европејцките праител’ства во полза на ноото течејн’е и против лажливците. А без Европа и Русија, ни комитетите, ни Бугарија, не можит ни на јота да изменат судбините на Македонија.

А једно јет така, комитетите од ироничен и пасивен однос кон ноото течејн’е ке трибит непостредствено да преминат до негоото поддржуајн’е. Ето го одгоорот на прашајн’ето, каков можит да бидит односот на комитетите кон ноото течејн’е?

Сега да поминиме до другото прашајн’е: от каде ноото течејн’е ке зимат сила, ако македонцката интелегенција и комитетите во Бугарија зафатат борба со него? Со шчо располагат оно?

За одгоор на тоа прашајн’е требит во неколку рески да се одбележит рол’ата на Србија во македонцкото, национално возродуајн’е. Да пренебрегуат чоек со положејн’ето, шчо го имат земено Србија во македонцкото

прашајн’е и со нејната рол’а во македонцкото национално возродуајн’е јет лесномислено. Даже можит да се речит, Србија да изигра во најноата историја на Македонија по голема рол’а од Бугарија. Кога Бугарија со шум сакаше да решит македонцкото прашајн’е, водена за носот од македонцката емиграција, Србија тио, со голем успеф работеше во Македонија наполно согласно со србцката погоорка: „тиха вода брег рони“. Беше време, кога ролите на тије две држаи беа обратни т. е. Србија шумеше а Бугарија работеше.

Да бидиме по јасни.

До србцко - бугарската војна во 1885 г. бугарите тио работеа во Македонија. Сливница им покажа на србите, оти ако једна Бугарија со Источна Румелија можит да покажат на Србија једна Сливничка поразија. то сојединената Бугарија, заједно со присојединената до неја Македонија во бидно време, можит и сосем да победит и поробит Србија. Сливница натера Србија да зафатит једна ноа борба со Бугарија за Македонија. Нај напред таја борба беше на книга: србите докажуваа со громки и плитки фрази, оти они имаат поголемо прао на Македонија од бугарите. От тоа поминаа пак на громка, но безрезултатна пропаганда во Македонија: наобек’аа на македонци, млади ученици, од бугарцки и грцки сколији златни гори за во Србија. Патриотичното пропагандно другарство „Св. Сава“ од 1888 година отвори пансион за својите ученици стипендијати. Во 1889 година бројот на стипендијати на тоа другарство се уголеми, за да се умалит по неколку месеци: во ноември месец на таја година около 40 души ученици македонци, једни тајно, друзи јавно и демонстративно поминаа од Белград во Софија, за тамо да се учат (се разбират со бугарцки пари). Тој неуспеф не обескуражи одважните срби: другарството „Св. Сава“ отвори патриотична подписка во Србија за постројуајн’е ноо здајн’е на другарство за пансијон и за своја пропатандцка сколија. Во 1890 год. се издигна големо трикатно здајн’е, во које од јануари 1891 год. се отвори пропагандцката „Богословцко – учител’цка сколија“, за да се затворит по полоина година. Но за тоа Светосавцкото другарство за таја полоина година напраи доста шум: во неја осим науките имаше и воена гимнастика и маршеи

на учениците со музика по Белград и негоите околији и патуајн'е на летото по Србија, каде се произносуваа громки тостои. Со тоа се сврши шумот во Србија, и србите зафатија да работат тио и упорно: пропагандата помина от патриотцкото другарство во раците на министерството на надворешните работи. Министерството првно ѝ прајк'аше својите стипендијати во србцките провинциални градишча, за да се учат, а после ѝ собираше во Белград во специални или великата сколија.

Работејн'ето на србите не остана без резултати при решаајн'ето на македонцкото прашајн'е. Србите со својите сколији во Македонија успеа да создадат во европејцкото и руско обшчествено мнејн'е ил'узија, да имат срби во Македонија. Једно подобна ил'узија поминуат пред праител'ствата на Великите Сили за факт, то јасно јет, оти при решејн'ето на македонцкото прашајн'е требит да се имаат пред очи и барајн'ата на србцкото праител'ство. Следствено, Србија при таја борба достигна поеке од Бугарија, која со шумот, шчо подигна остана со загуби, а не со добит. Ако да не се јавеше ноото течејн'е во развитијето на националното самосознаајн'е мег'у македонците, које ке приравнит загубите на Србија со загубите на Бугарија, то можит положно да се тврдит, оти од востаајн'ето бугарцките интереси во Македонија само пострадаа, а србцките само се уголемија.

Но србцката пропаганда осем ил'узијата за србцка народност во Македонија и побркуајн'ето да се решит македонцкото прашајн'е во полза на бугарите, имат и друзи резултати.

Во зафатокот на нивната пропаганда, србите и не мислеа да ѝ праат македонците срби; тије сакаа просто да создадат во Македонија, редом со бугарцките, и србцки интереси, така, да во време решејн'ето на македонцкото прашајн'е, да добијат колку се можи по голем дел од неја. Таја цел'а се достигаше, једно со изјавуајн'е историјцки и друзи праа и сообразуајн'а, а друго и главно со инакво постаајн'е прашајн'ето за народноста на македонцките словени. Последните можеа да се истаат, или како нешчо средно мег'у србите и бугарите т. е. ни срби, ни бугари, а просто македонци или

македонцки словени, или како срби. Првата теорија имаше по малу последуачи и беше предназначена за пред европејцкото обшчествено мнејн’е. Но на таја теорија беше затворен входот во Македонија, како и во сите тије средини, откаде излизаа пропагандистите. Таја теорија беше опасна за србцките интереси во Македонија, зашчо ке повлечеше по себе согласјето на Србија да се образуат оддел’на македонцка држаа и со тоа Србија не ке добијеше ни једен дел од неја. Втората теорија, т. е. сите македонцки словени сет исто таквије срби, како и бошн’ацие, црногорците и пр., се укорени во Србија. Со тоа србите лажеа, не само европејцкото обшчествено мнејн'е и македонците, но и сами себе: тије зафатија да пропагандираат истата идеја и стред србите со помок’та на сколији и книги. Последните беа и сет сите тенденциозни во прашајн’ето за народноста на македонците. Ил’узаиите на европејцкото обшчествено мнејн’е за србцки интереси донесе својите плодои. Ил’узијите на самијот србцки народ пак не сет без резултатно: во случај на војна за Македонија со кого и да јет, србите, како један, сите ке се наврл’ат на непријател’от, - србцката војска со нај силно патриотцко осек’ајн’е ке се бијет за Македонија.

Србцките усил’а, да се прегледат од научно гледишче македонцкого прашајн’е се увенчаа со успеф. Бугарите можат да се утешаваат да јет прашајн’ето за народнос’та на македонците решено во нивна полза. Они можат да му турат нему крст. Но не го праат тоа друзите учени. Сега веке имат предстаители од науката, како проф. проф. И. А. Бодуен-де-Куртене, П. А. Лавов и В. Јагич, који гледаат на македонцките наречија, како на одделен предстаител’ на словенцката фамилија од јазици. Тоа прегледуајн’е и такво решејн’е јет србцка научна победа.

Србите напраија преврат и во пон’атијата и стремежите на македонците, преврат вистина не и во нивна полза, но ушче по малу во бугарцка. Они сакаат да ѝ напраат македонците срби, забрануајки да се обрајк’ат пропагандата со ниф инак, осем како со „праи“ и „чисти“ срби. Тоа не стана. Македонците зафатија да се задолбочуваат во прашајн’ето за нивната народност и интереси, и дојдоа до закл’учок, да не сет они, ни

срби, ни бугари; да немат за ниф, ни бугарцки, ни србцки, ни грцки интереси, а да имат само македоицки. Србите не достигнаа крајнијот предел на нивните стремежи, но достигнаа таков предел, от кој шчо вистина не можит да се одит контака, но кој шчо можит да успокоит по умерените елементи во србцкото обшчество и напред.

Одот на србцкото влијајн’е во развивајн’ето на народното самосознаајн’е у македонците и негоите резултати се предстауваат во тој вид:

Во 1889 год. во Белград во пансионо на Св. Савцкото Другарство на Космајцка улица имаше около 50 - 60 души млади македонци. Мег’у ниф немаше „старо-србијанци“, а сите беа само од Македонија и по нивното образуајн’е до идејн’ето нивно во Србија, во бугарцки или грцки сколији, се делеа на: „бугараши“ и „гркомани“. Мег’у ниф „србомани“ немаше.

Старите „бугараши“ заједно со ноопристигнатите таја година и со некоји „гркомани“, на број около 30 - 40 души, једни тајно, друзи јавно и демонстративно; заминаа во Бугарија. Тије млади македонци, воспитани во Србија во народен, т. е. во дух да л’убат нај напред својата таткоина и својот народ, па после човечеството, заминаајки во странаата, кај шчо немат национално самознаајн’е, а на место него полон индеферентизм кон народните интереси, внесоа во неја ноа струја од национално воодушевејн’е и работејн’е за ослободуајн’ето на Македонија;. Они состаија во Бугарија осноата на работејн’ето во полза на Македонија.

„Гркоманите“ во Белград од година на година се уголемуваа со нои „гркомани“ и „бугаромани“, но и једните и друзите натре во Србија мачно се преобрнуваа во „србомани“. „Србомани“ се чинеа они само со заминуајн’ето во Македонија како србцки чиновници и органи на србцката пропаганда. „Србомани“ македонци имаше само за надворешнијот свет и за друзите пропаганди во Македонија. Органите на србцката пропаганда во душата си никој пат не се осек’аа како „срби“ или „србомани“, особено првите 10 години и ако имаат они живејано во Србија.

Живејн’ето на млади македонци во Србија секој пат имаше многу арно влијајн’е на интересите на Македонија.

Тука они се заинтересуваа со прашајн'ето за нивната народност, со србцките филологијцки и историјцки аргументи за народноста нивна, со србцкијот патриотизм и со крајното негоо изражуајн'е во вид на шовинизм или слепо предпочитуајн'е на својето пред чуздото, со причините на србцкијот шовинизм, со рол'ата на Србија во сегашно и бидно време во македонцкото прашајн'е и со много друзи важни и нитересни прашајн'а.

Искуственоста на создаајн'е србцки интереси во Македонија беше јасна за сите. Но исто така македонците сознаваат да јет Србија држаа, шчо разполагат со војска, дипломатија, једен народ и једна интелегенција, који шчо ке зашчитуваа србцките интереси во Македонија со примерна преданост и крајен фанатизм.

Борбата со србцките интереси во Македонија јет непосил'на, не само за македонците, који шчо не располагаат со држаа и државен бјуджет, војска, дипломатија и пр., но и за слободна Бугарија. Затоа македонците во Србија се одрекоа од једна јавна борба со србите, но со тоа они не се откажаа од интересите на нивната таткоина.

Од избегуајн'ето на првата група македонци ученици во 1889 година, за које напоменаф, сé до 1895/6 уч. г. избегуваа, које по мали групи от 5-10 души, које оддел'но от по 1-2. Но по големијот дел македонци остануваа во Србија и бараа пат, како ке се можит да се работит во полза на Мкедонија без да се влегуат во отворен конфликт со србите.

За да се изработит једна таква програма, македонците ученици во Белград во 1893/4 уч. г., во време на инспекторството над ниф на директорот на III гимназија Г'уро Милијашевич, решија да состаат македонцко другарство во Белград. Цел'ата на другарството беше, негоите членои да се запознајат и да си изработат једна програма, која ке је осашчествуваат во Македонија тајно от србцката пропаганда. Јавната цел'а на другарството беше изучуајн'ето на Македонија во етнографцки, географцки, филологијцки и историјцки однос.

Се разбират, оти от тоа другарство не излезе нишчо, зашчо србите не доверуваа на македонците и

зафатија да прајк'аат во него „старо-србијанци“, црногорци, боснијци, ерцеговинци и пр. Особено тоа недоверије и наплив от срби во македонцкото другарство настапи на II година него сашчествуајн'е при инспекторот, гимназијцкијот проф. Јуришич. Но со растурајн'ето на другарството не се изменија чувствата и стремежите на македонците во Србија. Они зафатија да следат револ'уционата организација, создадена од македонци со бугарцко - србцко образуајн'е као и односот на србите кон неја. Они си дадоа отчет од рол'ата на Србија во македонцкото прашајн'е до сега и за однапред, затоа и ним принадлежит честта да сет создаачи на националнијот сепаратизм стред македонците. Они сет и главните негои последуачи. Мег'у ним имат луг'е сс висок патриотизм и со здрао разбирајн'е на националните македонцки интереси.

Тије македонци и дадоа израз на својите убедејн'а за македонцкото прашајн'е со издаајн'ето во Белград во 1902 год. ноината „Балкански Гласник“. Издаајн'ето на таја ноина не можеше да се аресит на србцките шовинисти, за тоа србцките ноини подигнаа шум против издаајн'ето на „Балкански Гласник“, обвинуајки негоијот редактор во сочувство на македонцките комитети, во резултат на које тој беше претеран от Србија.

Таквије сет резултатите на србцката пропаганда мег'у нејните воспитаници и органи, родом од Македонија. Во прашајн'ето за народноста на македонците србите пред македонците се придржуваа до втората од упоменатите две тероији, т. е. да сет македонците срби, и токмо со тоа у ниф се добија противни резултати. Србите сакаа да напраат македонците да служат на србцките интереси, т. е. сами да се мисл'ат, и на својите сонародници да им вел'ат, да сет срби. Но на место тоа македонците зафатија да гледаат на себе како на македонци со свои оддел'ни цели, и сакаа, не да служат како орадија за србцки цели, но да употребат србцката политика како средство за достижејн'е на чисто македонцки цели.

Ни један србцки воспитаник, особено, ако тој имат живејано во Србија, не само не веруат на србите, да јет он србин, но ѝ мрзит за нивнијот шовинизм, и ѝ лажит, за да си достигнит само цел'ата, да добијет образуајн'е.

По свршуајн’ето на учејн’ето, можит да бидит и чиновник на пропагандата, но при тоа тој ѝ мрзит, и проклинат судбата си за тоа, шчо јет орадие на једна пропаганда, која си имат своји цели, совршено противни на интересите на негоата таткоина - Македонија.

Таков македонец, обично до постапуејн’ето во србцка сколија, јет бил и во бугарцка, или грцка, или и во једната, и во другата. Тој си припаметуат, како во једната сколија го увеequивале, да јет он грк, во другата - да јет бугарин, а тука - да јет србин. За него јет прашајн’е, каде јет истината, зашчо сите имаат свои аргументи. Протиоположните аргументацији не даваат возможност да се наит, која јет нај праата, и за тоа македонецот решаат да сет сите ложни и да имат само једна неопровргната истина: македонцките словени сет македонци и словени, следствено требит секој македонец да чуат интересите на својата таткоина и на својот народ, а не интересите на пропагандите.

Да покажиме и на друг тип македонец со србцко образуајн’е: Он можит се бројит бугарин, и по проживуајн’ето во Србија 4 - 5 год. Откако сврши тој своето образуајн’е во Србија, каде тој требит да одит: во Бугари,ја или Македонија? И во једната, и во другата шчо ке праит? Бугарија и екзархијата во Македонија имаат чиновници поеке от колку им сет нужни. Пак и да имат место, то него не ке му го даат на једен, шчо свршил во Србија, ами на једен свој кандидат. Да допушчиме ушче и таа, да он добијат бугарцка служба. Но ке се чувствуат ли он на местото му? - Не. Тој за време на поминатите негои години во Србија се наог’ал под влијајн’е на цел ред приики, шчо отсатствуваат но Бугарија, и за тоа негоото мировозрејн’е се разликуат од мировозрејн’ето на тије, шчо се образуваа само во Бугарија и јет слободно от цел ред предземени мисли и предрасудоци. Нај малу во ноата обшчествена средина тој ке се осек’ат не на својето место.

И така Србија, со својето набркуајн’е во македонцкото прашајн’е, напраи грмаден успеф и требит да си го признаиме да јет тој, не толку во нејна, колку во наша полза. Она отвори сколији, кладе консулства, ракоположи Фирмил’ана и со се тоа даде нов праец на нашето прашајн’е. Она создаде во европејцкото обшчествено

мнејн’е и во самата Србија ил’узија да имат срби во Македонија и таја ил’узија минуат во очите на европејците за факт. Она застаи, да се прегледат од ноо прашајн’ето за народноста на македонците, и да се решит, ни во полза на бугарите, ни во полза на србите, а во полза на оддел’на македонцка народност. Она воспита цело поколејн’е македонци, који имаа, имаат и ке имаат нај решител’но значејн’е во ноата историја на Македонија. Србцките воспитаници играат важна рол’а во македонцкото прашајн’е без да се обрак’ат внимајн’е на тоа, али они работат под бугарцка, србцка или македонцка фирма, као и без разлика. али сет они во морален однос л’уг’е високи или не. Србцки воспитаници имат от сите тије категорији, и во сите ниф се покажуат србцкото влијајн’е благодатно за Македонија. Србцките воспитаници, шчо работеа под бугарцка фирма, создадоа и поткрепија македонцката револ’уција; на ниф се должит и политическијот сепаратизм. Националнијот сепаратизм се должит на србцки воспитаници идеалисти, шчо работаат под србска маска, а во душата своја се признаваат за македонци; србцките воспитаници, со својеето образуајн’е во Србија, се образуваа во национален дух, наместо во национален индеферентизм во Бугарија, и ако некоји од ниф сецело не престанаа да се вел’ат бугари, но мег’у ниф и македонците со чисто бугарцко образуајн’е и самите бугари се отвори једна голема пропаст: они со својето образуајн’е станаа на средината мег’у бугарите и србите, т.е., велејки се по традиција бугари, они престанаа во душата своја да сет такви: они станаа, македонци. Нај после нај долните, нај отчајаните органи на србцката пропаганда, родом македонци, пак сет полезни за Македонија: од ниф се образуат клас од недоол’ни со србцката пропаганда, за који шчо немат пат кон бугарите; они ке уголемуваат класот од националните сепаратисти.

Значит, ако није се лажиме во претположејн’ето, оти националнијот сепаратизм ке бидит поддржан от комитетите, организацијата и македонцката интелегентна колонија во Бугарија, то, и во таков случај, доста јет једна силна србцка пропаганда во Македонија, за да земит нацноналнијот сепаратизм нај големи размери.

Но ноото течејн’е стрек’ат и ке стретит арен пријем ушче во зафатокот негов и во нај арната, нај интелегентната и непродадената македонцка интелегенција, како шчо и јет резултат на умственото и нравствено развијајн’е на последната. Имат, и ке се најдат, мнозина интелегентни македонци, кој шчо сет готои да дадат животта своја за интересите на својата таткоина и својот народ, који ке се запитаат: шчо јет по важно за нас македонците: обшчебугарцките, обшчесрбцките, обшчегрцките или македонцките интереси? И ке одгоорат, да сет интересите на таткоината секоаш по горе од интересите обшченародни, и да сет последните само средство за првите, а не наопаку. Мала набл’удател’ност требит, за да се убедит чоек во таја истина. Нај напред се знаит от секого, оти није милуаме нашата таткоина Македонија и нашијот народ, зашчо катаден ѝ видиме и ѝ изучуаме со својите органи на чувствата. Во неја и сред него сме изл’упени. Од детинство сé, шчо јет мило ним и нам ни јет мило; сé, со шчо се радуваат они, и није се радуаме; они плакаат и није дост и жалост, обшчите предајн’а и обичаји не праат сите нас једно цело, - једен народ. Но једно поминиме границите на Македонија, или на југ, или на североисток, или на север, т. е. во Грција, Бугарија, Србија, наједнаш ке осетиме, оти дујет на нас веке друг ветар; ке осетиме да сме није тамо само неканени гости, и оти, ако сакаат тамо да ни се покажат брајк’а, но тоа го праат, за да не ограбат нас и да не експлуатираат. Грците, бугарите, србите, сите заједно не уверуваат нас, да није сите сме само од нивната народност, и оти нашето спасејн’е јет само во соједињејн’ето на цела Македонија, или барем на једен голем дел од неја, кон нивната држаа. Секој од нас ке забележит, оти тије л’уг’е, за који није знајефме само от книга, и ѝ знајефме како л’уг’е, шчо сакаат да ни поможат да се ослободиме, ни се покажуваат нам за пријатели и сонародници и ни се присторуваат за наши покроители, не зато, шчо сме није грци или бугари, или срби, не зашчо се грижат за некакви обшченародни интереси, во који флизаат и нашите, не зашчо сакаат да ни поможат и да не избаат нас, а само со чисто

егоистични цели, т. е. они експлуатираат со тоа, шчо се велиме није со нивните народни имијн'а, и сакаат, на осноа на сашчествуајн'ето на тије народни имијн'а во таткоината ни, да уголемат својата таткоина, да обеспечат својите интереси со завладуајн'ето, ако не на цела Македонија, то барем на голем дел од неја. Не ни покажуат ли тоа, оти малите држаи, па и секоја једна страна, со преследуајн'ето обшченародни цели, преследуат не хумани цели: ослободејн'ето на поробените, а чисто материјални и егоистични, т. е. уголемуајн'ето нивно за нејн интерес, без да се гледат, али ке настапит подобруајн'е во судбата на Македонија, или не. Значит месните интереси се јауватт главни, а обшченародните второстепени; првите сет цел'а, вторите - стредство. Имијн'ата: бугарин, србин, грк во Македонија сет стредство на малите држаи да не заробат нас. Ако и није милуаме нашата таткоина и сами себе, то и није требит да претпочитаме нашите местни македонцки интереси пред обшчебугарцките, обшчесрбцките, обшчегрцките. Није требит да создадиме такво положејн'е, да немат во Македонија, ни бугарцки, ни србцки, ни грцки интереси, зашчо тамо немат бугари, срби и грци, а имат само македонци от словенцки происход и некоји друзи македонцки народности. Нашите интереси требит да си ѝ изучиме и да си ѝ зашчитуаме сами, а не да ѝ дааме во туг'и раци, за да експлуатираат со ниф малите балканцки држаици.

После, националнијот сепаратизм ке имат место и у л'уг'е, шчо гледаат от практично гледишче на работите, без да се занимаваат многу со теоријата за народноста ни. Така, они ке расудуваат: ако једна Канада можит да се срдит на Англија за тоа, шчо последната, за да си бидит во арни односи со Сев. - Американцките Сојединени Држаи, пожртвуала ним интересите на Канада, и последната сега сакат да се ослободит од Англија и сама да си бранит својите државни интереси, зашчо по арно си ѝ разбирала; - то зашчо Македонија да се не срдит на Бугарија за тоа, шчо она не можит да бранит македонцките интереси, ами само експлуатират со ниф, и зашчо Македонија да не речит: јас проливав крв од моји синои, нека бранат мојите интереси они сами, а не твој Начович, Цоков, Станчев и С-је.

Исто така, множина ке забележат, оти малите држаи се односуваат со таквоа недоверуајн’е кон рол’ата на Бугарија во Македонија, као шчо се односуваа Големите Сили кон рол'ата на Русија во бугарцкото ослободуајн’е. Последните се бојеа од једна „С. - Стефанцка Бугарија“, зашчо мислеа, оти Русија ке си ја присвојит. Исто така, малите држаи мисл’ат сега, оти Бугарија сакат да се ослободит Македонија, за да си ја присвојит. Но кога видоа западните држаи, оти сет излажани и оти Бугарија рог’ат таквије л’уг’е, као покојнијот Стамболов и живијот Свирчо, се успокојија и зедоа да праат против вол’ата на Русија тоа, шчо сами расипаа во Берлин. Не ке се најдат ли и кај нас л’уг’е, који ке разберат, оти доверјето на малите држаи кон нашата таткоина ке зависит од наши Стамболовци и Свирчовци, но који ке видат опасноста за нашите национални интереси, не во Русија, ами во Бугарија? Поеке јет од за веруајн’е, оти ке се најдат и таквије. И тије ке бидат крајните сепаратисти.

Нај после множина ке забележат, оти нај големата нестрек’а наша се кријет во тоа, шчо нема у нас местен македонцки патриотизм. Да беше у нас тој, није, кај и да сме, ке мислефме и ке работефме само за Македонија. А сега једни од нас гледаат на себе како на бугари, и сојединуваат нашите интереси со бугарцките и на место да изучуваат Македонија во секаков однос, на место да изучуваат историјата на Македонија во сите времијн’а изучуваат бугарцките интереси и бугарцката историја, и често пати тије периоди од неја, шчо немаат никаков однос кон Македонија. Така н. пр. г. Баласчев, ориг’анец родом, на место да се занимаат специално со историјата и интересите на Македонија, ми изучуат бугарцките интереси и „вешчествената култура на бугарцкото ханство“, нешчо, које имат за Македонија истијо значај, као и историјата на Абисинија до покрстуајн’ето на абисинците. Друзи од нас сет во Грција и изучуваат грцките интереси и историја. Друг ориг’анец, Димица, се подвизаат во Грција и за него имат значејн’е историјата на Македонија само до нејното завојувајн’е од римјаните. Друзи македонци во Србија се чинат србцки патриоти и работат, на место ва Македонија, за србцките интереси. Така једен богат

кожарцки тргоец по име Коста Шименкович по смртта своја пожртвува за србцките сколији 500.000 франкои. Такви печал’ни резултати, од врзуајн’ето на нашите интереси со туг’ите, доста сет, за да се убедат мнозина, да јет нашето спасејн’е само во националнијот и религиозен сепаратизм.

Во л’уг’е со таквија убедејн’а, као и во сите недоол’ни от пропагандите македонци ке бидит првоначално силата на ноото течејн’е. Но така ке бидит само во зафатоко. Бројо на приврженците јавни и тајни ке растит, не по дни, а по часои. Важно јет, то, шчо, до кога ке имат во Македонија бугарцка пропаганда, ке имат и србцка. И двете пропаганди се држат само со бугарцки и србцки пари. Недоол’ните од втората довостаајн’ето беа поеке. По востајн’ето бројот на не доол’ните од јобите пропаганди ке се израмнит со увеличаајн’ето на недоол’ните од бугарцката пропаганда. Но и да не бидит тоа, једна србцка пропаганда јет доста да создаит превосходна почва на ноото течејн’е. Сите македонци от србцката пропаганда ке бидит на страната на ноото течејн’е: органите на пропагандата ке сочувствуваат тајно, а не платените срби ке исповедуваат својата македонцка народност јавно.

Напоследок и мнозина македонци словени со грцко образуајне ке се признаат за словени. Сега тије не го праат тоа, оти требит да се велат бугари, а името бугарин у грците се стаит многу долу. После сите од македонците сет готои да напраат отстапки от своја страна за објединуајн’е во једно национално цело, но ни једен от последуачите на трите национални пропаганди немат да изменит на својата пропаганда, за да капитулират пред друга. Националното објединуајн’е на македонците можит да станит само со компромис мег’у ниф, а не со капитулирајн’е на једните пред друзите. А тој компромис и јет ноото национално македонцко течејн’е.

Оттука јет јасно, оти, ако ноото течејн’е и не добијет некаква поддржка од многобројната интелегентна македонцка колонија во Бугарија, пак ке се развијат, само ке се развијат веке како течејн’е напраено специално против бугарцките интереси во Македонија. При големото развитје на ноото течејн’е и при силнијот отпор од Бугарија, можит да се очекуат за него

поддржка от страна на Србија. Колку и да се покажуат оно не арно и опасно за Србија, сé оно не протиоречит на србцките интереси. За Србија јет важно Македонија, ако не бидит србцка, да не бидит и бугарцка. Једнаш се виде, оти оно никој пат немат да бидит србцка, србите ке можат да се одвртат от своите утврдуајн'а, да сет македонците срби, и ке ѝ признајат за одделно словенцко племе, једнакво блиско до србите и бугарите.

И така, македонцкото национално возродуајн'е јет настапен историјцки процес, шчо имат под себе јака почва и голема биднина. Оно се должит главно на конкуренцијата мег'у Бугарија и Србија во македонцкото прашајн'е. Како преодни стадији кон полното оддел'ајн'е на македонцките интереси од бугарцките и србцките, т. е. кон националнијот сепаратизм, служат политическите револ'уциони организацији и политическијот сепаратизм, пропагандиран од ниф. Као главен извор за уголемуајн'ето на бројот на националните сепаратисти ке служит уголемуајн'ето на конкуренцијата мег'у бугарцката и србцка пропаганди во Македонија и бројот од лица недоол'ни от тије пропаганди. Нациналнијот сепаратизм ке се уголемит исто и од лица, шчо сознаваат сета вреда од националните и верцки пропаганди, који под вид да бранат нашите интереси, безбожно експлуатираат со ниф, и који шчо ке се решат на борба за националното објединуајн'е на македонците со сите тије пропаганди. Борбата со него јет опасна, не за него а за негоите противници. От таја борба он ке излезит победник, ушче поеке, шчо реформите во Македонија, ке дадат на неја возможност да се ослободит от туг'ите влијајн'а, и да пренесит центрот на возродуајн'

ето натре во неја.

# СОСТАУАЛА, СОСТАУАТ И МОЖИТ ЛИ МАКЕДОНИЈА ДА СОСТАУАТ ОТ СЕБЕ ОДДЕЛ'НА ЕТНОГРАФЦКА И ПОЛИТИЧНА ЕДИНИЦА

Во трите горе изложени статији јас разгледаф нај важните за мене, па ми се чинит, и за сите искрени патриоти прашајн’а. Мисл’ам, оти читачот без коментарији ке разберит, шчо сакаф во ниф јас да речам.

Но се́, шчо рекоф јас во ниф ке си останит без убав фундамент, ако не се разгледат некоји теоријцки прашајн’а, от праил’ното постаајн’е на који ке зависит успеот во нашето обшчо работејн’е во полза на нашата таткоина и нашијот народ.

Мнозина ке се запитаат: за каков национален сепараизм овде се гоорит? не се мислит ли да се создадат сега ноа македонцка народност? Но тоа нешчо јет искуствено и као такво ке трајит ден до пладне. Ами каква ноа т. е. македонцка народност, кога није, нашите татковци, дедои и прededои се велеле бугари? Али македонците во нивната историја пројауале некаква обшча работа политична и дуовна? Како се односуале они кон друзите народности балканцки и обратно?

Во таја статија јас ке се постарам да одгоорам на тија и много друзи подобни прашајн’а, и со тоа по мојата сила да разјаснам научните оснои на националнијот сепаратизм, као и да покажам на непраилноста на тије возразуајн’а, који се стаат од негоите противници, који со тоо сакаат да компромитираат него, као нешчо искуствено.

Једно от првите прашајн’а, шчо ке постаат противниците на националното обединуајн’е и возродуајн’е на македонците ке бидит: каква, македонцка словенцка народност? Никога немало македонцка народност, ке речат тије, па и сега је немат. Во Македонија секога јет имало, па и сега имат две словенцки народности: бугари и срби. Значит некакво македонцко словенцко национално возродуајн’е јет просто празна работа на неколку

фантазери, који при тоа немаат никакво пон'атије за јужно-словенцката историја.

Македонија, после ке речат нашите противници, не предстауат ни географцко, ни етнографцко, ни историјцко цело. Она не јет никак повлијала на судбите на соседните народи, а јет била арена на политична и културна борба мег'у разните балканцки народности. Истите расудуајн'а за нашата таткоина, можат, ке чујиме и од некои од нашите сонародници - македонцки словени, шчо се викаат бугари, кога ке се исцрпат сите друзи стредства за борба со македонцкото национално објединуајн'е. Во Македонија немат јазик, ами имат многo наречија различни мег'у себе, но сите стродни со бугарцките наречија и со ниф состауваат једно цело - бугарцкијот јазик. Друзи од македонцките наречија сет по блиски до србцкијот јазик, ке продолжат својите возразуајн'а нашите противници.

Колко и да сет осноател'ни сите приведени возразуајн'а на нашите противници против обшноста на македонцките словени и принадлежноста нивна кон једно самостојно словенцко цело, па ми се чинит, да можат да им се напраат и не по малечки контра-возразуајн'а, от који ке се видит, да националното самосознајн'е и возродуајн'е на македонцките словени јет нешчо многу обично и разбирливо.

* * *

На првото забележуајн'е на нашите противници, оти никога немало македонцка словенцка народност, можат многу просто да им се одгоорит: шчо немало по напред, можат да се сторит по доцкан, стига да се имаат различни историјцки прилики со своји оддел'ни барајн'а.

Некога сите индо - европејци состауале једен народ со једен јазик, шчо востаноуваат сега лингвистите от срамнуајн'е на старите и нои индо-европејцки јазици. Но исчезнаа тија историјцки прилики, при који индоевропејците се разбираа по мег'у ниф и настапија друзи историјцки прилики, при који се зафати цепејн'ето на јазико, на обшчото национално самосознаајн'е, со обшчи јазик, веруајн'а, к'уди, предаајн'а и пр. Но тоа

делејн’е пак беше на големи делои, или народни групи, како напр.: индо-иранцка или аријцка, германцко-словенцко-литовцка и пр. Тије групи со стечејн’ето на по доцните историјцки прилики се подразделија на јазични фамилији, како: индијцката, иранцката или персијцката, арменцката, грцката, трако-илирцката, италијцката, кел’тцката, германцката, словенцката и балтијцката или литовцката. Словенцката, приближно од около родејн’ето на И. Хр., се раздели прво: на источно-словенцка или руска, на западно-словенцка и на јужно-словенцка група. И само от последната се оддели бугарцкијот словенцки народ, со името бугари, наврзано на бугарцките словени од несловенцките бугари.

Ако сега нашите противници допушчаат образуајн’ето на по мали етнографцки целини од по голема, као последица на историјцка необходност, и ако они досега гледале на македонците како на бугари, то зашчо сега они не можат и не сакаат да допушчат образуајн’ето от таја голема етнографцка целина, шчо је веleле сите, па и они, бугарцки народ, две по малечки целини: бугарцка и македонцка? А сегашните историјцки прилики тоа го сакаат, како шчо сакале некоаш образуајн’ето на бугарцкијот, србцко-хрватцкијот и словенцкијот народи од јужнословените, или полцкијот, чешко-словачкијот и лужичко - србцкијот от западно - словенцката група.

Сформируајн’ето на македонците во оддел’на словенцка народност јет нај обичен историјцки процес подобен на процесот на образуајн’ето на бугарцкијот и србцко-хрватцкијот народ од некогашните јужни словени.

Да срамниме тије два процеса.

Једни историци и филолози тврдат, оти јужните словени, ушче до дојдуајн’ето нивно на Балканцкијо полуостров, се разликуале по мег’у себе, т. е. состауле два оддел’ни народи: словени (бугари и словинци) и србо-хрвати. Така тврдија Копитар, Миклошич и Шафарик. Друзи историци, особено лингвисти (јазико - знајци) тврдат, оти сите јужни словени, во време на својето пресел’уајн’е на Балканцкијо полуостров, зборуале на разни дијалекти (наречија) од једен јазик, и сите се велеле со једно обшчо име: словени. Словени се

вележе и србо-хрватите. Имијн'ата: срби и хрвати се носиле од малечки јужно-словенцки групи и биле племенни, а се сториле народни само, кога нивните носители, т. е. племијн'ата срби и хрвати, образуале големи држаи. Сите словени, подајници на србцката држаа, се вележе на место словени - срби, а на хрватцката држаа - хрвати. Така учит проф. Јагич, а заједно со него и негоите ученици. Тој и на сегашните јужно - словенцки јазици не гледат, како на три-целини, точно разграничени, а како на верига дробни наречија, који шчо се сливаат једно, во друго, како шчо влизаат колцата во веригата, од једна страна во једното саседно, а од друга - во другото саседно колце.

Ако се довериме на првата теорија, т.е бугарите и србо-хрватите да се преселија на Балканцкијо полуостров како готови оддел'ни целини, то се питат, до каде се простираа тије народности во време на преселејн'ето, и дали сите дојдени бугарцки словени останаа и досега таквије или некој дел од ниф се посрби? и дали сите дојдени србо - хрвати останаа као такви, или дел и од ниф се побугари? При допушчајн'ето, да се доселија готои јужно - словенцките народности на Балканцкијот полуостров, совршено неосветено остаат прашајн'ето за границите мег'у бугарите и србите, особено прашајн'ето, со какво населејн'е беа заселени средновековните: Мораа, Кучео и Браничео, или, со друзи збории, денешната кралеина Србија? За ниф велит Шафарик, на осноајн'е на византијцките историци, особено Константин Порфирородни, да беа они заселени со бугарцки словени, шчо бидоа посрбени во XIII и XIV в. в. Ако се допушчит з верна таја теорија ке бидит јасно, оти један народ не секога можит да устоит против натискот от туг'и соседни народи, а губи један свој дел во корист на по силнијот сасед, и друго, од неја се видит, оти народите можит да се состаат од два блиски народи, слиени во једно, као последица на историјцка необходност.

Шчо имат бидено во средните векои, зашчо да не можит да бидит и сега? Бугарцкијот народ јет изгубил готоо цела денешна Срби ја во корист на србите, и се примирил со мисл'ата за таја загуба, и не бројејки је за таква. Зашчо он не можит да се примирит и со мисл'ата

сл'ата за загубуајн'ето на Македонија, кога тоа загубуајн'е јет исто таква неминуана необходност, како шчо беше неминуана необходност и загубуајн'ето на Србија? Историјцките прилики неминуана водеа до изгубуајн'ето на Србија за Бугарија во корист на Неманичите и на србството, прво во политичен, а после и во национален однос; а историјцките прилики, создадени од Берлинцкијот трактат, напраја, Македонија да бидит загубена за бугарите, прво во политичен однос, а после и во национален.

Ушче једна парарел' со историјата на Србија: да беше Србија недоол'на от својата судба во држаата на Неманичите, она ке праеше опит да се ослободит и да им протиостојит ним со стремејн'ето да се присоединит до Бугарија; но опитот ке беше направен и ке доведеше до желаните резултати само, ако дозвол'уваа историјцките прилики; но последните, не дозволија тоа, и Србија се примири со приликите и биде загубена за бугарите. Истото јет и ке бидит и со Македонија. Македонија напраи опит нај напред да се ослободит от Турцко, но за сожал'уајн'е излезе опитот неудачен. Можит по ослободуајн'ето ке се мислеше и за соединуајн'е со Бугарија. Но таја година ни покажа, оти историјцките прилики никој пат не ке дозвол'ат да се сојединит цела Македонија со Бугарија; сега за македонците и бугарите, остаат једна од двете: или делејн'е на Македонија мег'у Балканцките држаици и со тоа изгубуајн'е за бугарите и македонците $^{2}/_{3}$ од Македонија, или полно пресечуајн'е врските со бугарите и постауајн'е на македонцкото прашајн'е на совршено неутрална, чисто македонцка осноа. Кога така го постауат необходноста прашајн'ето, то јасно јет, оти секој пат и от секого ке бидит предпочетено второто. И вистина, зар ке се решит једен искрен патриот македонец да пожртвуат: Костур, Лерин, Битол'а, Охрид, Ресен, Прилеп, Велес, Тетоо, Скопје и пр. за соединуајн'ето на Македонија до левијот брег на Вардар со Бугарија? Зар имат по голема близост мег'у једен македонец од источна Македонија и једен Рушчуклија или једен македонец од источна и западна или северна и јужна Македонија? Кога историјцкита необходност категоријцки ни зајавуат: македонци, или се сојединуајте мег'у себе и отчекнејте

се од друзите балканцки народи, или готвејте се за дележ на, таткоината ви! - сите искрени патријоти македонци ке приимат првото. Па́ тоа го налагат на македонците и чоешчината: зар јет чоечко сегашното стајн’е, во које ја имаат доведено Македонија пропагандите? Во једна кук’а таткото јет од једна народност, једејн’от син од друга, друг’от от трек’а народност, и једен Господ знаит, до кога ке се продолжит да бидит така! Чоешчината го барат од нас да се искоренит во таткоината наша тоа ненормално стајн’е, и да се примират брат со брат, татко и деца. Такво објединејн’е јет необходност, а не ни јет нужно фамил’но неприател’ство за некакво објединејн’е со Бугарија, шчо никој пат не ке бидит допушчено, ни од малите балканцки, ни од големите држаи.

Значит во сегашните политични прилики имат, не по малу осноајн’е за загубуајн’е од бугарите Македонија, од осноајн’ата за загубуајн’ето нивно во средните векои денешна, Србија. И као шчо загубуајн’ето на Србија во политичен однос повлече по себе загубуајн'ето нејно и во национален однос, исто така раздробуајн’ето на С. Стефанцка Бугарија во политичен однос ке повлечит и раздробуајн’ето нејно во етнографцки однос. Приликите создаат културна и национална близост мег’у л’уг’ето, и приликите и разрознуваат роднинцките елементи.

Такво сопостауајн’е можит да бидит мег’у првата, т.е. теоријата за заселејн’ето на Балканцкијот полуостров од јужни словени, сформируани во две народности, строго разграничени во етнографцки и географцки однос и постепеното изменејн’е на етнографцката карта на Балканцкијот полуостров од једна страна, и процесот на современото национално обособуајн’е на Македонија од друга.

Сега да видиме, дали од гледишче на другата, т. е. Јагичјевата теорија за образуајн’е на јужно - словенцките народности, можит да се објаснит постаајн’ето, при сегашните политични прилики, на једна ноа македонцка словенцка народност?

Јагич ни велит, јужно - словенцките јазици да сет и да биле верига од наречија; исто така, сите јужни словени, до образуајн’ето на бугарцката, србцката, хрватцката

и словенцката држаа, да се велеле со једно име - словени. На протежејн’е на таја верига од јужно-словенцки племијн’а и наречија, као да се образуале 4 јаки возли, ке се речит, 4 државаи со разни имијн’а, т. е.: славинцка, хрватцка, србцка и бугарцка држаа. Тије возли, т. е. држаи, спроти силата, шчо је имаа, кога се оброзуваа, си ѝ разделија мег’у себе сите колца – племијн’а и наречија на јужно - словенцката етнографцка верига и ѝ крстија со нивното име. Возлите си имаа, као свој центр носител’от на националното име; со увеличејн’ето или умалејн’ето на политичното могушчество на носител’от на националното име и последното се рашируат или се умал’аат. Така станали имијн’ата србин и хрватин народни от племени; така се присојединиле до нивните носители механически соседните племијн’а со својите наречија и состаиле со ниф један народ, постепено асимилируајки се со својите покорители или присојединители.

Ако образуајн’ето на јужно - словенцките народности јет механично-политичен процес, то истијот не јет нешчо невозможно и во сегашно време. Во јужно - словенцката јазична верига имат неколку колца надвор от србцкијот и бугарцкијот политични возли: тоа сет македонцките наречија. И вистина, тије колца, бидејки по мег’у себе нај блиски, имаат некоји режки на исток блиски со бугарцките и на север со србцките колца. Тије колца во разни времијн’а беа со разни имишча бојадисани, до кога, во 4-та четвртина на поминатијот XIX век, бојите не зафатија да се клаат једна врз друга и не парализуваа једна друга. И једната и другата боја не се држеше јако за колцата, и малу по малу бојите зафатија да се рушат и под ниф зафати да сијат природната им боја „славенцка“ со одблеск „македонцки“ од географцката област, во која сет распределени. Носителите на тије колца наречија некога се викале „словени“, а после, то бугари, то срби, до кога конкуренцијата на таја двата имијн’а не ѝ напраи јобите туг’и за македонцките словени, и они не зафатија да се именуваат со старото географцко име на својата таткоина. Името македонец прво се употребуаше од македонцките словени, како географцки термин за покажуајн’е на својот происход. Тоа име јет обшчо известно

на македонците словени и сите со него се именуваат. Једно јет така, и једно образуајн'ето на народноста јет политично - механичен процес, то имаат се сите нужни условија за оддел'уајн'е на Македонија во самостојна етнографцка област: македонците имаат обшча таткоина, последната постепено со реформи се оддел'уат во самостојна политична целина, во нeја се имаат „неколко колца од јужно-словенцката јазична верига", тије колца много лесно се обједињуваат со обшчото признаајн'е средното од ниф за обшчо орадје во искажуајн'ето на литературната реч за сите интелегентни л'уг'е во Македонија и за во книгите и сколијите. И така, сите условија за националното возродуајн'е на Македонија се имаат на лице, па и тоа возродујн'е и од гледишче на втората историјцка теорија за образуајн'е на Балканцкијот полуостров на малите етнографцки јединици од једна по голема јет совршено логично.

Тоа можит да се забележит на тије, шчо вел'ат да никогa немало македонцка народност. - Немало, ама је имат сега и ке бидит за однапред.

* * *

Сега да се попитаме друго: али ке бидит точно, да се кажуат да имат во Македонија две народности и ако имат једна, то али тaја народност можит да бидит наречена србцка али бугарцка?

Во Македонија, како и во секоја друга земја, имат многу наречија, блиски једна до друго. Тaја блискост од једно наречије се пројавуат, од једна страна до сите друзи македонцки наречија во обшчи фонетични или звуковни, морфологични или формени и лексични или речнични особини; од друга страна секоје наречије јет нај блиско до негоите соседни наречија, имајки со ниф обшчи особини, који се немаат во по оддалечените од него друзи наречија, и то западнијот дел од наречијето јет по блиско до негоијот западен сасед и со него, туку речи, се сливат, источнијот до источнијот и пр., и така, наречијата као да сет врзани једно со друго, како колцата во једна верига.

Сега се питат: који колца од нашата верига наречија ке се наречат србцки, а који бугарцки и на која осноа?

При решејн'ето на тоа прашајн'е не требит да се забораат и следните прашајн'а: који наречија от србцкијо и бугарцкијо јазици се признаат за нај типични за тије јазици и који нивни особности се признаваат за нај характерни за једните и другите јазици? Дали тије нај характерни црти се имаат во сите македонцки наречија? Дали македонцките наречија имаат својι обшчи характерни особности, који се немаат, ни во србцкијот, ни во бугарцкијот јазици? Дали во македонцките наречија по оддел'но преобладаваат македонизмите пред србизмите, или бугаризмите, или наопаку? Нај после да ли особините на крајните или периферијцките македонцки наречија и гоори ни дозвол'уваат да ѝ сочитаме за по блиски до средното и нај типично македонцко наречије Велешко – Прилепцко - Битолцкото или до централните наречија на србцкијот и бугарцкијот јазик?

Као нај типичен и раширен србцки дијалект се јавуат Боснијцко - Ерцеговинцкото или јужното србцко наречије, кој шчо јет од времето на Вук Караджич литературен јазик на србо - хрватите. Централното или Велешко - Прилепцкото македонцко наречије никој пат не можит да бидит по својите особини однесено кон србцкијот јазик, зашчо мег'у него и централното србцко хрватцко наречије или сегашнијот србцко-хрватцки јазик имат исто таква пазлика, како и мег'у чешкијот и пол'цкијот јазици. Ке се речит, во средината на Македонија срби немат. От сегашното признајн'е на сашчествуајн'е на Балканцкијо полуостров само три словенцки народи: словинци, србо-хрвати и бугари, со одричајн'ето во центрот на Македонија срби, као да се признаат косвено имајн'е тамо бугари. Но дали денешното гледишче јет праил'но? Немат срби, значит имат бугари Но немајн'ето срби дали вистина значит да имат бугари ?

Во централното македонцко наречије, мег'у другото се имаат таквија фонетични особини: старо - македонцките

гласои ъ и ь, во тије место, кај шчо се имаат сочуано, преминуваат во *о* и *е*, напр. *денот*, от старо-македонцкото *дьнъть*, преку *дьнът*; *сонот*, от *сънът*; н - место старото *тј* и *дј* имаме *к'* и *г'* или *јк'* и *јг'*, напра *врејк'а* и *туг'а*; на место *нј* имаме *јн'* напр. *којн'* на место. *конј*, на место ′ - *а*, напр. *рака* и др. Сите тије особини не сет србцки, но не сет ни бугарцки. Они се немаат во главното бугарцко наречије – источно - бугарцкото које служит и за литературен бугарцки јазик.

Ако источно - бугарцкото наречије се признаат за нај типично, то многу јет јасно, оти самата географцка далекост на македонцкијот центр од него јет доста да покажит, оти последнијот не можит да бидит бугарцки.

На источно - бугарцкото наречије сега се гледат, како на тај типично и нај чисто от туг' уплив, бугарцко наречије. Оно јет сравнител'но со западно-бугарцкото по распространено. Во последното се имат голема разлика од источното наречије, но се признаат во него, осим оригиналноста негоа, србцки уплив. Македонцките наречија имаат пак своји оригинални особини, а зашчо се наог'аат по саседство со србите, се признаваат пак за не чисти от србизми. Осим тоа тије сет на крајнијот запад. По сите тије причини, а нај главно по тоа, шчо македонците, за својето ослободуајн'е од грцкијот патрик и от Турцко, работеа до последната руско турцка војна заједно со бугарите под името бугари, а местата за таја борба беа около Бугарија, т. е. во Стамбул, Влашко, јужно-западна Русија и Србија, који (места) помагаа во ослободител'ната работа нај многу да бидат застапени бугарите, поможаа да се објаит источното бугарцко наречије за литературен јазик на бугарите и македонците.

Сега да допушчиме да сет и македонците бугари, и да сет особините на македонцкото централно наречије исто толку бугарцки, колку и источно - бугарцките. И во таков случај не можит да се зборуат за етнографцка целост мег'у Бугарија и Македонија. И да јет имало некога таква целост, она можит од одот на историјцките прилики да се нарушит. Во секој случај обшчите интереси можит да се поддржаат со взаимно согласуај'н'е мег'у членоите на целината. Интересите на целината требит да сет једнакво скапи за сите членои, шчо је

состауваат: од неја требит да имаат сите једнакви згоди, и во нејна полза сите требит да праат једнакви жртви. Ако тоа се немат, и ако од неја, једни имаат голема полза, не праејки никакви жртви, а друзите праат големи бесполезни жртви, целината се раздел’уат. Националната бугарцка целина, во која се односуваа: Бугарија, Тракија и Македонија, не можит да се сочуат, зашчо немат таков етнографцки центр, шчо можит прочно да, сојединит тије три страни, као шчо сет сојединени србцко - хрватцките земји, немат постредин на тије земји једно нај распространено, и једнакво оддалечено от сите нивни крајишча наречије, које да. притегл’уат около себе периферичните наречија и да распространуат обшчо национално самосознајн’е мег’у сите, шчо зборуваат на тија наречија. Во таков случај секој ке сознаеше, оти не само македонците, ами и бугарите од Бугарија и Тракија праат једнаква со ниф отстапка во полза на центрот.

Сега пак случајот издигнал за литературен јазик на бугарите источното бугарцко наречије, које се наог'ат на крајната протиоположна страна од Македонија. Оно не можит да служит за обшч литературен јазик на бугарите и македонците, зашчо не можит дуовно да објединит на једнакви праа сите три припаметени области. Тој задаток би можело да исполнит западно-бугарцкото или шопцкото наречије, да не беше мало распространено и со многобројни оригинални особини, који се немаат во друзите наречија во Бугарија, Тракија и Македонија. Нај после за сочувуајн’е на националната целост мег’у Бугарија и Македонија, првата не ке се со гласит, за обшч литературен јазик на македонците и бу˙гарите да се изберит македонцкото централно наречие, на место источно-бугарцкото. Ето зашчо прашајн’ето: које наречије требит да бидит обшч литературен јазик за македонците и бугарите, ако првите и за однапред ке се вел’ат бугари, - које, прашајн’е, сега не се постаат на дневен ред, зашчо умоите на сите македонци сега сет зафатени со револ’уционото движејн’е један ден неминуемо ке поведит и без друзи причини кон једно расцепуајне мег’у Бугарија и Македонија, со создаајн’ето от последната свој литературен јазик.

А создаајн'ето, редом со србцкијот и бугарцки, одделен македонцки литературен јазик, не јет ли рамносил'но со одел'уајн'ето на македонците во оддел'на ни србцка ни бугарцка, ами македонцко словенцка народност?

Бугарите, можит, ке речат, оти ноата словенцка народност со свој литературен јазик ке бидит пак бугарцка, само со друго име. Није македонците, се разбират, да не ке имаме нишчо, не само против бугарите, ако не признаат нас за бугари, но и против србо-хрватите, ако последните не признаваат нас за чисти срби или хрвати.

И така централното македонцко наречије јет једнакво далеко и от србо - хрватцкијот и бугарцкијот литературен јазици и можит да се разгледуат, како нешчо оддел'но од ниф. Ке се речит, најдофме једно неутрално колце на веригата од наречија. Сега остаат да се решит, дали тоа неутрално колце стоит осамотено со оддел'на од друзите колца боја, или имат и друзи колца со истата или по блиска до неја, од колко до друзите, боја? Ако стокмиме наречијата от краијшчата на Македонија, од једна страна со централното македонцко наречије, од друга со источно-бугарцкото наречије или србцкијот јазик кај Вук Карацич, ке видиме, оти сите македонцки наречија сет по блиски до централното македонцко, а не до централните наречија на друзите јужни словени.

Значит, во Македонија имат сплошно словенко, ни србцко, ни бугарцко населејн'е.

Тоа го признаваат и србцката и бугарцката пропаганда, и ако за надворешнијот свет и једната и другата зборуваат, оти во Македонија имало г'оа две народности: србцка и бугарцка.

Србцката пропаганда јет раширена низ цела Македонија без Костурцко, Сереско, Петричко, Драмцко, т. е. без крајнијот југ и крајниот исток. Во Костурцко србите немаат пропаганда, не зашчо не сет костурци срби, ами, доброволʼно ѝ отстапуат на грцката прапаганда. Истокот на Македонија србите великодушно го отстапуат на Бугарија.

Бугарија јет не по малу великодушна во македонцкото прашајн'е кон Србија: и Бугарија признаат срби

на с.-з. от Шар планина; сета друга Македонија јет бугарцка, според бугарите.

Значит, двете пропаганди не спорат само за земјите на с.-з. од Шар планина и тије части от серцкијот санджак, шчо сет крај бугарцката граница. Во првата живејат једногласно срби, а во другата - пак једно гласно - бугари. Но великодушијето на србите јет само за тоа, да покажат умереноста на својот апетит и справедлиоста на нивните барајн'а: ето не сакаме тоа, шчо не јет наше. Истото јет причината на бугарцкото великодушие спроти србите. Бугарите дори излезоа по толерантни: страната зад Шар, је признаа за „Стара Србија“.

Но от како шчо се искл'учат тије две крајини, сета друга Македонија србите је крстат србцка, бугарите -бугарцка.

Каде јет причината на тоа? И шчо можит да закл'учит чоек од двојните претенцији за Македонија?

Причините на претенцијите на србите и бугарите сет, се разбират, чисто политични, но осим ниф имат ушче једна: македонцките наречија једно до друго стојат така блиско, једно во друго се сливаат толку незабележено, да, ако се признаит једно од ниф за србцко или бугарцко, ке требит да се признат за такви једно по друго и сите саседни со него. Закл'учок от тоа јет - да самите пропаганди признаваат, да во Македонија имат само једна словенцка народност; значит, утврдуајн'ето, да Македонија не предстауала етнографцка целина, противоречит на нивните постапоци.

* * *

И после, сè горереченото, ке се најдат мнозина, који ке речат: можит, вистина јет, да, ако немало до сега македонцка словенцка народност, она можит да бидит создадена од времето, особено от сегашните историјцки прилики; вистина јет, оти македонците по јазико свој не можат со прао да бидат наречени, ни бугари, ни срби, ами сет нешчо оддел'но, т. е. составаат оддел'на етнографцка јединица но пак, како није сега можиме да се велиме македонци и да создааме оддел'на македонцка народност, кога: није, нашите татковци, нашите

дедовци и пpедедовци сме се вcase бугари? Није не можиме да се откажиме от тоа, зашчо тоа име ни јет свето као и верата.

Да видиме, дали јет тоа така.

Није се велеме бугари, како шчо једен чоек се велит со једно име, да речиме Петр. Се прашат, кој ни го клал името, шчо сакал да означит тој со него, кога не крстил и шчо разбираме није под името бугарин, кога се велиме со него? На тије прашајн'а ке ни одгоорит крстуајн'ето на чоека и значејн'ето на негоото име за друзите и за самијот него.

Некој, шчо носит име Петр, сам не си го клал името, ами му го клале друзи - нунковците. Нунковците му клаваат једно име на кумчето, тој со него да се разликуат од друзите л'уг'е, деца, жени, моми. Кога ке го викнат Петр, не ке се одзрнит Иван, Лазар, Велика, и прочее. Значит името на једен чоек не јет толку важно за самијот него, колку за друзите, за тоа он не се крстит сам, ами го крстат него друзи. Он сам и не се велит Петр, ами си велит: „јас“. Се ползуат со негоото име, само кога требит да се различит од много друзи л'уг'е подобни на него.

Исто така, једен народ долго можит да бидит без народно име, ако на близу од него немат друг народ, от кој шчо ке требит тој да се разликуат со оддел'но народно име. Но тоа народно име, не си измисл'уат народот сам за себе, ами со него го велит саседнијот народ и тој од него си го земат. Значит нај природно јет народното име за једен народ да се појаит у једен саседен со него народ. Саседните народи једен кон друг, значит, се јауваат во вид на нунко и кум.

По мисл'ата на проф. И. А. Бодуен-де-Куртенѐ, словените сет крстени со тоа име од римјаните. Словенцките имијн'а нај често се свршуаат на - слав: Светислав, Венцеслав, Борислав и др. Словените служиле у римјаните као робои и гладиатори, а у тије робои и гладиатори нај много се повторуало збор от „слав“, затоа тој збор зафатил да означуат, од једна страна, чоек, шчо работит нај тешките работи, т. е. роб, а пошчо нај многу робои се земало от словените, то од друга страна, словените биле крстени од римјаните со името слави, које они си го позајмија од ниф и го препраија

на слов-øн-и, т. е. словени. Тоа крстејн’е на нашите предедовци стана ушче, кога они одвај влезоа во сносуајн’е со по културните романцки народи. Со тоа име ке се наречеше некој от словените, ако требеше да различит себе од некој романец или германец, и то не секаде само оно се употребуаше. Како и да јет, важно јет само то, да оно не Господ знајит, шчо означуаше, за да не можит да бидит заменено со друго.

И така, прво наше народно име ни имат бидено името словенин. Но за тоа име, како за наше народно, није нај много знајиме, не по некакви своји традицији или од романците, ами по византијцките историци.

Главната причина, да збориваат византијците за словените, значит, и за нашите предедовци, беа нивните војни со Византија. Опустошејн’ата, шчо ѝ правеа нашите предедовци во Византија беа таквија фактои, за који не можеше да се молчит; а заједно со прикажуајн’ето за опустошејн’ата се прикажуаше и за опустошуачите, кон који се односуваа византијците со гордост и презрејн’е, као кон варвари.

Византијците зборуваа само за опасните за ниф варвари. Колку једен варварцки, т. е. не грцки народ беше по страшен за нивната држаа, толку поеке омразијата кон него беше по голема и толку негоото име добијаше по долно, по презрител’но значејн’е.

Нападејн’ата на: вест-готите, ост-готите, хуните, аварите, антите, словените, србо-хрватите, бугарите, на Византија сменуваaа једното другото и за таја причина византијцките историци зборуваат за сите тије народи, па и за словените и антите. При тоа требит да се не забораат, оти вест-готцките, ост-готцките, хунцките полчишта се состојеа, не од једни ост-готи, вест-готи, хуни, словени, но да во нив господствуаше једната народност, но имаше примеси и од друзите. Важно јет да византијците одбележуваат господствујушчата народност, а за друзите молчат. За словените поеке зборуваат от сите друзи народи, осим србо-хрватите и бугарите, зашчо сите друзи вистина поминаа преко Балканцкијо полуостров, но и си ојдоа од него. Но словените арно се утврдија на целијот полуостров, а особено во Македонија, кај шчо образуваа ушче во VI столетје силна

држаа, против која византијците отправија силна војска.

Но нај много Византија пострада од народот бугари, од монголцко племе, кој шчо опустошуаше се́ шчо ке му се попаднит во Византија. Во полчишчата на тој народ имаше и словени, који се бројеја од византијците пак за бугари. Нај голем удар доби Византија од бугарите, који шчо зедоа од неја голем дел нејни земји, заселени со словени, и од ниф образуваа једна голема и силна држаа, која од VIII век до идејн’ето на турците на Балканцки полуостров, готоо постојано наносеше на неја један удар за друг.

Бугарцката држаа беше поеке со словенцко жител’ство, но со името на нејните образуачи т. е. монголците бугари.

Словените од Бугарија и Македонија нај напред беа само сојузници на бугарите во војните со Византија. Но сојузните со бугарите словенцки полчишта беа во очите на непријателите т. е. византијците пак бугарцки. Значит византијците зафатија да прекрстуваат словените ушче од времето на Аспарухоата орда. Постојаната борба рамо за рамо со бугарите и напраи ниф један народ со бугарцко име, но со словенцки јазик. Бугарцкото име мег’у словените беше попул’аризирано од грците, и оно, прво, означааше само бугарите - монголите, после нивните воени сојузници, после бугарцките поданици и нај после стана етнографцки термин за бугарцките словени. Но тоа име во очите и устата на грците имаше ушче специално значејн’е: нај невистини за ниф варвари, л’уг’е не образоани, груби, која граничаат со звероите. За грците се словенцко беше грубо и бугарцко.

Со името бугари не крстија грците и нас македонците. Но тоа прекрстуајн’е не јет јединствено. От србите није бефме прекрстени во срби.

Во втората полоина на XII век, во времето на србцкијот жупан Немајн’а и бугарцките цареи Асеновци или Асановци, Византија беше нападната от крстоносците и разни друзи непријатели. Тогај бугарите се приготвија да востанат и закл’учија догоор со србите против Византија. Последната беше обшч непријател’ нивен и двата народа решија да удрат на неја, и секој да земит,

кој шчо ке можит да откачит. Во Византија немаше бугарцки и србцки земји, као шчо немаше и некакво национално самознаајн’е у јужните словени. На основание тој догоор бугарите нападнаа на источнијот дел на Балканцкијот полуостров т. е. на Тракија, а србите на западнијот т. е. сегашна Србија, Западна Бугарија и и Македонија и малу по малу си ѝ разделија мег’у ниф. Во течејн’е на два векои србцките кралеи присојединуваа кон својата држаа византијцки земји. Но они секога се велеа само кралеи на србите. Цар Душан се нарече: цар на србите, грците и арнаутите, а не и на бугарите. Титулата на цар Душан се објаснуат така: тој признаат на Балканцкијот полуостров две словенцки држаи: Бугарија и Србија и една не словенцка - Византија; Србија со завоевајн’ето на византијцки земји сакат да наследит Византија, но со тоа она земат земји који можат да бидат и србцки и бугарцки но који не сет бугарцки.

Македонцкото жител’ство не се односуало со мрзн’а кон србите. Ушче од времето на паг’ајн’ето на Самуилоото царство, македонците не једнаш праија силни востаајн’а против Византија, многу по силни од бугарцкото во време на брајк’а Асановци, но не можаа да се ослободат, зашчо кај ниф сет друзи географцките прилики кај бугарите друзи. За да се ослободат бугарите во горна Бугарија, шчо се оддел’уат од долна со Балканите, доста јет да се избијат византијцките гарнизони во неја и да се фатат од ниф дервентите, за да не пропушк’аат ноа византијцка војска. А во Македонија работите сет сосем инакви. Тука немат таков зид, кој шчо да бранит востаачите, као Балканите во Бугарија. Тука имаме многу високи планини, који имаат разен праец и образуваат котловини, одделени една од друга. Планините затруднуваат соединејн’ето на сите македонци за обшча борба со непријател’от, а пак олеснуваат работата на византијците, зашчо, со разместуајн’е во ниф гарнизони, они можат да држат македонците во послушајн’е. Осем тоа на Византија поможуваа да држат македонците во послушајн’е и шосетата или друмишчата, шчо сет напраени за воени требности ушче од римјаните и ја пресечуваат Македонија од исток на запад, т. е. од Белото море кон Сијн’ото и од југ кон север

крај Вардар, т. е. од Белото море кон Дунаот. При таквија географцки прилики, јасно јет оти македонците е не можаа да се ослободат од Византија и готои беа да бидат сојузници на секој непријател’, шчо ке војуат со Византија. Таков сојузник до X век беа бугарите, а от XIII в. беа србите.

Македонците станаа сојузници на србите, и со тоа се ослободија од византијците. Они се присојединија кон Србија, но тоа присојединуајн’е не беше насил'ническо, а на осноа на догоор мег’у македонците големци и србцките кралеи. Тоа беше резултат на једен компромис мег’у првите и вторите, компромис згоден и за једните и за друзите. Македонија под србцките кралеи, особено под Душана имаше полна самостојност во натрешните работи, и то таква, со каква не се ползуаше ни једен друг дел од големата империја на Душана. Тоа се видит от титулите, шчо ѝ носеа македонцките големци и од влијајн’ето нивно на имперцките работи. Тоа се видит и од големата приврзаност на македонците кон царскиот трон. За да се убедит чоек во тоа нешчо, доста јет да прегледат историјата на Немајничиата државе од времето на цар Душана до смртта на Волкашина, особено периодот на распадајн’ето на Душаноата империја. Од овде ке се убедит чоек оти центрот и нај големата рол’а во таја империја принадлежеше на Македонија. От секаде от периферијата на Душаноата империја по негоата смрт отпаг’аат областите једна по једна. Македонија крепит Урошеијот престол и македонцкијот големец крал’ Волкашин јет главнијот советник и десна рака на Уроша. Сите го мрзат Волкашина за негоата рол’ и влијајн’е на Уроша, но царот му веруат, македонцките големци: 70 кралеи и банои, по народните песни, му веруваат и му даат 70,000 војска, со ниф да умрит на Марица за царот и „србцкото име“.

70,000 души војска от 70 кралеи и банои! Како се велеше таја војска? Чије име носеше и кој му гу гладе? Сите се велеа „срби“ но во ниф имаше толку срби, колку во војската на цар Симеона имаше бугари - монголи; па ми се чинит да ѝ имаше и по малу. Значит во XIV век македонците официално носеа името срби, које немаше зашчо да го презираат и да се срдат на него. Во тоа име они не наог’аа нишчо лошо.

Србите беа главната воена сила против византијците. Нашите пределовци беа нивни сојузници. Византијците велеа сите своји противници, т.е., и србите, и нас, срби. Малу по малу они не прекрстија од бугари на срби. Истото се поддржа од признајн'ето суверенитетот на Душнаа во Македонија и од рол'ата на нашите големци во негоата држаа. Није станафме за надворешнијот свет срби, после истапифме како србцки подајници и нај после зафати името србин да означуат македонец, не грк, не влаф и не арнаутин.

Једно нешчо не сочува србцкото име во Македонија; тоа јет карајн'ето мег'у крал' Марко и кнез Лазар. Последнијот истапи као противник на турците со името србин и со тоа турците врзаа со пон'атијето србин и Србија денешното крал'ство и негоите жители. Марко и негоите подајници во очите на турците не можеа да бидат срби, зашчо не се противија и не покажаа таква воинственост против ниф, каква покажаа кнез Лазар и негоите поданици.

И така до идејн'ето на турците кај нас није три пати бефме прекрстени: 1, славени, 2, бугари, 3, срби.

Но со тоа не се сврши се́. Дојдоа турците: се зафати борба мег'у рисјанството и мусул'манството борба мег'у крст и полумесец. Но со тоа не се пресече борбата мег'у словенството и грцизмот. Турцкото господство на Балканцкијо полуостров беше историјцки период, кога потчинените мисл'ат да сочуваат нивното историјцко наследје. Се разбират, оти се сочува само, шчо можеше да се сочуат и шчо не сакаа да ни го земат, зашчо не им беше нужно, и не беше опасно за ниф Турците ни зедоа земјата и си ја разделија мег'ӯ ниф. Није се примирифме со таја загуба. Зафатија да ни земаат деца наши, да ѝ потурчуваат и да праат од ниф јаничари. И тука молчефме. Турците видоа зор до кога ја покорат Србија и името србин означуало за ниф разбојник. Није свифме глаа и не се велефме срби, да не го расрдиме агата. Он не сакал да се велиме и бугари; и бугари не се велефме. Турчинот ке ни дојдеше во кук'ата, ке се најадеше, ке се напијеше и ке ниречеше: бре г'аур! ај донеси ми тоа и тоа! - ке му одгоорифме, сега беим! Ако не питаше некој турчин, шчо сме? - ке му одгоорифме да сме или „каури“ т. е. неверници,

или „раја на царот“. Со друзи зборои није пред турците се кажуафме така, како да не се расрдит агата. Пред турците није сме „каури“ и „раја“, и „каури“ зафатифме да се велиме и мег'у нас. Во народните песни не једнаш се употребуат името „каурин“ и „рајатин“, и „земја каурцка“ или „земја рајатцка“ во етнографцко значејн’е.

Значит турците од нас напраија народ „каурцки“ и „рајатцки“, термини осноани на нашата принизеност пред турците, на религиозната разлика мег’у нас и ниф и на обшчественото наше положејн’е.

Но осем турците, по изгубуајн'ето на нашата слободија, наши „воспитачи“ и господари станаа грците.

Није видофме во грците дуовни господари и верцки началници. Није бефме и кон ниф, исто така принизени, као и кон турците. Грците со црквата не експлоатираа нас и сакаа да извршат под турцкото владичество тоа, шчо не можаа до него. За да не претопат нас, они избегуваа да не вел’ат со народното име. Они ни кажуваа, да сме биле није рисјани, и није тврдефме: абре брате, рисјани сме, ами шчо сме! Кога ке се расрдеа на нас, и ке не наречеа тврдоглаи бугари, није пак ке речефме: е пак така, си јет: вистина рисјани сме, ама не сме образуани, као грците! Нашите глаи не разбираат; није сме бугари. Со једен збор во турцко време није потврдуафме и се согласуафме со сé, шчо ке ни кажеа турците и грците. Но турците со тоа, шчо не нарекоа нас: рајати и г’аури, гледаа на нас као на л’уг’е, не од известна народност, а шчо сет во известен однос кон ниф, господарите и праоверните. Во истата смисл’а употребуафме и није, односуајки кон себе, тије имијн’а Значит турците во нивната држаа не признаваа народности. Исто така не знајефме за ниф и није. Грците исто така не разликуваа словенцките народности и сите словени, особено тој дел од ниф, шчо им причини нај големи непријатности и се наог’аше во турцко време под нивната опека, они го презираа и го велеа со презреното за ниф име „бугари“. Но тоа име искажуаше презрејн'ето на грците, а не и достоинства на бугарите, затоа се сопроводуаше со зборот тврдоглав или „хондрокефалос“.

И така дојдофме до националното наше име, шчо го имаат носено нашите татковци, дедовци и нај блиски прадедовци. Но видофме, оти онде имаме работа, не со једно, ами со цели 4 имин'а, који означуваат да немало до пред неколку години точно определено народно самосознајн'е. Името бугарин, како се видит, до полоината на XIX век немало за нашите прадедовци по големо значејн'е од имијн'ата: рисјанин, рајатин и каурин. До тогај није знајефме да имат и да имало каурцки, рајитцки, и рисјанцки земји и државаи. Но није се бројефме за каури, рисјани и рајати и паметиме да сме имале наша каурцка. и рајатцка царшчина, но сме је изгубиле на Косоо поле, кога се е расрдил Господ на нашите прадедовци. Тамо, т. е. на Косоо поле рекал Господ да си загубиме царшчината за наказајн'е за тоа, шчо не сме чуале верата чиста. Тамо нашите каурцки цароои извадиле голема војска да се бијат со турчинот, но како рекол Господ да загубиме царшчината, от сите парчијн'а, на који бивале раздробени турците, никнале нои турци. Кога го виделе тоа цароите, рекле, оти Господ сакат да загубат царшчината каурите, и да се потчинат на турчинот. Така турците ни го презеле царството. На Косоо паднале двајца цароои.

После таквоа „јасно“ предетауајн'е у народот македонцки за негоата „бугарцка“ народност, можит ли да бидит збор за бугарцко национално самосознаајн'е у македонците?

Ако јет така, ке возразит бугарцката партија од македонци, то шчо означаат црковното прашајн'е, во које бугари и македонци одеа рамо за рамо, и последните се велеа и работеа со името бугари?

Ево шчо означаат: македонците беа крстени со национални имијн'а, со који они се разликуваат од друзите саседни со ниф народности, т. е. од турците и грците, па и власите. Првите не трпеа името срби зарди србцкијот отпор при завоевајн'ето на Балканцкијот полуостров. Во Турција до руско турцките војни збороите „срб-г'аур“ требит да означауле тоа, шчо означаваат сега збороите „москов г'аур“. Се разбират, оти рисјаните не само сами не се велел срби, но им било непријатно да се вел'ат и од друзи така. Така не ѝ велеа и грците, зашчо последните не видеа големи

лошотији от србите. Па и немало зашчо: името србин погости во Македонија, као политичен термин само малу време. Оно се и забораи скоро без чуздо пријатно потсетуајн'е за него. От турцко гледишче и не прао јет да се вел'ат македонците сите поглавно „срб-г'аури", зашчо они се предадоа на турците. А ако се испразднит од Македонија името србин, то ке останит за македонците само името бугарин, које беше политичен и етнографцки термин ушче до турцкото завоевајн'е. Тој термин не беше лош от турцко гледишче, а од грцкого, беше много удобен, зашчо со него нај убао можеше да бидит искажано презрејн'ето и ненависта на грците кон нас. Ето зашчо није мег'у другото се признафме за бугари т. е. тврдоглавци.

Значит, нас со бугарите не врзуаше једно обшчо име, једнаков однос кон нас от страна на грци и турци, једнаква жежда за слободен от фанариоти и турци жиот. Таја обшчност не побуди заједно да се бориме со обшчите непријатели. Но таја обшчност не јет нешчо, које почиват на некакви обшчи воспоминајн'а и обшчи историјцки задаки, који да се сознаваат и да се имаат сознајано од нас и од бугарите једнакво. Нашата обшчност јет проста случајност.

До крајот на првата $^{1}/_{4}$ на XIX столетије се ослободија от Турција сите балканцки земји, осем Бугарија, Тракија, Македонија, Босна и Ерцегоина. Првите три географцки беа многу близо и једнакво се третираа от турците и грците. Последните две беа одделени от првите три и беа во по инакви односи кон турците и грците. За тоа првите три, једно се пробудија, зафатија да живејат со обшчи идеали, а вторите две со друзи, пак обшчи.

Но, ако при националното разбудуајн'е на македонците, имахме друг вид на политичната карта на Балканцкијот полуостровто македонците ке работеа сосем инак. Ако беше Бугарија со Тракија слободна, а Србија заједно со Македонија поживејеше 50 години при једни исти условија, то македонците ке работеа заједно со србите, а не со бугарите. Исто така македонците можеа да работат и заједно со грците, да можеа грците да работат

по умно и да беше само Грција и Македонија под Турцко около 50 години, кога сите друзи балканцки земји би биле слободни.

Бугарцкото име во Македонија, значит, јет резултат на лошото третирајн'е на македонците от страна на грцкото дуовенство. Грците унишчија Охридската архиепископија за тоа, шчо се упоминуаше името „бугарцка", како историјцки reliquium, но употребуваа името бугарин за да воплотат во него својето презргјн'е кон се словенцко. И имено тоа воплотејн'е на грцкото презрејн'е кон нас и јет причината да се велилне „бугари", а не историјцките традицији. Последните напротив нишчо не ни зборуваат за бугарите, а поеке за србцкото име во Македонија. Значит не крстиле „бугари" грците без да не питаат нас, и није, немајки време да гледаме и да му најдиме мана на името, си го усвојифме.

Ако јет така, а инак и не можит да бидит, то јасно јет, оти името бугарин не зборуат ушче за бугарцка народност во Македонија. Тоа име сега се пддржуат во Македонија искуствено, као шчо и се насадуат тамо во нај ноо време името србин. Името бугарин во Македонија сега немат место, зашчо веке цели 25 години, као живејеме није македонците одделен живот од бугарите. Мег'у бугарите и нас имат многу малу обшчи интереси сега. Македонија јет нужна за Бугарија, затоа последната прајк'ат во првата катагодина милион франкови и содржат на служба многу македонци. Бугарија пак јет нужна за македонците, зашчо во неја македонците ке добијат место и ке експлуатираат со нивните „бугарцки" чувства. Значит, во течејн'е на последните 25 години односите мег'у Бугарија и Македонија почиваат, не на почва на једнакви традицији и задаки, а на чисто трговцка осноа, т. е. једејн'от го експлуатират другијот.

Значит, името бугарин во Македонија, со које сега експлуатираат бугрите, никак не јет национално, и за тоа никој од македонците немат прао со него да експлуатират македонцките интереси во негоа полза. Никој не ни имат дадено прао заради него да ни се набркуваат бугарите во нашите работи. Татко ми, дедо ми, прededo ми, ако се веле ле по недоразберија бугари, то ушче не значит, оти и јас требит да сум као ниф во

мрак за мојата народност; ако се вележе они бугари, то не значит, оти није ке требит да престаниме да веруаме во русите за атар на разни Стамбуловци и Свирчовци, на место, заједно со нашата пролијена крв., није да си бараме праото от кај шчо требит, да допушчиме да ни се бркаат во работите л’уг’е, који шчо и сами не знајат, шчо бараат; ако се вележе мојите дедовци бугари, ушче не значит, да јас имам прао да експлуатирам македонцките интереси со издаајн’е ноини, који на место да бранат интересите на нашијот народ, ѝ бранат бугарцките и интересите на бугарцкијот кн’аз. Нашите дедовци, велејки се бугари и не мислеле, оти није ке праиме от тоа име капитал, за да се најадиме, напијеме и облечеме со него.

Значит, у македонците името бугарин јет фал’шлива монета, со која они плајк’аат на Бугарија и нејнијот кн’аз и на нивната таткоина и нивнијот народ. Време јет да се раскријет таја фал’ш, за ,да се престанит да се експлуатират со неја.

* * *

Од до тука реченото се видит: прво, оти, ако по нашите сегашни етнографцки пон’атија на Балканцкијо полуостров, особено на централнијо и југо-источен негов дел, т. е. во денешна Србија, Бугарија, Тракија и Македонија имало и имат само две словенцки етнографцки јединици: србцки и бугарцки народ, то тоа ушче не значит да немат, немало и не можит да бидит друга словенцка јединица, а напротив, оти нејното сашчествуајн’е јет во пределите на возможното и на дејствител’носта; второ, да во Македонија немат две јужно-словенцки народности: србцка и бугарцка, а напротив, да во неја имат само једна народност со своји особини, који, или претстауваат нешчо оригинално, које се немат, ни кај србите, ни кај бугарите, као шчо јет, да речиме, со много особини на македонцките наречија, или нешчо које се имат, и кај бугарите, и кај србите, или које се имат само кај македонците по краишчата на нивната таткоина и кај србите, или пак по ниф и кај бугарите; и да от тије особини на македонците, као дел от словенцката група народи, нај многобројни, нај распространени,

обшчи за сите македонци, значит, и нај важни сет тије особини, со који македонците се одличаваат од друзите словенцки народи: по ниф македонците фактически состауваат оддел'на и самобитна словенцка народност, и ако за неа не се гоорит денеска во науката и во катаденнијот разговор; трек'о, причина на тоа игнорирајн'е и затемнуајн'е на сашчествуајн'ето на македонцката народност да се кријет во сашчествуајнето во Македонија името „бугари" во етнографцки значај и во експлуатирајн'ето со него от страна на бугарите. Исто така, се запознафме со произлезот на името бугарин во вид на етнографцки термин во Македонија.

Со друзи зборои, није се запознафме до сега со тоа, да состаула, состауат и да можит Македонија да состауат от себе оддел'на етнографцка јединица.

Сега ни остаат да видиме, али она состауала, состауат и можит да состауат таква јединица во политичен однос?

Во одгоорот на тија прашајн'а, ке требит да се продолжат расудуајн'ата за народноста на македонците от тамо, кај шчо и остаифме.

Није видофме, оти во Македонија името бугарин јет последната метаморфоза во развијајн'ето на нашето национално самосознаајн'е и да јет резултат на тоа политично и обшчествено положејн'е во које бефме постаени од завојуајн'ето на Балканцкијо полуостров от турците. На осноа на сѐ тоа, шчо рекоф јас за историјата на националните имијн'а који имаат сменуано једно друго, као и за причините на тија сменуајн'а, ке возникнат многу злоупотреби. Можит, мнозина ке ме осудат, коа србофил. Можит, самите срби на него ке основаат својите шовинистични претенцији на Македонија. Можит нај после, ке експлуатираат србите сето речено за изменуајн'ето на националното ни име, за да докажат, да македонците никога немале национално самосознаајн'е и не играле никаква самостојна историјцка рол'а, а сет влизаме само, као суров материјал во државнијот организм на бугарцката или србцката држаа.

Мег'у другото такви недоразберији можат да се очекуваат, как от тоа, шчо јас категорично осудиф бугарцката политика во македонцкото прашајн'е, от које

можат да помисл’ат да сум јас бугарофоб и србофил, исто така и од експлуататорцката тактика на балканцките словени во македонцкото питајн’е.

Србите можат да затрубат, да сет македонците срби, једно не сет бугари, зашчо така се викале до турцкото дојдуајн’е на Балкан. полуостров. Исто така, можит, некоји срби во мојите расудуајн’а за непостојанството на народното име кај нас, ке најдат потврдуајн’е на мислите на проф. Миловanович, кој шчо докажуал во „Дело“ да требит Македонија да се поделит мег’у балканцките држаици, зашчо не предстауала нито географцка, ни етнографцка, ни историјцка целина.

За првото ево шчо можит да се речит: македонците, сите заједно се викале срби не поеке од педесет години, а во некоји, и то северните делои, нека сто и сто и педесет, но не и поеке години. Името србин тогај јет имало поеке државна смисл’а и по малу етнографцка. До тогај и во турцко време го немало кај нас. И ако јет така, то не јет ли шовинистична заслепеност да ни се наврзуат сега нам на сите македонци, па и само на северните наши сонародници, наместо бугарцкото име?

За тврдејн’ето на проф. Миловanович, да Македонија не состауала и не состауат географцка, етнографцка и историјцка целина, за које, можит, некоји ке најдат потврдуајн'е во мојите расудуајн’а за изменејн’ето на националното име кај нас, осем тоа, шчо јет речена, кога одеше зборот за прашајн’ето, али имат во Македонија две словенцки народности, ке речам ушче следното:

И ако јет Македонија состаена од неколку котлоини, разграничени со високи гори, пак она во днешнијот нејн вид имат живејано оддел’но од Бугарија и Србија, или самостојен жиот, или под друзи држаи. Тоа јет јасна докажуачка, оти нејната стрек’а не јет зависела само от Србија и Бугарија, и оти високите планини, шчо заобикол’уваат македонцките котлоини, ушче не сет таква опасност за заједнични политичен жиот у нивните жители. Така Македонија во денешнијот нејн вид, до образуајн’ето на бугарцката држаа, беше једна полусамостојна византијцка област. После она цела потпадна под Бугарија. Кога последната падна под Византија,

Македонија беше слободна држаа на време и со успеф се бореше против Византија и имаше под себе цела денешна Србија. После, Македонија потпадна под Византија и во течејн’е на неколку века но разни нејни делои се дигаа востаајн’а против покорител’ката. Кога се ослободи Бугарија и се усили државата на Неманичите, во која влезе прегешнијот дел од Македонија, т. е. денешна Србија, она, т. е. Македонија во денешната нејна големина, ушче остааше византијцка земја, кај шчо продолжаваа да се дигаат востаајн а против Византија, за који се бараше сојуз и покроител’ство от саседните држаи. После, цела Македонија влезе во државата на Неманичите. Во неја она као да јет била привилигироана и самостојна во натрешната политика. При крал’ Волкашин, Македонија пак као да се оддел’уат од друзите делои на Неманичеата држаа и као да се сострeдоточуат около него. Во царуајн’ето на Крали-Марко, она сосем се оддел'уат од србцките земји и се постаат во особен однос кон турцко-србцките односи и војни. Во турцко време, она јет на истите осноајн’а под турцкото владичество. После Берлинцкијот догоор она јет сама од сите друзи јужно - словенцки земји под Турцко и веке живит таков оддел’ен жиот поеке од 25 години .

Во тој згорен поглед на историјцките собитија на Македонија, се видит, оти горе - долу у сите македонцки котлоини јет једна и иста историјцка судба, горе-долу сите нивни жители имаат особен, одделен истаријцки жиот, не ретко самостојен или пак, закл’учуат во себе обшча борба за политична слободија. Ако се пријимит на вид, оти таја обшча историјцка судба, тије обшчи политични борби и самостојнијот политичен жиот јет удел на једно исто словенцко населејн’е и на једен и исти народ, то ке бидит јасно, оти, тврдејн’ето да Македонија не состауала географцка, етнографцка и историјцка целина јет осноано не на дејствител’носта, а на србцките есапи за Македонија.

Тој згорен поглед на историјата на Македонија ми се чинит, не само да покажуат, да није македонците имаме своја историја и да сме народ, судбите на кој шчо се разијале во врска со судбите на друзите саседни нам народи, но и да имат во нашата историја много

самобитно и својеобразно, као шчо јет да речиме самостојната Охридцка архиепископија, со нејното работејн'е на полето на народното просветуајн'е. Исто така тој историјцки поглед покажуат, да готоо во сите времијн'а се забележуат силно работејн'е на народнијо дух на културно - историјцка осноа, резултата на која се јауват образуајн'е на силна македонцка држаа од цар Самуил и богата народна литература.

А ако Македонија до сега со мали исклу'чејн'а се јет развијала оддел'но од Бугарија и Србија, то она можит да чинит и за однапред, ушче поеке, шчо пропагандите: бугарцка и србцка употребуваат сите и дозволени и не дозволени стретства да искоренат во нашијот народен жиот се́ самобитно, се́ чисто македонцко. Самосталното политично развијајн'е на Македонија јет необходност, као нешчо, без које није не ке располагаме со доста стретства да се бориме со пропагандите за сочувуајн'е од ниф нашата национална самобитност.

———

## НЕКОЛКУ ЗБОРОИ ЗА МАКЕДОНЦКИЈОТ ЛИТЕРАТУРЕН ЈАЗИК

Во четирите горни статији на оваа книга јас сакаф да обрнам погледите на мојите сонародници на нуждата од једно корено изменуајн'е на досегашнијот процес на нашето дуовно развијајн'е, као и на тоа, да мојите возгледи во тој случај не сет нешчо ноо и безосновно, а сет само чекор напред во досегашното развијајн'е на нашето национално самосознајн'е и да сет затоа сосем природни и осноател'ни.

Се разбират, оти во једна мала книга, као шчо јет оваа мојата, не се можат подробно да се разгледаат сите задирнати прашајн'а. За секоје од ниф би се можела да напишит по једна цела книга. Но сега за сега от таквија подробни разгледуајн'а за задирнатите питајн'а се немат ушче голема и неотложна нужда; за тоа требаше за сите од ниф да се кажит по неколку зборои, зашчо они једно без друго сет нејасни и неразбирливи. Осем разгледуајн'ето на сите задирнати прашајн'а, за да бидит јасно појауајн'ето на книгата, сега ке требит да се кажит неколку зборои за својевременоста на книгата и нашијот литературен јазик.

Мнозина, можит, ке речат, оти вистина арно јет чоек да се позамислит над прашајн'ата, задирнати во таја книга, но сега ушче не му јет времето. Со оваа книга, ке речат они, се носит раздор и разјединуајн'е мег'у нас, на место сојединуајн'ето, које сега за сега ни јет така нужно. За македонцка народност, македонцка литература и литературен јазикније ке можиме да му мислиме само, кога ке заживејеме једнаш слободен политичен жиот; а до тогај нам ни требит,није да сме сојединени и да остаиме на страна националното прашајн'е.

На тоа јас можам да одгоорам само ово: по мојето мислејн'е, сегашните, т. е. мјурштегцките реформи сет максимум, шчо можа да ископчит од Европа революцијата.

Револуцијата на пролет ке бидит најглупаото, шчо можиме није да напраиме. Со револуцијата на пролет ке се користат само нашите непријатели, који си имаат само есапи, противни на нашите национални интереси. Револуцијата на пролет само ке ни унишчит совршено нас и ке унишчит плодоите, добијени од неја до сега, оти она ке бидит напраена не против Турцко, а против него и Реформаторцките Сили, и оти тоа ке бидит не по наши есапи, а по есапите на некоја Голема Сила и некоји мали балканцки држаји, који ке не натераат нас да се дигниме, а после ке не остаат на сред пат; нај после, оти није, ако против сите аргументи на здравијот смисл пак подигниме востаајн’е, ке бидиме само осноа на дипломатцка, борба мег’у реформаторцките држаи и некоја трека, која борба ке се свршит само нашето понишчуајн'е. За тоа није, требит, да се откажиме от секоја мисл’а за револуција на пролет, ушче поеке, шчо реформите ке се воведат, зашчо со ниф јет врзана честта на две Големи Сили, који сет во стајн’е да постаат се́ на својето, - и да се зафатиме за ноа т.е. културна борба, во која прво место, ке требит да зимат прашајн'ето за нашата народност и нашето национално - религиозно развијајн’е. Значит, истом сега му јет времето да се мислит за јазико наш, нашата национална литература и воспитаајн'е во национален дух. Сега настапуат време за интерес со национално - религиозни прашајн’а.

Тој интерес малу јет задоцнел, но од тоа ушче не следуат, да он си немат сега место мег’у нас и да можит да ни напакостит.

Ако сме логични, то требит да признајиме, оти автономијата на Македонија, за која до сега револуционерите се бореа имат смисл’а само во тој случај, ако револуционерите согледуваа во нашијот народ таквија качества и особини, који се немаат у друзите балканцки народи, а сет само наша характерна црта. Само согледуајн’ето на тије својеобразни црти во характерот, нравите, обичајите, жиотот, предајн’ата и јазикот на нашијот народ јет важна причина да сме није против делејн’ето на нашата таткоина и за нејната автономија, зашчо дележот ке ни искоренит се́, шчо ни јет мило и ке ни наврзит много противно нешчо на нашијот народен

дух. Само оддел’ното македонцко национално самосознаајн’е кај нас ни даат морално прао, да се бориме против барајн’ето на малите балканцки држаи, да се разделит нашата таткоина, и да се бориме против пропагандите, шчо готват почва за дележ. А ако не можит да се добијет автономија, требит ли није равнодушно да гледаме на работајн’ето на пропагандите и да се бориме со једно ноо течејн’е, шчо јет напраено само против ниф, за тоа само, шчо тоа течејн’е ке ослабело нај силната пропаганда? Никак не, зашчо ни једна пропаганда, колку и да јет она силна, не можит да ни даит тоа, шчо очакуаме није од неја. Сите пропаганди сет пропаганди само на своји, но никак не и на наши интереси, и од ниф никоаш немало нишчо особено за народот. Спасејн’ето от пропагандите никој пат не ке ни дојдит, зашчо, ако јет денеска једната по силна, утре ке се чинит и другата таква, а првата ке ослабнит. Пропагандите само нај после можат да достигнат крајната своја цел’а - дележот, које не го сакаат и тије, шчо сет против националнијот сепаратизм. Значит, последнијот не јет неуместен во сегашните прилики, и можит да ни даит само арни плодои, но не и да ни напакостит.

Једно си имат местото националнијот сепаратизм, то требит да се projaвит он во милоста кон сé, шчо јет народно, и на прао место, во милоста кон народнијот јазик.

Јазикот јет средство, со које није познааме, шчо мислит, шчо осек’ат и шчо сакат нашијот собеседник. Во јазикот се имаат оддел’ни гласовни знакои или зборои за сите мисли, осек’ајн’а и сакајн’а на једен чоек, за тоа јазикот на једен народ јет негоо дуовно богатство и наследство, во које се закл’учуваат, отпечатани во гласовни знакои или зборои, сите народни мисли, осек’ајн’а и сакајн’а, со који имат живено и живит једен народ и који се предаваат, као нешчо свето од једно поколејн’е на друго. Да сочуат некој својот народен јазик и да го бранит као светијн’а, значит, да останит он верен на дуот на својите пределовци и да уважаат сé, шчо имаат они напраено за својето потомство. Да се откажит чоек от својо народен јазик, значит, да се откажит он и од народнијот дух. Со тоа само се објаснуат сакајн’ето и усилијата на покорителите, да напраат покорените, да се откажит от својот јазик и да

изучат на негоо место нивнијот; исто така со тоа се објаснуат упорството на покорените народи да сочуваат сето своје духовно народно наследство, а особито јазикот.

Таква милост кон нашијо народен јазик требит да имаме и није, ако сакаме да останиме верни на дуот на нашите предедовци. Милоста кон народнијо јазик јет наш долг и наше прао. Није сме должни да милуаме нашијот јазик, зашчо тој јет наш, исто така, као шчо ни јет наша таткоината ни. Првите гласои, шчо ѝ имаме чуено, сет гласоите на нашите татковци и мајки, гласоите и збороите на нивнијот народен јазик. Преко ниф није добифме нашата прва дуовна храна, зашчо со ниф се осмисл’уаше сé, шчо видефме со нашите очи. Со народнијот јазик није освојуаме психологијата на нашите татковци и предедовци и се чиниме нивни дуовни последници, као шчо сме со снагата нивни телесни продолжаачи. Ако се односуаме со презрејн’е кон народнијот наш јазик, није само врајк’аме со неблагодарност на нашите родители за сето нивно дуовно гледајн’е и воспитајн’е. - Није имаме и прао, осем долгот, да браниме нашијот јазик и тоа прао ни јет свешчено. Секој кој шчо налаг’ат на нашијот јазик, ни јет исто таков наш непријател’ као и нападачот на нашата вера. Верата и јазикот, тоа сет душата на једен народ, со изменуајн’ето на који, једен народ праит коренен душевен преврат: он се откажуат од сé прег’ашно и земат се ноо. Тој коренен преврат, ако стаат постепено во течејн’е на цели векои не јет опасен, зашчо једни делои од него се односуваат до једни поколејн'а, друзи до друзи поколејн’а, така да једни делои преминаваат по наслетство, као народно наследије, и само некоји сет нои. Тој коренен преврат не јет опасен само, ако јет резултат на самостојното развијајн’е на народот.

Но, ако једен народ изменуат својот јазик и својата вера во једно касо време и под силно чуздо влијајн’е, сам без саазнаајн’е однесуајки се кон таја измена, то он се откажуат од сам себе и од негоите интереси и предаат и себе и ниф на једен по силен народ, кој шчо ке постапит со него и ниф, како шчо ке му се заблагорасудит. Значит, да се откажит једен народ от својот јазик, се велит, да се откажит он и од, сам себе и својите

интереси; се велит, да престанит да гледат на себе со своји очи, да судит за себе и за друзите со својот ум и разум, а да чекат укажајн’е за се́ от страна. Једен народ, кој шчо изгубил својот јазик, мјасат на једен чоек, кој што изгубил патот и не знајит от кај идит и кај одит, и кој шчо не знајит, зашчо одит вамо а не онамо или тамо. Колко во поскоро време једен народ изменуат својот јазик, толко по опасно и отчајано јет негоото положејн’е.

Опасноста, која угрожаат на нашијот народ и негоите интереси от страна на пропагандите, који шчо употребуваат сите и дозволени и недозволени стредства, за да исчистат од Македонија нашијот јазик и со него нашите дуовни интереси, и да насадат на нивно место нивните јазици со нивни интереси, не само не задолжуат нас, но и ни даат полно прао да употребиме сите и дозволени и недозволени средства, за да сочуаме нашијот народен јазик, и со него нашите народни интереси. При тоа није не сакаме туг’о, а си браниме својето.

Јазикот јет акустичен резултат од физиолошко работејн'е на органите на чоечката реча, на кој шчо му се приписуат извесно значејн’е. Главните елементи на јазикот или чоечката реча. сет: органите на речата, нивното физиолошко работејн’е, слуот, псиолошкото воспријимајн’е на физиолошкото работејн’е на органите преко слуот, и присојединуајн’ето кон воспријиманијот резултат на физиолошкото работејн’е на органите на речата или гласот, или зборот, некоје значејн’е. Значит, јазикот главно јет физиолошко-психолошка способност на чоека, и као таква зависит од се́ тоа, шчо праит да се менит чоек, т. е. со развијајн’ето на једен чоек и једен народ се развијат и негоијот јазик, со нивното опаг’ајн’е опаг’ат и нивнијот јазик. Чоек се менит во време и пространство: исто така се менит и негоијот јазик. Променејн’ата во јазикот на једен народ во време состауваат историјата на јазикот на тој народ, а променејн’ата негои во пространство составуваат негоите современи вариацији или дијалекти, поддијалекти, гоори, подгоори и пр.

Секој народен јазик имат своја историја и своји современи вариацији или дијалекти, поддијалекти и пр. Своја историја и вариацији имат и нашијот јазик. По таја историја можит да се изучит, како сегашните вариацији се добија от по стари и последните од једен обшч македонцки јазик, а тој од једна јужно-словенцка група и пр. Исто така по неја можит да се проследит на која вариација, или на кој диалект, во које време имало по голема литература.

Историјата, како на нашијот, исто така и на друзите јазици, ни покажуат, оти секој диалект, поддиалект, гоор и подгоор, можит да се опотребуат во литературни произведејн’а. Таја привилегија на једен диалект, поддиалект и пр. - да бидит орган на литературна реча - по учејн’ето на. историјата на јазиците, се даат ним, не по некакви особени естетични преимушчества, а по чисто практични причини, т. е. по стечејн’ето на историко-културните прилики. Тије прилики денеска подигаат једно наречије на степен на литературен јазик, утре друго и пр.

Историко-културните прилики во создаајн'ето на литературни јазици господствуваа секоаш, господствуваат они и сега. Благодарејн’е ним во нај ноо време се откажафме да си избериме једно од нашите наречија за наш обшч литературен јазик, а наместо тоа зедофме да се учиме и да пишиме на туг’ите саседни јазици, нај поеке на бугарцкијот. Благодарејн’е на приликите сега није си избираме за обшч литературен јазик, централното македонцко, т. е. Велешко-Прилепцко-Битол’цко-Охридцкото наречије.

Који сет тије историјцко - културни прилики, шчо не застауваат: прво, да си создааме свој литературен јазик и второ, да избираме имено централното наречије?

Ето који.

Није видофме колку сет народните интереси тесно врзани со јазикот, а последнијот со характерот и дуот народен. Није видиме сега, оти три национални и религиозни пропаганди во нашата таткоина се борат једна против друга и сите заједно се борат против нас и нашите интереси, сакајки да им нанесат смртен удар и да си ѝ потчинат под себе, зимајки со таја цел’а религиозното

и сколијцко работејн’е кај нас, ва своји раци преко црквата и сколијата за да нанесат смртен удар на нашата народност, ни налагаат на нас нивнијот, наместо нашијот јазик. Народните интереси ни налагаат за да ѝ зашчитиме ниф, да браниме нашијот јазик от пропагандите. Тоа бранејн’е ке бидит успешно и ке размрсит сите планои на пропагандите, ако бидит задружно и обшчо. А за да бидит такво, требит со обшчо согласије да се изберит једно наречије за обшч македонцки литературен јазик. Согласије ке имат, ми се чинит, само ако секој од нас праит избор, не по некакви естетични сообразуајн’а и не по чисто местни причини, а од гледишче на обшчите интереси. Последните пак налагаат: периферијцките наречија, да отстапат место на централното. Како шчо во једна држаа се имат држаен центр, кој шчо нај арно јет да се наог’ат во средината на држаата, и кон кој шчо се собираат сите конци од државнијот жиот, исто така и во јазиковните или области от сродни наречија требит да се имат једен центр, кој шчо по значејн’ето негоо требит да се односуат кон периферијцките наречија и гоори, као шчо се односуат центрот и столицата на држаата кон крајните окрази и околији. Около централното наречије требит да се групираат сите наши научни и литературни сили, за да го очистат и обогатат со сокроишча од друзите македонцки наречија и да создадат од него једен убав литературен јазик. На него требит да се создадит једна богата сколијцка, научна и убаа литература, за да можит преко ниф да се раширит низ цела Македонија во вид на литературен јазик, кој шчо ке изместит од неја пропагандцките јазици. А заједно со изместуајн’ето на пропагандцките јазици и со создаајн’ето наш литературен јазик, се изместуваат од Македонија и интересите на балканцките државици и нивното место ке го застапат создадените со јазикот македонцки интереси.

И така, користа, шчо ке ни ја даит нашијот обшч литературен јазик, ни служит за мерило при избирајн’е наречије за таја цел’а, и она јет главнијот фактор при создаајн'ето на нашијот нов литературен јазик.

При возвишаајн’ето на једно наречије на степен на литературен јазик, никога немаат играно важна рол’а негоите естетични својства. Тоа јет једно, зашчо практичните сообразуајн’а зимаат врф над естетичните, а друго, зашчо последните сет односител'ни и поеке субјективни. По таја причина, по убаи се чинат на чоека готоо само тије наречија и goori, шчо ѝ слушат он или ѝ имат слушано по често. За тоа и не можит да се зборит за естетичност во јазикот, диалектите и гоорите.

Значит, једен македонец од источна, или северна или јужна, или западна Македонија немат прао да се противит да бидит избрано централното македонцко наречије за литературен јазик само зато, шчо не им се чинело убао. Немаат прао они да протестираат против централното наречије и за тоа, шчо јет оно централно као и зашчо изборот се праит по практични соображејн’а.

Сега да видиме, али избирајн’ето на централното наречије за литературен јазик се оправдаат от практично гледишче?

Битол’а се избират за резиденција на Генералнијот Инспектор за Македонија и негоите советници - цивилни агенти. Она се обрајк’ат во престолнина на Македонија. Таја ноа престолнина не јет далеку от старите: Преспа и Прилеп, и од седалишчето на до неодамна автокефалнијот Оридцки Архиепископ. Значит, централното наречије имат зад себе, така да се речит, историјцки праа. Последните се основаат и на негоото централно положејн’е, које јет, како во географцки, така и во етнографцки однос. Централен град во Македонија ни јет Велес. От тој центр географцки, није само мало се оддалечуаме, идејки преко Прилеп кон Битол’а и Орид. Таков праец при оддалечуајн’ето од географцкијот центр се објаснуат со тоо, оти тије крајишча сет от по големо историјцко значејн’е за Македонија, а од друго, сет по оддалечени и от србцкијот и бугарцкијот јазикои центрои, состауајки от себе македонцки јазиков центр. И вистина диалектот Велешко – Прилепцко – Битол’цко Оридцки јет јатката на македонцкијот јазик, зашчо на запад од него јет Дебранцкијот

(рока), на југ - Костурцкијот (ронка), на исток - источнијот или Солунскијот (ръка) и на север - Скопцкијот или севернијот (рука).

Создаајн'ето литературен јазик јет дуовна потребност кај нас, со која се мислит да се клаит крај на злоупотребите на пропагандите со нашите интереси, и со која требит да се создаит свој литературен и научен центр, за да се немат нужда од Белград и Софија. А та тешка задак'а ке се достигнит само, ако македонецот от северна Македонија подаит рака на својот брат од јужна Македонија и македонцеот од источна Македонија подаит рака на тој од западна. Подадените раци ке се прекрстат около Прилеп-Битол'а.

И така: стремејн'ето на македонците да создадат свој културен центр; тоа, шчо сега Битол'а се чинит престолнина на Македонија; шчо Битол'а, Орид, Прилеп сет историјцки места за македонците; као и тоа, шчо состауваат они географцки и јазичен центр; сите заједно праат да се пријимит, као обшч македонцки литературен јазик, централното македонцко наречије.

Откако се изберит наречијето, које имат да бидит македонцки литературен јазик, ке требит да се разгледат и прашајн'ето за македонцкијот праопис.

За праописот као и за праецот на нашето културно развијајн'е ке требит тука да се напраат неколку забелешки. Праописот на једен јазик, као и изработуајн'ето на једен литературен јазик можит да идит постепено и полусознател'но. Једен чоек од једен народ, шчо немат писменост, можит да изучит азбуката од једен народ по културен од негоијот. Тој чоек можит да употребуат туг'ата азбука и за гласои од негоијот јазик, или да изложит 'своите мисли со помок'та на туг'а азбука. Но ако во негоијот јазик се имаат гласои који се немаат во јазикот, от. кој шчо се позајмуат азбуката, тогај позајмуачот на туг'ата азбука ке напраит некои изменејн'а и дополнејн'а во неја, со који ке бидит означена разликата во гласоите мег'у двата јазика. Таја позајмена и преработена азбука се предаат от колено на колено и со предајн'ето се́ се изменут и се дотеруат до својствата на јазикот на позајмуачите. Така постепено и неосетно се изработуваат азбуките у по некултурните народи од додир со по културни народи.

Но таква постепеност имат место, ако два саседни народи сет во не једнакви политични прилики, ке се речит, једнијот, т.е. по културнијот народ господаруат, а другијот, по некултурнијот народ јет заробен, или нај малу немат полна политична слободија. Но инак одат работите, ако двата народи имаат своји државии. Во такав случај позајмуајн'ата, особено културните, биваат по сознател'но и по скоро. Така рисјанството и писменоста кај нас македонците се имат зафатено нај рано от сите словенцки народи. Они се распространуаваа со векои и идеа одоздолу на горе. За тоа во историјата нишчо не се зборуат за покрстуајн'ето на нашијот народ. Но со покрстуајн'ето секој пат имат идено и писменоста. Со замолчуајн'ето на нашето покрстуајн'е се замолчуат и процесот на образуајн'ето на нашата писменост.

И така нашето дуовно препородуајн'е и просветејн'ето кај нас, па и изработуајн'ето на нашата писменост, заради географцките и историјцки прилики, имаат земено во првата ил'адогодишнина по Р. Хр. инаков ход, а у друзите праославни словени инаков. Кај нас то се извршуат постепено и незабележено, кај ниф брзо и со извесна тендеција.

От турцкото завојуајн'е на Балканцкијот полуостров стана једна премена. Турцкото господство ни пресече сите врски со нашата старина. Нај тешко се отрази оно на Македонија, као централна провинција, па затоа во тоа време, кога у друзите праославни словени постепено се изработуаше писменијот јазик и праописот, није се поеке се обезличаафме и готоо сосем се откажафме од нашијот јазик, као орган на литературна реча. Од време на време во течејн'е на цел XlX век није имаме опитуачки да се пишит на македонцки, но зарди некоји историјцки причини тије опитуачки не се овенчаа со успеф, каков би можело да се очекуат од ниф.

Литературните опитуачки на македонцките писачи во XIX век немаа за жалост таков значај, да задобијат последуачи, затоа, ако и сега во XX в. видиме некоји опитуачки да се пишит на македонцки, то тоа се не праит сознател'но и од некакви патриотични влечејн'а и цели, а само за забаа. Во тоа се состоит разликата во

нашето, т. е. македонцкото дуовно-национално возродуајн’е, от тоа на друзите праославни словенцки народи, со друзи зборои: као шчо по напред није постепено и први се просветуафме со рисјанство и со писмо, а друзите словени - после нас и на брзо, така пак сега, во тоа време, кога сите праославни словени постепено си изработија своји литературни јазици, своји богати литератури и постепено изработени праописи, није остааме назад от сите, туку речи, без литературни традицији, не зато, шчо и немаме, а зашчо забораамe својето, изучаајки туг’ето.

Није сега со брзина ке требит да разработиме нашијот литературен јазик, да установиме нашијот праопис и да создадиме једна наша литература, која ке одгоарат на сите наши нужди. Со нашето сегашно национално возродуајн’е није се протиостааме на друзите праославни словени, као шчо се протиостаафме и напред: тогај бефме први во дуовното препородуајн’е, које кај нас беше бавно, а кај ниф скоро сега наопаку; тогај они нас сакаа да не достигнат и работеа со извесна тенденција и брзина, сега наопаку.

Во зависност от тоа, како се имат развијано једен народ и негоијот јазик и праописот можит да бидит различен. Ако једин народ само постепено си изработуат својето писмо и него го преработуат и при тоа во негоата историја се немаат таквија собитија, шчо ја преполоуваат и праат цела пропаст мег’у једната, т. е. старата и другата или ноата нејна полоина, - писменијот јазик и праописот содржаат во себе много таквија особини, који немаат реална вредност во гласоите на сегашното стајн’е на јазикот. Но, ако во историјата на културното развијајн’е на једен народ се имаат два периода, мег’у која се имат једен, као треки, но кој шчо јет период од застој и јет као непрелазна стена мег’у ниф, - тогај; во новијот период на развијајн’ето на националното самосознајн’е имаме препородуајн’е на народнијот дух, које стаат вистина на стара осноа, но во него влизаат много нои начела, согласно со дуот на времето и со специалните потреби на народнијот жиот и негоите projауајн’а. Тоа препородуајн’е се одбележуат и во книжнијот јазик и праописот: како једнијот, така и другијот сет горе долу слободни од некоји традицији,

који не сет согласни со современото стајн'е на разгоорнијот јазик.

И така историјата на културното развијајн'е на народите, согласно со нејнијот ход, содејствуат: или на чисто етимологијцки или историјцки праопис, или на бркан - етимологијцко - фонетичен или историјцко - фонетичен, или нај после на чисто фонетичен праопис. Трите вида от праопис зависат от по големата или по малата приврзаност кон старото или ноото стајн'е на један разгоорен или литературен јазик. Једејн'от от трите праописа се усвојуат за један литературен јазик у један народ, шчо се возродуат, главно во зависност от та тенденција, шчо господствуат при народното возродуајн'е.

Једно јет тако, то и нашијот праопис и праецот на нашијот литературен јазик ке требит да бидит во полна заисност от та тенденција, која ке не раководит нас при нашето национално возродуајн'е. Каква можит да бидит таја тенденција се видит от таја книга.. Но јас ке си дозвол'ам да повторам. Она јет: прво, Македонија да се неутралисат за Бугарија и Србија и да се оддалечит једнакво од двете државни и друго, она требит да се обједиnит на јазична основа. Тије принципи ке ракоодат изработуајн'ето на литературнијот наш јазик; они ке ракоодат и праописот.

На тије два принципа одгоарат: 1, Прилепцко - Битолцкото наречије за литературен јазик, као једнакво далеко и от србцкијот и бугарцкијот јазици, и централно во Македонија. 2, фонетичнијот праопис со употребените во таја книга писмени знакои и со мали отстапки на етимологијата и 3, речничнијот материјал да јет собрајн'е от сите македонцки наречија.

## БЕЛЕШКА ЗА ЈАЗИКОТ ВО КНИГАВА

Во книгава е запазен наполно јазикот на авторот, како што е печатена прв пат. Затоа во неа к'е се најдат некои колебанија и недоследности во термини и правопис. Така на пример, има: нестреки – нестрек'и, нестрекја – нестрек'а, прочетени - прочитани, нарушаат - нарушаваат, вистина - истина, пагубна - погубна, равнодушно - рамнодушно, зависеа - заисеа, можиме - можеме, безсмислени - бессмислени, стреден - среден, дали - да ли, от колку - отколку, суседни - соседни - саседни, религјозни - религијозни - религиозни, офицјални - официјални - официални, Балканцки - балканцки, врдзани - врзани итн. Исправени се само некои груби очигледни печатни грешки.

Предлогот **од** е пишан со две форми: **от** и **од**. Формата **од** е употребена пред зборови што почнуат со звучна согласка, со самогласка и обично пред н, л, м. Формата **от**, пак, е употребена пред зборови што почнуат со безвучна согласка.

По технички причини знакот ĭ насекаде е заменен со ј.

———